СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 23 март 1990

БЕЛГРАД

БРОЈ 17 ГОД. XLVI

Цена на овој број е 10 динари. – Претплатата за 1990 година изнесува 440 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756; Телефакс 651-482

301.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ – ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА И СЛУЖБИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ИНСПЕКЦИИ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН КАРАВАНКИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1989 ДО 1991 ГОДИНА

Се прогласува Законот за Програмата за изградба на објекти за потребите на сојузните органи – царинската служба и службите на сојузните инспекции на граничниот премин Караванки во периодот од 1989 до 1991 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 16 март 1990 година.

П бр. 1165
16 март 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Јанез Дрновшек**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ – ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА И СЛУЖБИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ИНСПЕКЦИИ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН КАРАВАНКИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1989 ДО 1991 ГОДИНА

Член 1

Со овој закон се утврдува Програмата за изградба на објекти за потребите на сојузните органи – царинската служба и службите на сојузните инспекции на граничниот премин Караванки во периодот од 1989 до 1991 година (во натамошниот текст: Програмата), која е составен дел на овој закон.

Член 2

Програмата опфаќа:

А) изградба на објекти, односно на дел од објекти:

1) за југословенските царински органи на локацијата Хрушица:

- граничен контролен објект;
- кабини за патнички возила и автобуси;
- кабини и рампи за стоковен промет;
- натстрешник за преглед на патнички возила и автобуси;
- натстрешник за преглед на товарни возила;
- енергетски објект;
- засолниште;
- натстрешник над паркингот за службени возила;

2) за австриските контролни органи на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на локацијата Хрушица;

- граничен контролен објект;
- кабини и рампи за стоковен промет;
- кабини за патнички промет;
- контролна кабина;
- контролна хала;
- натстрешник за патнички возила и автобуси;
- натстрешник за товарни возила;
- натстрешник над паркингот за службени возила;

3) за царинската испостава со деловниот простор за сојузните инспекциски служби на шпедитерско-царинското плато Плавшки Травник:

- натстрешник над просторот со рампа и технолошка опрема за контрола на товарни возила;
- дел од засолништето;

Б) изградба на дел од објектите за нискоградба на локацијата Хрушица и Плавшки Травник:

- земјиште (откуп, уредување и опремување);
- функционални земјишта;
- платоа (сообраќајници, паркинзи и зелени површини);

В) изградба на инфраструктура на локацијата Хрушица и Плавшки Травник;

- дел од примарната инфраструктура – довод до платото и енергетските потстаници (електрична струја, топловод, водовод, ПТТ и одвод на канализацијата);
- секундарна инфраструктура (врска со објектите);

Г) изградба и купување на станови за потребите на работниците на сојузните органи.

Член 3

Средствата за извршување на Програмата се обезбедуваат со сојузен закон.

Член 4

Права и обврски на инвеститор за извршување на Програмата има Сојузната управа за царини.

Член 5

Сојузната управа за царини може дел од своите права и обврски на инвеститор за извршување на Програмата да ги пренесе врз друго општествено правно лице.

Со договорот за пренос на правата и обврските на инвеститор ќе се утврдат односите, правата и обврските, и тоа:

- вршењето на инвестиционен надзор над изградбата на објектите од Програмата;
- начинот на пресметување и плаќање на извршените работи;
- поднесување на извештаи за извршените работи (редовни, вонредни и кончени) и роковите за поднесување на извештаи.

Член 6

Сојузната управа за царини е должна секоја година да поднесе до Собранието на СФРЈ до 31 март тековната година за претходната година извештај за извршувањето на работите и за потрошокот на средствата за извршување на Програмата.

По извршувањето на Програмата во целост, Сојузната управа за царини е должна да му поднесе извештај на Собранието на СФРЈ.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

ПРОГРАМА

ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ – ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА И СЛУЖБИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ИНСПЕКЦИИ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН КАРАВАНКИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1989 ДО 1991 ГОДИНА

Програмата за изградбата на објекти за потребите на сојузните органи – царинската служба и службите на сојузните инспекции на граничниот премин Караванки во периодот од 1989 до 1991 година (во натамошниот текст: Програмата) опфаќа:

1) изградба на објекти за југословенските и австриските гранични контролни органи на југословенската страна од граничниот премин на локацијата Хрушица, со припаѓачката инфраструктура (примарна и секундарна), со телекомуникации, со сметачка опрема и вградена опрема во објектите;

2) изградба на царински испостави и натстрешници на шпедитерско-царинското плато Плавшки Травник, со припаѓачката инфраструкрура (примарна и секундарна) и со опрема вградена во објектите;

3) уредување на платото Хрушица (нискоградба) – дел што сразмерно им припаѓа на објектите на сојузните органи;

4) изградба на станови за потребите на работниците на сојузните органи.

I. ОБЈЕКТИ НА ГРАНИЧНОТО ПЛАТО ХРУШИЦА

Реден број	НАЗИВ	Ознака	Површини		Пресметковна вредност на 31 декември 1988 година		
			Вкупно m²	За сојузните органи m²	Вкупно во динари	Од тоа за сојузн органи во %	Државата СФРЈ во динари
1	2	3	4	5	6	7	8
	А. ОБЈЕКТИ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ГРАНИЧНИ ОРГАНИ						
1.	Контролен објект	Е-1	1.000,90	563,90	381.581,50	55,63	212.273,80
2.	Натстрешник	Е-2	4.523,70	2.261,85	828.998,20	50,00	411.499,10
3.	Натстрешник над паркингот за патнички возила	Е-3	278,00	139,00	38.006,20	50,00	19.003,10
4.	Кабини на патничкиот премин	Е-4а	46,40	23,20	82.324,60	50,00	41.162,30
5.	Растоварна рампа на товарниот премин	Е-7а	152,60	76,30	13.083,40	50,00	6.541,70
6.	Засолниште	Е-1	127,20	24,20	34.403,70	19,00	6.536,70
	Вкупно				1.378.397,60		697.016,70
	Б. ОБЈЕКТИ ЗА АВСТРИСКИТЕ ГРАНИЧНИ ОРГАНИ						
7.	Контролен објект	Ц-1	1.827,90	1.023,62	566.375,10	54,39	308.051,40
8.	Натстрешник	Ц-2	6.733,69	3.366,84	1,127.201,60	50,00	563.600,80
9.	Натстрешник на паркингот за службени возила	Ц-3	164,00	82,00	46.925,20	50,00	23.462,60
10.	Кабини на патничкиот премин (4 кабини)	Ц-4	27,00	13,50		50,00	
11.	Кабини на товарниот премин	Ц-4	9,20	4,60		50,00	
		Ц-4ц	41,90	20,95		50,00	
	Вкупно				82.258,20		41.129,10
12.	Растоварна рампа	Ц-7а	257,10	128,55		50,00	
13.		Ц-7а	543,50	271,75			
	Вкупно 12+13				73.443,80	50,00	36.721,90
14.	Контролна кабина		13,15	6,60	20.689,20	50,00	10.344,60
15.	Контролна хала		645,23	322,60	189.228,60	50,00	94.614,30
	Вкупно:				2.106.121,70		1,077.924,70
	В. ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТ	Х-1	428,20	98,10	349.748,50	22,92	72.146,00
	Г. ФУНКЦИОНАЛНО ЗЕМЈИШТЕ – ОБЈЕКТИ НА ВИСОКОГРАДБА, ОТКУП, ПОДГОТОВКА И ДР.			4.707,18			48.329,00
	Д. ПРИМАРНА ИНФРАСТРУКТУРА (ПРИДОНЕС)						
	– топловод				113.217,60	28,40	32.153,80
	– водовод				100.553,60	28,60	28.758,10
	– фекална канализација				235.574,80	28,60	67.374,40
	– атмосферска канализација				168.923,70	27,80	46 960,80
	– ПТТ-врски				304.583,30	28,80	105 000,00
	Вкупно:				982.853,00	280 247,10	
	Ѓ. СЕКУНДАРНА ИНФРАСТРУКТУРАТУРА						
	– колектор				273.254,20	20,10	54 924,10
	– фекална канализација				75.768,30	27,10	20 533,20
	– атмосферска (покривна вода)				4.172,40	38,33	1 599,30
	– водовод				10 232,90	28,60	2 926,60
	– топловод				28.845,10	28,40	8 192,00
	– довод на свеж воздух	Е-1			31.976,10	28,40	5 115,90
		Ц-1			42.192,00	46,00	19 408,40
	Вкупно:				466.441,00		112 699,50

1	2	3	4	5	6	7	8
	Е. ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ВРСКИ ПЛАТО ХРУШИЦА--ПОДРОШЦА (АВСТРИСКА СТРАНА)						
	- контролен објект	Е-1			40.137,50	52,00	20.871,50
	- контролен објект	Ц-1			91.934,40	50,00	45.967,20
	- телефонска централа	А			15.386,00	50,00	7.693,00
	- телефонска централа	Yu			19.779,00	60,00	11.867,40
	- оптички кабел				19.815,00	60,00	11.889,00
	Вкупно:				187.051,90		98.288,10
	Ж. СМЕТАЧКА ОПРЕМА (ВРСКА ХРУШИЦА-ПОДРОШЦА)						
	- кабли						1.680,00
	- сметачка опрема – терминали						90.000,00
	- царина и други увозни давачки и даноци						45.000,00
	Вкупно:						136.680,00
	З. ТВ КОНТРОЛА 30% за потребите на царинската служба				60.000,00		20.000,00
	Вкупно:						20.000,00
	S. ОПРЕМА						
	а) за вградување на опрема:						
	- контролен објект	Е-1 (Yu)					43.640,00
	- контролен објект	Ц-1 (А)					75 200,00
	- контролна хала	Б-2 (А)					167.000,00
	Вкупно:						285.840,00
	б) Подвижна опрема:						
	- контролен објект	Е-1					31.623,70
	- контролен објект во Подрошца						107.805,30
	- контролна хала во Подрошца						5.685,40
	- енергетски објект						3.584,40
	- засолниште						661,20
	Вкупно:						149.360,00
	Вкупно а+б						435.200,00
	РЕКАПИТУЛАЦИЈА						
	А. ОБЈЕКТИ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ГРАНИЧНА КОНТРОЛА						697.016,70
	Б. ОБЈЕКТИ ЗА АВСТРИСКАТА ГРАНИЧНА КОНТРОЛА						1,077.924,70
	В. ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТ						72.146,00
	Г. ЗЕМЈИШТЕ						48.329,00
	Д. ПРИМАРНА ИНФРАСТРУКТУРА						280 247,10
	Ѓ. СЕКУНДАРНА ИНФРАСТРУКТУРА						112.699,50
	Е. ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ						98.288,10
	Ж. СМЕТАЧКА ОПРЕМА						136.680,00
	З. ТВ КОНТРОЛА I						20.000,00
	С. ВГРАДЕНА ОПРЕМА						435 200,00
	ВКУПНО (од А до И)						2,978.531,10

II. ОБЈЕКТИ НА ШПЕДИТЕРСКО-ЦАРИНСКОТО ПЛАТО ПЛАВШКИ ТРАВНИК

Реден број	НАЗИВ	Површина m²	Претсметковна вредност на 31 декември 1988 година		
			Вкупно во дин.	Од тоа за сојузните органи во %	Државата СФРЈ, во динари
1	2	3	4	5	6
	А ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ				
	царинска испостава	1.005,12			274.688,10
	натстрешник	1.428,00			113.374,40
	Вкупно:				388.062,50

1	2	3	4	5	6
	Б. ЗЕМЈИШТЕ				
	– функционално земјиште	4.210,00			24.555,00
	В. ПРИМАРНА ИНФРАСТРУКТУРА				
	– топловод		17.258,70	48,00	8.284,20
	– водовод		10.624,10	48,00	5.099,60
	– фекална канализација		68.519,20	48,00	32.889,20
	– електрични водови		22.127,60	48,00	10.621,30
	– ПТТ врски		17.500,00	20,00	3.500,00
	– придонес за пристапните патишта		–	–	102.344,30
	Вкупно:		136.029,60		162.738,60
	Г. СЕКУНДАРНА ИНФРАСТРУКТУРА				50.125,50
	(топловод, водовод, фекална канализација, електрични водови и ПТТ врски)				
	Д. ОПРЕМА				
	– неподвижна		–	–	75 000,00
	– подвижна		–	–	50.640,00
	Вкупно:				125.640,00
	Ф. РЕКАПИТУЛАЦИЈА				
	градежни објекти				388.062,50
	земјиште				24 555,00
	примарна инфраструктура				162.738,60
	секундарна инфраструктура				50 125,50
	опрема				125.640,00
	Вкупно:				751.121,60

III. НИСКОГРАДБА (УРЕДУВАЊЕ НА ПЛАТОТО ХРУШИЦА)

Реден број	НАЗИВ	Површина m²	Претсметковна вредност на 31 декември 1988 година: Вкупно во динари	Од тоа за сојузните органи во %	Државата СФРЈ, во динари
1	2	3	4	5	6
1.	УРЕДУВАЊЕ НА ПЛАТОТО	13.638,00	1,275.600,00	25,00	318.915,00
2.	ПРИСТАПНИ ПАТИШТА	1.664,00	320.338,80	19,71	63.138,80
3.	СИГНАЛИЗАЦИЈА		914.542,50	19,71	180 256,30
4.	ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ		257.610,50	19,71	50 775,00
5.	ХИДРАНТНА МРЕЖА		57.987,20	19,71	11 429,30
6.	КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА АТМОСФЕРСКА ВОДА		53 423,70	19,71	10 529,80
7.	ЗАШТИТНА ОГРАДА		36.179,90	19,71	7 131,10
8.	ХОРТИКУЛТУРА		19.440,20	19,71	3 831,70
	ВКУПНО:				646 007,00

IV. СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

Реден број	НАЗИВ	Површина m²	Вкупно во дин.	Од тоа за сојузните органи во %	Државата СФРЈ, во динари
1	2	3	4	5	6
	40 станови	2.080,00			665.764,00

РЕКАПИТУЛАЦИЈА

– во динари

А.	ОБЈЕКТИ НА ГРАНИЧНОТО ПЛАТО ХРУШИЦА	2,978 531,10
II.	ОБЈЕКТИ НА ШПЕДИТЕРСКО-ЦАРИНСКОТО ПЛАТО ПЛАВШКИ ТРАВНИК	751.121,60
III.	НИСКОГРАДБА (УРЕДУВАЊЕ НА ПЛАТОТО ХРУШИЦА)	646 007,00
IV.	ТРОШОЦИ ЗА ИНЖЕНЕРИНГ (13% основица 3,595 994,00)	107.879,80
V.	ТРОШОЦИ НА ИНВЕСТИТОРОТ (7% основица 3,595.994,00)	251.719,60
VI.	СТАНБЕНА ИЗГРАДБА	665.764,00
	ВКУПНО:	5,401.023,10

302.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРИТЕ ЗА ПРЕВОЗ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај, што усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 16 март 1990 година.

П бр. 1166
16 март 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Јанез Дрновшек**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРИТЕ ЗА ПРЕВОЗ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74) во член 5 точка 8, точката се заменува со точка и запирка и се додаваат нови точ. 9 до 11, кои гласат:

„9) меѓународен железнички сообраќај е превозот на патници и предмети со железница од странство во СФРЈ односно од СФРЈ во странство и превозот на патници и предмети преку територијата на СФРЈ;

10) багаж се предметите што патникот има право да ги носи со себе врз основа на договорот за превоз на багаж;

11) рачен багаж се предметите што можат да се внесат во патничка кола и да се сместат на определено место и кои патникот сам ги чува.".

Член 2

Во член 9 став 1 зборовите: „станицата нема патничка благајна" се заменуваат со зборовите: „во местото во кое почнува патувањето нема патничка благајна".

Член 3

Во член 16 ставот 1 се менува и гласи:

„Превозувачот одговара за штетата настаната поради смрт, рануање или друга телесна или душевна повреда на патникот предизвикана со несреќа или незгода во текот на превозот со железница односно додека патникот се наоѓал во колата или додека влегувал или излегувал од колата, како и за штетата настаната поради задоцнување или прекинување на патувањето.".

Член 4

Членот 17 се брише.

Член 5

Членот 18 се менува и гласи:

„Превозувачот целосно или делумно се ослободува од одговорноста од член 16 став 1 на овој закон:

1) ако несреќата или незгодата се предизвикани со околности надвор од превозот кои превозувачот, и покрај потребното настојување, имајќи ја предвид особеноста на случајот, не можел да ги избегне, ниту да ги отстрани нивните последици;

2) ако несреќата или незгодата настанале по вина на патникот или со однесување кое не е во согласност со нормалното однесување на патникот;

3) ако несреќата или незгодата настанале по вина на трето лице кои превозувачот, и покрај потребното настојување, имајќи ги предвид особеностите на случајот, неможел да ги избегне, ниту да ги отстрани нивните последици.".

Член 6

Членот 21 се менува и гласи:

„За штетата настаната поради смрт на патникот превозувачот одговара до износ од 5.000 динари по патник.

За штетата настаната поради рануање или друга телесна или душевна повреда на патникот превозувачот одговара до износот од 15.000 динари по патник.

За штетата настаната поради задоцнување односно прекинување на патувањето превозувачот одговара до износот на двојната превознина.

Превозувачот се ослободува од одговорностите од ст. 1 до 3 на овој член ако докаже дека штетата не ја предизвикал намерно или со крајно невнимание.".

Член 7

Членот 22 се менува и гласи:

„Барањето за надомест на штетата настаната поради смрт, рануање или друга телесна или душевна повреда на патникот мора да му се поднесе на превозувачот во рок од три месеци од денот на узнавањето за штетата.

Барањето за надомест на штетата настаната поради задоцнување односно прекинување на патувањето мора да му се поднесе на превозувачот во рок од 15 дена од денот кога патувањето е завршено односно кога требало да биде завршено.

Ако барањето за надомест на штетата не се поднесе во рокот од ст. 1 и 2 на овој член, превозувачот не е одговорен за настанатата штета.".

Член 8

Членот 26 се менува и гласи:

„Превозувачот одговара за штетата настаната поради целосна или делумна загуба или оштетување на рачниот багаж ако патникот докаже дека штетата настанала по вина на превозувачот.

Превозувачот одговара за штетата од став 1 на овој член ако загубата или оштетувањето на рачниот багаж настанало под условите под кои дошло до смрт, рануање или друга телесна или душевна повреда на патникот.

Превозувачот се ослободува од одговорноста од ст. 1 и 2 на овој член во случаите од член 18 на овој закон.".

Член 9

Во член 27 став 1 зборовите: „надмине 2000" се заменуваат со зборовите: „биде поголем од 150".

Член 10

Членот 34 се менува и гласи:

„Товарниот лист мора, особено, да содржи:

1) место и датум на составувањето;

2) назив на упатната станица, според именикот на железничките станици;

3) име и презиме на примачот или назив на примачот и негова адреса;

4) вид и маса на предметот;

5) број на коли, а за колите на корисникот на превозот - и тарата на пратките што ги товари испраќачот;

6) име и презиме или назив на испраќачот, негова адреса и потпис кој може да биде заменет со своерачен потпис и печат;

7) жиг на испратната станица;

8) превозни и други трошоци;

9) список на исправите што се прилагаат кон товарниот лист.

Товарниот лист може да го содржи рокот на испораката и други податоци во врска со превозот.".

Член 11

Во називот на поглавјето 5 зборот: „тежината" се заменува со зборот: „масата".

Член 12

Во член 41 став 2 и член 42 ст. 1 и 2 зборот: „тежината" се заменува со зборот: „масата".

Член 13

Во член 43 ставот 1 се менува и гласи:

„Превезувачот е должен утврдената маса и бројот на парчињата на пратката да ги запише во товарниот лист и да ги завери.".

Во став 2 зборот: „тежината" се заменува на двете места со зборот: „масата" и се додава реченицата, која гласи: „Тие наводи во товарниот лист можат, по потреба, да се докажуваат и на друг начин.".

По став 2 се додава став 3, кој гласи:

„Ако се утврди дека фактичкиот кусок во масата или во бројот на парчиња не одговара на наводите од товарниот лист, тие наводи не можат да служат како доказ против превезувачот, а особено ако колата му е предадена на примачот со исправни оригинални пломби.".

Член 14

Во член 44 ст. 1 и 2 зборот: „тежината" се заменува со зборот: „масата".

Член 15

Во член 57 став 4 точка 3 зборовите: „по телефон - по завршениот разговор" се заменуваат со зборовите: „по телефон или со телекс - по завршениот разговор односно по предавањето на телексот".

Член 16

Во член 62 став 4 зборовите: „превознината што му е вратена" се заменуваат со зборовите: „трошоците кои, евентуално, биле опфатени со таа отштета".

Член 17

Во член 65 став 2 зборот: „пречекорувањето" се заменува со зборовите: „штетата настаната поради пречекорување".

Член 18

Во член 66 зборовите: „за загубување или оштетување на предметот и за пречекорување на рокот на испораката" се заменуваат со зборовите: „за штетата настаната поради загубување или оштетување на предметот, како и за штетата настаната поради пречекорување на рокот на испораката".

Член 19

Во член 70 ставот 1 се менува и гласи:

„Кога е во прашање предмет кој поради својата природа редовно губи во масата при превозот, превезувачот одговара само за оној дел на загубата кој, без оглед на должината на поминатиот пат, ги надминува следните граници на загубата:

1) 2% од масата - за течност или предмети предадени на превоз во влажна состојба, како и за следните предмети:

- четина свињска;
- дрво за бојосување, стругано или мелено;
- дрво слатко (богородично растение);
- тутун во лист, свеж;
- тутун сечен;
- хмељ;
- коњска длака;
- корени;
- кори;
- коски, цели и мелени;
- кожа преработена;
- кожа сурова;
- крзно;
- лепило свежо;
- масти;
- отпадоци од кожа;
- печурки свежи;
- зеленчук свеж;
- риби сушени;
- рогови и чапунки;
- сапун и цврсти масла;
- сол;
- тресет;
- јаглен и кокс;
- овошје, свежо или сушено;
- волна;
- животински жили;

2) 1% од масата - за сите други предмети".

Член 20

Во член 71 став 3 бројот: „200" се заменува со бројот: „15", а зборот: „тежина" се заменува со зборот: „маса".

Член 21

Во член 72 ставот 1 се брише.

Во досегашниот став 2, кој станува став 1, по зборовите: „претрпел штета" се додаваат зборовите: „вклучувајќи и оштетување", а зборот: „двоен" се заменува со зборот: „троен".

Досегашните ст. 4, 5 и 6, кои стануваат ст. 3, 4 и 5, се менуваат и гласат:

„Во случај на делумно загубување на предметот, отштетата предвидена во став 1 на овој член не може да биде поголема од тројниот износ на превознината за делот на пратката што не е изгубен.

Во случај на оштетување на предметот кое не настанало поради пречекорување на рокот на испораката, отштетата предвидена во став 1 на овој член се плаќа, зависно од случајот, и покрај платената отштета од член 71 на овој закон.

Вкупната отштета предвидена во став 1 на овој член, заедно со оштетата од член 71 на овој закон, не може да биде поголема од износот на отштетата што требало да се плати во случај на целосно загубување на предметот.".

Член 22

Во член 80 точка 2 зборовите: „оштетување на здравјето и поради повреда на патникот - за две години" се заменуваат со зборовите: „рануање или друга телесна или душевна повреда на патникот - за три години".

Член 23

Во член 81 точка 2 зборовите: „оштетување на здравјето и повреда на патникот" се заменуваат со зборовите: „рануање или друга телесна или душевна повреда на патникот".

Член 24

Во член 83 по зборовите: „паричните износи" се додаваат зборовите: „од чл. 21, 27 и 71 на овој закон", а по зборот: „превезувачот" се додаваат запирка и зборовите: „сразмерно на промената на паритетот на динарот".

Член 25

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

303.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПКАТА НА УПИС ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за постапката на упис во судскиот регистар, што

го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 16 март 1990 година.

П. бр. 1167
16 март 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Јанез Дрновшек**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА УПИС ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Член 1

Во Законот за постапката за упис во судскиот регистар („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/83) во член 1 зборот: „постапката" се заменува со зборовите: „вонпроцесната постапка", зборовите: „судот, определен со републички односно со покраински закон" се заменуваат со зборовите: „надлежниот редовен суд", а зборовите: „на организациите на здружен труд и на други определени субјекти" се бришат.

Член 2

Член 2 се менува и гласи:

„Во судскиот регистар се запишуваат правните лица чијшто упис е определен со закон (во натамошниот текст: субјекти на уписот).

Во судскиот регистар се запишуваат и делови на субјектот на уписот, во случаите определени со закон.".

Член 3

Во член 3 по став 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Уписот во судскиот регистар има правно дејство спрема трети лица од денот на уписот.

Тој што во правниот промет, постапувајќи совесно, има верба во податоците запишани во судскиот регистар, не ги поднесува штетните правни последици што ќе настанат од тоа.".

Досегашниот став 3 станува став 5.

Член 4

Во член 8 зборовите: „советот составен од двајца судии, од кои едниот е претседател на советот и од еден судија-поротник, односно" се бришат.

Член 5

Во член 15 став 2 се менува и гласи:

„Предлагач, во смисла на овој закон, е лицето по чијшто предлог се поведува постапката, а противник на предлагачот е субјектот на уписот спрема кого се остварува барањето истакнато во предлогот.".

Член 6

Член 17 се менува и гласи:

„Во постапката за упис во судскиот регистар, врз прашањата што не се уредени со овој закон, сообразно се применуваат одредбите на Законот за процесната постапка.".

Член 7

Во член 18 став 2 се менува и гласи:

„По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, за упис на организирањето на нови субјекти на уписот настанати со статусна промена (спојување или поделба) е надлежен регистарскиот суд кај кого е запишан субјектот на уписот во кој се вршат статусните промени, додека за постапката за основање на сложена форма на здружување односно организирање е надлежен судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на таа сложена форма.".

Член 8

Во член 19 став 2 зборовите: „односно евидентирањето на деловната единица" се заменуваат со зборовите: „на дел на субјектот на уписот", а зборот: „таа" се брише.

Член 9

Во член 21 став 1 зборовите: „и конституиран" се бришат.

Член 10

Во член 22 став 1 зборот: „конституирањето" се заменува со зборот: „здружувањето".

Член 11

Член 23 се менува и гласи:

„Во зависност од предметот на уписот, податоци значајни за правниот промет што се запишуваат во судскиот регистар се:

1) фирмата односно називот и седиштето на субјектот на уписот, како и на неговите делови;

2) називот и седиштето на основачот;

3) дејноста односно работите на субјектот на уписот;

4) работите на надворешнотрговскиот промет на субјектот на уписот;

5) овластувањата, видот и обемот на одговорноста на субјектот на уписот во правниот промет со трети лица и видот и обемот на одговорноста на субјектот на уписот за обврските на другиот субјект во кој е здружен;

6) имињата на лицата овластени за застапување и границите на нивните овластувања;

7) имињата на лицата овластени за застапување во работи на надворешнотрговскиот промет и границите на нивните овластувања;

8) називот и местото на работењето на деловите на субјектот на уписот што се запишуваат во судскиот регистар;

9) фирмата и седиштето на здружените субјекти на уписот во некоја од сложените форми на здружување;

10) бројот и датумот на актот за основање, здружување или организирање, како и бројот и датумот на актот за издвојување на субјектот на упсиот, ако тоа е предвидено со закон.

Во судскиот регистар се запишуваат и податоци за другите факти определени со закон.".

Член 12

Во член 25 став 1 зборовите: „за определен вид упис" се бришат.

Член 13

Член 29 се менува и гласи:

„Пријава за упис во судскиот регистар се поднесува во рок од 15 дена од денот кога се стекнале условите за упис на: основање, организирање, здружување или престанок на субјектот на уписот; статусни и други промени на субјектите на уписот; податоци за субјектите на уписот што се значајни за правниот промет и други факти определени со закон.".

Член 14

Во член 30 по зборот: „поради" се додаваат зборовите: „статусни промени и", а зборовите: „и конституирањето" се бришат.

Член 15

Во член 34 точка 2 зборовите: „самоуправните општи" се заменуваат со зборот: „општите".

Член 16

Во член 39 став 2 зборовите: „на здружениот труд" и зборовите: „општествениот правобранител на самоуправувањето а, по потреба, и друг" се бришат, а пред зборот: „орган" се додава зборот: „надлежниот".

Член 17

Во член 40 став 1 зборовите: „на здружениот труд" се бришат.

Во ст. 2 и 3 бројот: „40" се заменува со бројот. „39".

Член 18

Во член 42 зборот: „самоуправниот" и зборовите: „надлежниот општествен правобранител на самоуправувањето" се бришат, зборот: „општ" станува: „општиот", а зборовите: „може и самиот да даде иницијатива до уставниот суд за поведување постапка пред тој суд" се заменуваат со зборовите: „може и да поведе постапка пред уставниот суд".

Член 19

Чл. 50 до 52 и чл. 54 до 57 се бришат и се додава нов член 53а, кој гласи:

„Член 53а

Ако во составот на субјектот на уписот има делови од субјектот на уписот чие седиште е на територијата на друг суд, регистарскиот суд му доставува на тој суд примерок на пријавата со препис на решението за уписот и со заверени преписи на актите што се однесуваат на уписот на делот од субјектот на уписот.

Врз основа на решението на регистарскиот суд, судот на чија територија е седиштето на делот од субјектот на уписот ќе изврши упис на делот од субјектот на уписот.

Ако судот на чија територија е седиштето на делот од субјектот на уписот утврди дека за уписот постојат определени пречки или смета дека решението на регистарскиот суд за уписот не е во согласност со законот, за тоа го известува регистарскиот суд и запира со уписот до приемот на известување од регистарскиот суд.

Ако регистарскиот суд не ги прифати причините од став 3 на овој член, го известува судот на чије територија е седиштето на делот од субјектот на уписот кој е должен да изврши упис на делот од субјектот на уписот.".

Член 20

Во член 58 став 1 зборовите: „односно општествениот правобранител на самоуправувањето" се заменуваат со зборовите: „или друг надлежен орган", а зборовите: „сменувањето на лицето овластено за застапување" се бришат.

Во став 3 зборовите: „самоуправниот општ акт" се заменуваат со зборовите: „општиот акт".

Член 21

Во член 59 став 2 бројот: „59" се заменува со бројот: „58", а зборовите: „самоуправниот општ акт" се заменуваат со зборовите: „општиот акт".

Во став 3 зборовите: „и општествениот правобранител на самоуправувањето" се бришат.

Член 22

По член 71 се додава нов член 71а, кој гласи:

„Член 71а

Ако уписот е извршен врз основа на лажна исправа, ако во исправата врз основа на која е извршен упис се наведени неточни податоци, ако исправата е издадена во незаконито спроведена постапка, ако незаконито е спроведено дејствието за кое податоците се запишуваат во судскиот регистар или ако постојат други со закон предвидени причини, може со тужба за утврдување да се бара да се утврди дека уписот е ништовен.

Тужба може да поднесе лицето кое има правен интерес да се утврди ништовноста на уписот.

Тужба се поднесува во рок од 30 дена од денот кога подносителот на тужбата узнал за причините за ништовност, но не може да се поднесе по истекот на рокот од три години од денот на извршениот упис.".

Член 23

Во член 72 став 5 зборовите: „и до општествениот правобранител на самоуправувањето" се бришат.

Член 24

По член 73 се додаваат нови оддели 13, 14 и 15 и нови чл. 73а, 73б и 73в, кои гласат:

„13. Правни последици од пропуштањето на рокот за доставување на исправа

Член 73а

Ако субјектот на уписот, по уписот на основањето во судскиот регистар, не му достави на регистарскиот суд статут, и докази за изборот на органот на управување и за именувањето на работоводниот орган, судот е должен на тој субјект да му определи дополнителен рок за нивно доставување.

Ако спрема субјектот на уписот е изречена казна за стопански престап поради недоставување на исправа од став 1 на овој член, регистарскиот суд е овластен да донесе решение за забрана на вршењето на дејноста односно на работите за тој субјект. Забраната на дејноста престанува кога субјектот на уписот ќе ги достави исправите.

14. Објавување на податоците за уписот во судскиот регистар

Член 73б

Податоците запишани во судскиот регистар што се однесуваат на субјектите на уписот што вршат стопанска дејност се објавуваат во „Службен лист на СФРЈ", а податоците запишани во судскиот регистар, што се однесуваат на субјектите на уписот што вршат општествена дејност, се објавуваат во службеното гласило определено со закон.

15. Донесување на поблиски прописи за судскиот регистар

Член 73в

Сојузниот извршен совет донесува поблиски прописи за содржината на пријавата за упис во судскиот регистар, за исправите и доказите што се приложуваат кон пријавата и за објавувањето на уписот.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на правосудството ги пропишува начинот на уписот во судскиот регистар, содржината на збирката на исправите, помошните книги што се водат кон регистарот, формата и содржината на обрасците за упис во судскиот регистар, обвивката на регистарската влошка со регистарските листови и книгите на контролникот на броевите на регистарските влошки.".

Член 25

По член 73в се додава нов дел и нов член 73г, кои гласат:

„Дел трети
Казнени одредби

Член 73г

Со парична казна од 4.500 до 45.000 динари ќе се казни за стопански престап субјектот на уписот ако не достави статут, доказ за изборот на органот на управување и доказ за именувањето на работоводниот орган во рокот што регистарскиот суд дополнително му го определи (член 73а став 1).".

За дејствијата од став 1 на овој член за стопански престап ќе се казни и одговорното лице на субјектот на уписот со парична казна во износ од 250 до 2.500 динари."

Досегашниот Дел трети станува Дел четврти.

Член 26

Одредбите на чл. 54 до 57 од овој закон ќе се применуваат на организациите на здружен труд што вршат општествена дејност, на задругите и организациите на кооперанти, додека нивниот статус не се уреди со посебен сојузен закон.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

304.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ НАЧИН НА УТВРДУВАЊЕ, ЕВИДЕНТИРАЊЕ И СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА РЕЗЕРВИТЕ НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ПОДЗЕМНИ ВОДИ И ЗА БИЛАНСОТ НА ТИЕ РЕЗЕРВИ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за единствениот начин на утврдување, евидентирање и собирање на податоци за резервите на минерални суровини и подземни води и за билансот на тие резерви, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 16 март 1990 година.

П бр. 1155
16 март 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Јанез Дрновшек**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ НАЧИН НА УТВРДУВАЊЕ, ЕВИДЕНТИРАЊЕ И СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА РЕЗЕРВИТЕ НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ПОДЗЕМНИ ВОДИ И ЗА БИЛАНСОТ НА ТИЕ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за единствениот начин на утврдување, евидентирање и собирање на податоци за резервите на минерални суровини и подземни води и за билансот на тие резерви („Службен лист на СФРЈ бр. 53/77 и 24/86) во член 3 став 1 зборовите: „Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници" се заменуваат со бзоровите: „Претпријатијата односно организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници", а зборовите: „(во натамошниот текст: организациите и заедниците)" се заменуваат со зборовите: „(во натамошниот текст: претпријатијата односно организациите и заедниците)".

Во став 2 зборовите: „Организациите и заедниците се должни" се заменуваат со зборовите: „Претпријатијата односно организациите и заедниците се должни", а зборот: „наоѓалиштата" се заменува на сите места со зборот: „лежиштата".

Претпријатијата односно организациите и заедниците од став 1 на овој член се должни податоците за резервите на минерални суровини и подземни води, што ќе ги утврдат во согласност со прописите донесени врз основа на овој закон, да ги достават до Сојузниот завод за статистика во роковите утврдени во чл. 9, 10 и 12а од овој закон.

Член 2

Во член 4 став 1 зборовите: „организациите и заедниците" се заменуваат со зборовите: „претпријатијата односно организациите и заедниците", а по зборовите: „автономната покраина" на крајот се додаваат запирка и зборовите: „со анализа на натуралните показатели".

Член 3

Во Поглавје II зборовите: „Класификација и категоризација" се заменуваат со зборовите: „Категоризација и класификација".

Член 4

Во член 5 ст. 2 и 3 зборот: „маси" се заменува со зборот: „резерви".

Член 5

Во член 6 став 1 се менува и гласи:

„Геолошките резерви на минерални суровини и подземни води се распоредуваат, според степенот на истраженоста во категории А, В, С1, С2, D1 и D2".

Во ст. 2 и 3 зборовите: „на резерви" се бришат, а зборот: „масите" се заменува со зборот: „резервите".

Во став 4 зборовите: „на резерви" се бришат, зборот: „масите" се заменува со зборот: „резервите", а зборовите: „делумно определување на контурите на масите" се заменуваат со зборовите: „определување на приближната контура на резервите".

Став 5 се менува и гласи:

„Резервите на минерални суровини и подземни води од категориите С2, D1 и D2 се потенцијални. Тие се распоредуваат во перспективни (С2), прогнозни (D1) и претпоставени (D2) резерви и не се распоредуваат во класи (билансни и вонбилансни).".

Член 6

Во член 7 став 1 зборот: „утврдените" се заменува со зборот: „геолошките", а зборовите: „класификација и категоризација" се заменуваат со зборовите: „категоризација и класификација".

Во став 2 зборовите: „класификација и категоризација" се заменуваат со зборовите: „категоризација и класификација", а зборовите: „квалитет на суровината" се заменуваат со зборовите: „квалитет на минералната суровина и подземната вода".

Член 7

Во член 8 став 1 зборовите: „Организациите и заедниците" се заменуваат со зборовите: „Претпријатијата односно организациите и заедниците", а по зборовите: „подземните води" се додава зборот: „во".

Во став 3 зборовите: „организациите и заедниците" се заменуваат со зборовите: „претпријатијата односно организациите и заедниците".

Во став 4 зборовите: „Организациите и заедниците се должни" се заменуваат со зборовите: „Претпријатијата односно организациите и заедниците се должни".

Член 8

Во член 9 став 1 зборовите: „Организациите и заедниците се должни" се заменуваат со зборовите: „Претпријатијата односно организациите и заедниците се должни", а во точ. 1 и 2 зборовите: „класификација и категоризација" се заменуваат со зборовите: „категоризација и класификација".

Член 9

Во член 12 зборот: „наоѓалиште" на сите места се заменува со зборот: „лежиште".

Во точка 3 по зборовите: „назив на" се додаваат зборовите: „претпријатието односно".

Член 10

Во член 12а ст. 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Претпријатијата односно организациите и заедниците се должни, заради следење на состојбата на резервите на минерални суровини во периодот меѓу изработката на два биланса, на надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, секоја година до 15 март, освен годината што ѝ претходи на годината на изработката на билансот од член 10 став 2 на овој закон, да му достават податоци за состојбата на резервите што се утврдуваат согласно со одредбите на член 9 став 1 од овој закон за нафта, кондензат и природни гасови, јаглен и минерални суровини за добивање уран, железо, бакар, олово, цинк, антимон, жива, алуминиум (црвен боксит), никел, кобалт, хром, магнезит и огноотпорни глини.

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, врз основа на податоците од став 1 на овој член, изработува извештај за состојбата на резервите на минерални суровини во републиката односно во автономната покраина, со анализа на промените на состојбата на резервите и на нивниот квалитет и го доставува до Сојузниот геолошки завод до 1 јули заради изработка на извештај за состојбата на вкупните резерви на минерални

суровини во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, со соодветна анализа.".

Член 11

Во член 13 ст. 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Податоците за квалитетот и количествата на билансните, вонбилансните и експлоатационите резерви, по категории од билансот на резервите на минерални суровини и подземни води во републиката односно во автономната покраина, од билансот на вкупните резерви на минерални суровини и подземни води во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, од извештајот за состојбата на резервите на минерални суровини во републиката односно во автономната покраина и извештајот за вкупната состојба на резервите на минерални суровини во Социјалистичка Федеративна Република Југославија се државна тајна за: нафта, природни гасови и минерални суровини за добивање уран, железо, бакар, олово, цинк, антимон, алуминиум (црвен боксит), никел, кобалт, хром, волфрам, молибден, калај, манган, жива, злато, флуор, магнезиум, азбест и барит.

Податоците од став 1 на овој член се службена тајна за: јаглен, маслени шкрилци, камена сол, кварцни суровини (компактни), фосфати, бел боксит, фелдспати, каолин, огноотпорна глина, графит, перлит и подземни води за пиење.

Во став 3 зборот: „наоѓалишта" се заменува со зборот: „лежишта".

Член 12

Во член 14 став 1 зборовите: „од 100 000 до 10,000.000" се заменуваат со зборовите: „од 1.500 до 450.000", зборовите: „организација или заедница" се заменуваат со зборовите: „претпријатие односно организација или заедница", а зборот: „утврдува" се заменува со зборот: „утврди".

Во став 2 зборовите: „организацијата или заедницата" се заменуваат со зборовите: „претпријатието односно организацијата или азедницата", а зборовите: „од 15.000 до 500.000" се заменуваат со зборовите: „од 300 до 25.000.

Член 13

Во член 15 став 1 зборовите: „од 50.000 до 1,000.000" се заменуваат со зборовите: „од 2.500 до 45.000", а зборовите: „организација или заедница" се заменуваат со зборовите: „претпријатие односно организација или заедница".

Во точка 3 зборот: „цврсти" и зборовите: „и нафта, природен гас и кондензат" се бришат.

Во став 2 зборовите: „организацијата или заедницата" се заменуваат со зборовите: „претпријатието односно организацијата или заедницата", а зборовите: „од 10 000 до 200.000" се заменуваат со зборовите: „од 1.000 до 10.000".

Член 14

Во член 16 став 1 зборовите: „од 10.000 до 200.000" се заменуваат со зборовите: „од 1.000 до 10.000".

Во точка 2 зборот: „цврсти" и зборовите: „и нафта", природен гас и кондензат" се бришат.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

305.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТИ И ЛИЦА

Се прогласува Законот за основите на системот за осигурување на имоти и лица, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 16 март 1990 година.

П бр. 1137
16 март 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Јанез Дрновшек**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

ЗАКОН

ЗА ОСНОВИТЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТИ И ЛИЦА

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Осигурување на имоти и лица и други работи на осигурувањето вршат организациите за осигурување.

Други работи на осигурувањето можат да вршат и посебни организации, во согласност со одредбите на овој закон.

Член 2

Работи на осигурувањето се склучувањето и извршувањето на договорите за осигурување на имоти и лица и на договорите за реосигурување, како и работите во спроведувањето на мерките за спречување и сузбивање на ризиците што ги загрозуваат осигуреният имот и лицата. Други работи на осигурувањето се посредувањето и застапувањето во осигурувањето, снимањето на ризиците, снимањето и проценатa на штетите, давањето правна помош и други интелектуални и технички услуги врзани за работите на осигурувањето.

Член 3

Организацијата за осигурување може да се основа како акционерско друштво за осигурување, јавно друштво за осигурување, друштво за заемно осигурување, сопствено друштво за осигурување и мешовито друштво за осигурување.

Член 4

Организациите за осигурување, вршејќи економска заштита на имотите и лицата, самостојно го определуваат и го организираат водењето на работите според условите на пазарот и заради остварување на добивка, во земјата и во странство, согласно со одредбите на овој и на други сојузни закони.

Организациите за осигурување можат деловно и професионално да се здружуваат, организираат и поврзуваат.

Член 5

Организацијата за осигурување може да биде основана за вршење на работи:

1) на еден или повеќе видови осигурување;

2) на реосигурување;

3) на еден или повеќе видови осигурување и реосигурување.

Друштвото за заемно осигурување и сопствено друштво за осигурување не можат да вршат работи на реосигурувањето.

Член 6

Осигурувањето на имоти и лица е доброволно.

Со законот, по исклучок, може да се пропише задолжително осигурување од ризиците што ги загрозуваат трети лица или нивниот имот и задолжително осигурување од ризиците што претставуваат општа опасност

Член 7

Имотите и лицата во Југославија се осигуруваат кај организацијата за осигурување основана според овој закон.

Сојузниот извршен совет пропишува кои имоти и лица во Југославија и под кои услови можат да се осигураат или да се соосигураат кај странски осигурувач.

Член 8

Организацијата за осигурување е должна обврските од договорот за осигурување да ги реосигурува над износот што со својот општ акт го предвидела самата да го покрива со средствата на осигурувањето.

Член 9

Реосигурувањето на обврските кое не може да го покрие со свои средства, организацијата за осигурување е должна да им го понуди на други организации за реосигурување во земјата.

Делот од обврските за кои не може да обезбеди реосигурување во земјата организацијата за осигурување ќе го покрие со реосигурување во странство.

Член 10

Организацијата за осигурување е должна да работи според економските начела и по правилата на струката на осигурувањето, во согласност со законот, со начелата на лојалниот пазарен натпревар, со добрите деловни обичаи и со деловниот морал.

II. ОСНОВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

1. Акционерско друштво за осигурување

Член 11

Акционерско друштво за осигурување основаат општествените правни лица и други правни лица со усвојување на Одлуката за основање на акционерското друштво и со вложување средства во почетниот фонд на сигурноста на друштвото.

Другите лица што дополнително ќе вложат средства во почетниот фонд на сигурноста на друштвото и ќе ја прифатат одлуката за основање на друштвото стекнуваат својство на основачи со права, обврски и одговорности утврдени со таа одлука односно со Статутот на друштвото.

Под други лица од ст. 1 и 2 на овој член се подразбираат домашните, правните и физичките лица.

Акционерското друштво може да се занимава со сите видови осигурување.

Со одлуката за основање на акционерското друштво за осигурување се утврдуваат: фирмата, седиштето и дејноста на акционерското друштво за осигурување; паричниот износ на средствата на почетниот фонд на сигурноста; височината на поединечниот основачки влог; називот на основачот; бројот на акциите што се запишуваат; видовите на акции и рокот на конечната уплата; условите и начинот на утврдување и распределба на добивката; начинот на управување со друштвото и други прашања значајни за основањето на друштвото.

Член 12

Височината на паричниот износ на средствата на почетниот фонд на сигурноста во моментот на основањето на акционерското друштво за осигурување не може да биде помала од:

1) 5,000.000 динари за работи на осигурување на животот;

2) 10,000.000 динари за работи на другите видови осигурување;

3) 10,000.000 динари за работи на реосигурувањето.

Сојузниот извршен совет ја утврдува височината на износот од став 1 на овој член еднаш годишно според индексот на движењето на цените на мало.

Член 13

Вкупниот паричен износ на средствата на почетниот фонд на сигурноста се изразува во акции кои гласат на еднакви парични износи.

Член 14

Основачите на акционерското друштво за осигурување формираат основачки одбор.

Основачкиот одбор го сочинуваат претставници на основачи и стручни работници

Основачкиот одбор ги презема сите дејствија потребни за одржување на основачко собрание, го подготвува предлогот на одлуката за основање на акционерското друштво за осигурување, како и предлозите на други акти и одлуки што ги донесува основачкото собрание.

Свикувањето на основачкото собрание се објавува на начинот предвиден со одлуката за основање на акционерското друштво за осигурување.

Член 15

Основачкиот одбор е должен да го извести сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите за основањето на акционерското друштво за осигурување и да достави докази дека се исполнети условите за основање.

Кон известувањето од став 1 на овој член основачкиот одбор доставува до сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите:

1) предлог на одлуката за основање на акционерското друштво за осигурување;

2) предлог на статутот;

3) доказ дека се обезбедени парични средства за почетниот фонд на сигурноста;

4) предлог на актите на деловната политика;

5) предлог на бројот и на квалификационата структура на раководечките кадри на акционерското друштво на осигурување.

Член 16

Врз основа на доказите дека се исполнети условите за основање на акционерско друштво, сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите, во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на доказите од член 15 став 2 на овој закон, донесува решение за издавање на дозвола за основање на акционерското друштво.

Ако решението од став 1 на овој член не се донесе во рок од 60 дена, се смета дека е донесено.

Член 17

Основачкото собрание на акционерското друштво за осигурување:

1) ја донесува одлуката за основање;

2) го донесува статутот на акционерското друштво за осигурување;

3) ја донесува одлуката за именување на вршител на должноста директор на акционерското друштво за осигурување и на членови на привремениот управен одбор;

4) ги донесува одлуките за основите на деловната политика, за условите на осигурувањето и за тарифите на премиите за осигурување, техничките основи, табелата на максималното покритие и за други деловни акти;

5) го донесува елаборатот за очекуваните резултати од работењето на акционерското друштво;

6) го донесува предлогот на актите за условите и начинот на пласман на средствата на резервите и на фондовите;

7) го донесува предлогот на фондовите на превентивните мерки;

8) донесува други одлуки што се однесуваат на почетокот на работата и на работењето на друштвото.

Одлуката за основање се донесува со мнозинство на гласовите на акционерите.

Елаборатот за очекуваните резултати од работењето ги содржи особено: очекуваниот премиски приход, очекуваните штети, претсметка на трошоците за спроведување на осигурувањето, очекуваните средства на резервите и на фондовите и очекуваните приходи и расходи на фондовите на превентивата, и тоа најмалку за тригодишен период.

Со одлуката од став 1 точка 1 на овој член не може да се определи повеќе од 20% од вкупните средства на почетниот фонд на сигурноста годишно за трошоците за основање и работење на акционерското друштво за осигурување, ниту рок подолг од пет години за враќање на така потрошените средства во почетниот фонд на сигурноста.

Член 18

Статутот на акционерското друштво за осигурување содржи:

1) фирма и седиште на акционерското друштво;

2) видови на осигурување со кои ќе се занимава акционерското друштво;

3) надлежности и делокруг на собранието и на другите органи на акционерското друштво и условите за полноважна работа и донесување на одлуки;

4) права, обврски и одговорности на директорот и на работниците со посебни овластувања и одговорности;

5) внатрешна организација на акционерското друштво;

6) овластувања за потпишување и застапување на акционерското друштво;

7) начин на вршење на внатрешна контрола на акционерското друштво;

8) промени на формите на организацијата за осигурување и други организациони прашања во врска со работењето на акционерското друштво;

9) одреби за работната заедница на акционерското друштво за осигурување, ако во него се формира работна заедница;

10) други прашања од значење за акционерското друштво.

2. Јавно друштво за осигурување

Член 19

Општествено-политичката заедница може да основе друштво за осигурување на јавни блага од ризиците кои претставуваат општа опасност или од ризиците за кои се воведени задолжителни осигурувања.

Јавното друштво за осигурување ја врши дејноста на територијата на општествено-политичката заедница што го основала.

Член 20

Основачите на јавното друштво за осигурување ги обезбедуваат паричните средства на почетниот фонд на сигурноста најмалку во височината предвидена со член 12 на овој закон.

Член 21

Со одлуката за основање на јавно друштво за осигурување се утврдуваат: фирмата; седиштето и дејноста на јавното друштво; височината на износот на почетниот фонд на сигурноста, а ако има повеќе основачи – височината на поединечниот основачки влог и називот на секој основач; правата и обврските на основачите во управувањето со јавното друштво за осигурување; начинот на утврдување и распределба на добивката и други прашања значајни за основањето и за работата на друштвото.

3. Друштво за заемно осигурување

Член 22

Друштво за заемно осигурување можат да основаат домашни правни и физички лица со склучување на договор од најмалку 250 физички лица за осигурување на живот и 300 лица за други осигурувања, но не помалку од 250 односно од 300 осигурувања од исти ризици.

Друштвото за заемно осигурување се основа со договор.

Друштвото за заемно осигурување може да се основе: како друштво за заемно осигурување со неограничен придонес (влог) и како друштво за заемно осигурување со ограничен придонес (влог).

Под ограничен придонес кај друштвото за заемно осигурување се подразбира да не може од осигуреникот да се бара додатен придонес (влог) поголем од 100% од претходно уплатениот придонес (влог) од секој осигуреник, кога штетите и другите расходи се поголеми од претходно уплатениот придонес (влог) и другите приходи.

Минималниот придонес (влог) односно ограничениот придонес (влог) на сите членови (осигурениции) треба да изнесува најмалку 67% од почетниот фонд на сигурноста.

Член 23

Основачите на друштвото за заемно осигурување се должни во почетниот фонд на сигурноста да уплатат најмалку 30% од износот од член 12 на овој закон ако друштвото се основа со неограничен придонес (влог) на членовите осигурениции односно најмалку 50% ако друштвото се основа со ограничен придонес (влог).

Член 24

Со договорот за основање на друштво се утврдуваат: фирмата, седиштето и дејноста на друштвото; износот на почетниот фонд на сигурноста; називот на основачот; височината на поединечниот основачки влог; бројот на поединечните основачки влогови што основачите ги запишуваат; начинот, условите и роковите за враќање на уплатените основачки влогови, со каматата од добивката на друштвото; начинот на формирање и на употреба на фондовите и резервите; одредбите за последиците од промена на Статутот, општите услови на осигурувањето и одлуката за престанок на работата на друштвото врз склучените договори за осигурување; одредбите за работењето на друштвото и други прашања значајни за основањето и работењето на друштвото за заемно осигурување.

Член 25

Со правилата на друштвото се определува особено: начинот на утврдување и условите и роковите на уплата на придонесот (влогот); правото на надомест на штета; одредбите за неограниченият односно за ограниченият придонес (влог); обврската за уплата на додатен придонес (влог) за покритие на загубата или можност загубата на друштвото да се покрие со намалување на надоместот на сите членови (осигурениции); условите и начинот на распределба на добивката; одредбите за почетокот и престанокот на членството во друштвото; правата и обврските на членовите (осигурениците) што ќе истапат од членство.

Член 26

Врз јавното друштво за осигурување и врз друштвото за заемно осигурување сообразно се применуваат одредбите на член 12 и на чл. 14 до 18 од овој закон.

4. Сопствено друштво за осигурување

Член 27

Сопствено друштво за осигурување може да основе сложена форма на организирање, или претпријатија здружени во таа форма на организирање со уплата на средства во почетниот фонд на сигурноста во износот предвиден во член 12 од овој закон.

Сопственото друштво за осигурување може да осигурува имот и работници само на претпријатијата здружени во сложената форма, како и имот и работници на сложената форма на организирање која го основала тоа сопствено друштво за осигурување.

Со одлуката за основање на сопствено друштво се утврдуваат: фирмата, седиштето и дејноста на сопственото друштво за осигурување; износот на почетниот фонд на сигурноста и рокот на конечната уплата; условите и начинот на утврдување и распределба на добивката; начинот на управување; внатрешната организација на друштвото и други прашања од значење за основањето и работењето на сопственото друштво за осигурување.

Одговорноста на основачот за обврските на сопственото друштво за осигурување е ограничена со средствата што ги обезбедил во почетниот фонд на сигурноста.

Врз сопственото друштво за осигурување сообразно се применуваат одредбите од чл. 11 до 18 на овој закон.

5. Мешовито друштво за осигурување

Член 28

Мешовито друштво за осигурување можат да основаат домашни општествени правни лица заедно со домашни правни и физички лица и странски правни лица, како акционерско друштво.

Основачите склучуваат договор за основање и работење на мешовитото друштво за осигурување.

Со договорот од став 2 на овој член се утврдуваат:

1) дејноста на мешовитото друштво за осигурување;

2) фирмата и седиштето на мешовитото друштво за осигурување;

3) видот и износот на средствата што секој основач е должен да ги вложи во почетниот фонд на сигурноста и роковите и начинот на внесувањето на тие средства во почетниот фонд на сигурноста;

4) составот, начинот на избор и надлежноста на органите на управување со мешовитото друштво за осигурување;

5) правата и обврските на органите на управување со мешовитото друштво за осигурување и начинот на нивното одлучување;

6) внатрешната организација на мешовитото друштво за осигурување;

7) критериумите и начинот на распределбата на добивката;

8) меѓусебните односи, правата и одговорностите на основачите на мешовитото друштво за осигурување, начинот на поднесувањето на ризиците од работењето, како и начинот на покривањето на загубата на мешовитото друштво за осигурување;

9) мерките и одговорностите за обезбедување на ликвидноста и солвентноста на мешовитото друштво за осигурување;

10) условите и начинот на престанувањето на правата и обврските на основачите на мешовитото друштво за осигурување;

11) правата и обврските на основачите во случај на престанување на мешовитото друштво за осигурување;

12) решавањето на споровите;

13) други прашања од интерес за основањето и работењето на мешовитото друштво за осигурување.

Мешовитото друштво за осигурување не може да се занимава со работи на осигурување на живот, ниту со работи на реосигурување ниту може да се осигурува претпријатија за производство и промет на предмети на вооружување и воена опрема, освен во случај кога постои одобрение од Сојузниот секретаријат за народна одбрана, сообразно со Законот за странски вложувања.

Член 29

Странски правни лица не можат да вложат помалку од 20%, ниту повеќе од 49% од износот на почетниот фонд на сигурноста што е предвиден со договорот за основање на мешовитото друштво за осигурување.

Износот на почетниот фонд на сигурноста не може да биде помал од износот определен со член 12 став 1 од овој закон.

Ако има повеќе странски акционери, никој од нив, поединечно, не може да вложи поголем влог во почетниот фонд на сигурноста од најголемиот влог на домашниот основач за осигурување (во натамошниот текст: домашен акционер).

За основање на мешовито друштво е потребна дозвола од сојузниот орган на управата од член 16 став 1 на овој закон.

Член 30

Странски правни лица можат да вложуваат средства во домашни организации за осигурување, во работи за осигурување на имоти, до височината на средствата предвидени во член 29 од овој закон односно до височината на почетниот фонд на сигурноста за осигурување на имоти искажана во последната годишна пресметка на домашната организација за осигурување.

За вложените средства од став 1 на овој член домашната организација за осигурување му ги издава на странското правно лице акциите предвидени со договорот за вложување.

Член 31

Врз работењето на мешовитото друштво за осигурување сообразно се применуваат одредбите од овој закон за работењето и за средствата на организациите за осигурување, ако со овој закон не е поинаку определено.

6. Посебни организации за вршење други работи на осигурување

Член 32

Организација за осигурување, едно или повеќе физички лица можат да основат претпријатие специјализирано за другите работи на осигурувањето од член 2 на овој закон.

Претпријатието од став 1 на овој член се основа како друштво со ограничена одговорност, со вкупен влог од најмалку 50.000 динари.

Сојузниот извршен совет еднаш годишно ја утврдува височината на износот од став 2 на овој член според индексот на движењето на цените на мало.

7. Пулови за осигурување односно за реосигурување

Член 33

Две или повеќе организации за осигурување можат да основат ПУЛ за вршење работи на соосигурување односно реосигурување на имоти и лица.

ПУЛ се основа со договор.

ПУЛОТ за соосигурување односно за реосигурување во правниот промет истапува од свое име и за сметка на своите основачи.

За обврските што ПУЛОТ ги презема по работите на соосигурување односно реосигурување основачите одговараат на начинот и под условите утврдени со договорот за основање, со статутот и со другите општи акти.

Врз основањето и работењето на ПУЛОТ не се применуваат одредбите што се однесуваат на вложувањето средства од член 12 на овој закон и на средствата на организациите за осигурување.

Врз основањето и работењето на ПУЛОТ сообразно се применуваат одредбите од овој закон за основање и работење на организациите за осигурување, кои се однесуваат на акционерското друштво.

8. Правен статус и упис во судскиот регистар на организација за осигурување

Член 34

Организацијата за осигурување е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со овој закон и со одлуката односно договорот за основање.

Деловите на организацијата за осигурување немаат својство на правно лице, но со статутот на организацијата за осигурување може да им се пренесе во надлежност вршењето на определени работи и да им се дадат определени овластувања во правниот промет.

Организацијата за осигурување паричниот промет го врши преку сметките на организацијата за осигурување кај Службата на општественото книговодство.

Деловите на организацијата за осигурување, во рамките на пренесените овластувања, можат да го вршат паричниот промет и преку посебна сметка кај Службата на општественото книговодство.

Сметките од став 4 на овој член се составен дел на жиро-сметката на организацијата за осигурување.

Член 35

Организацијата за осигурување стекнува својство на правно лице со уписот во судскиот регистар.

Во судскиот регистар се запишуваат и деловите на организацијата за осигурување кои имаат определени овластувања во правниот промет.

III. УПРАВУВАЊЕ СО ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

1. Акционерско друштво за осигурување

Член 36

Со акционерското друштво за осигурување управуваат вложувачите зависно од бројот и видот на акциите, во согласност со одлуката за основање и со статутот на акционерското друштво за осигурување.

Со статутот на акционерското друштво за осигурување се уредува начинот на учествувањето на осигурениците по основ на осигурување на животот во управувањето со друштвото.

Член 37

Собранието на акционерското друштво за осигурување:

1) донесува статут и дополненија на статутот;

2) ја утврдува деловната политика;
3) го разгледува и го усвојува годишниот извештај за работењето;
4) ја усвојува годишната пресметка и донесува одлука за распоредување на добивката односно за покривање на загубата;
5) донесува одлука за издавање на акции;
6) донесува одлука за реодовна ликвидација на акционерското друштво за осигурување или за промена на статусот на акционерското друштво;
7) ги избира и ги разрешува претседателот и членовите на управниот и на надзорниот одбор;
8) го назначува и разрешува директорот;
9) врши и други работи предвидени со статутот на акционерското друштво.

Во собранието на акционерското друштво сите одлуки се донесуваат со мнозинство гласови од присутниот број на вложувачите, ако со статутот не е поинаку определено.

Со собранието на акционерското друштво раководи претседателот односно претседавачот.

Член 38

Со статутот на акционерското друштво за осигурување се определуваат: бројот на членовите на управниот одбор од кои до една четвртина од вкупниот број тие членови на можат да бидат членови од редот на работниците на акционерското друштво; условите за отповик; начинот на донесувањето одлуки и други прашања од делокругот на работата на управниот одбор.

Директорот е член на управниот одбор по положба.

Член 39

Управниот одбор на акционерското друштво за осигурување:
1) на предлог од директорот ги назначува и ги разрешува работниците со посебни овластувања и одговорности;
2) ја планира и програмира работата на друштвото;
3) ги утврдува условите за осигурување и ги донесува тарифите за премиите, во согласност со член 17 од овој закон, табелите за максималното покритие, другите деловни акти на друштвото и другите општи акти, освен актите што ги донесува собранието.
4) подготвува предлози за собранието и ги извршува неговите акти;
5) ги разгледува и усвојува извештаите за работењето во текот на годината;
6) го утврдува личниот доход на директорот и износот на надоместот за работата на членовите на управниот и надзорниот одбор;
7) му поднесува, во согласнсот со статутот, на надзорниот одбор извештај за работењето;
8) ги свикува седниците на собранието;
9) врши и други работи предвидени со статутот на акционерското друштво, како и работи што не се во надлежност на собранието или на надзорниот одбор.

Член 40

Надзорниот одбор го следи и контролира работењето на акционерското друштво за осигурување и за тоа му поднесува извештај на собранието на акционерското друштво за осигурување.

Со статутот се утврдуваат составот и бројот на членовите на надзорниот одбор.

Надзорниот одбор е должен да бара од управниот одбор свикување на собранието ако тоа го наложуваат интересите на акционерското друштво.

Ако управниот одбор не го прифати барањето на надзорниот одбор, надзорниот одбор има право да свика седница на собранието на акционерското друштво за осигурување.

Член 41

Секој член на надзорниот одбор има еден глас. Членот на надзорниот одбор кој не се согласува со одлуката на надзорниот одбор може да го издвои своето мислење.

Член на надзорниот одбор не може да биде лице кое истовремено е член на управниот одбор на акционерското друштво за осигурување.

Член 42

Надзорниот одбор е должен да го извести собранието за резултатите од надзорот, укажувајќи на евентуални пропусти на управниот одбор, на директорот и на другите лица вработени во акционерското друштво за осигурување.

Член 43

Акционерското друштво за осигурување има директор.

Правата, обврските и одговорностите на директорот на акционерското друштво за осигурување се утврдуваат со статутот на акционерското друштво за осигурување.

Член 44

Директорот на акционерското друштво за осигурување:
1) го претставува и застапува акционерското друштво;
2) ги извршува одлуките на собранието и на управниот одбор на акционерското друштво односно се грижи за нивното спроведување;
3) ги предлага деловната политика, планот и програмата за работа и мерките за нивното спроведување;
4) поведува иницијатива и дава предлози за унапредување на работењето на акционерското друштво;
5) предлага именување и разрешување на работниците со посебни овластувања и одговорности;
6) ја организира и раководи со работната заедница, ако во акционерското друштво се формира работна заедница;
7) предлага членови на управниот одбор од редот на работниците на акционерското друштво;
8) донесува поединечни одлуки во рамките на својата надлежност;
9) врши и други работи и задачи утврдени со статутот и со одлуките на собранието.

Член 45

Директорот на акционерското друштво е одговорен за законитоста на работата на акционерското друштво за осигурување.

Директорот на акционерското друштво за својата работа му е одговорен на управниот одбор и на собранието на акционерското друштво за осигурување.

2. Мешовито друштво за осигурување

Член 46

Врз управувањето на мешовитото друштво за осигурување согласно се применуваат одредбите за акционерското друштво за осигурување (чл. од 36 до 45 на овој закон).

3. Јавно друштво за осигурување

Член 47

Со јавното друштво за осигурување управуваат основачите.

Со одлуката за основање на јавното друштво за осигурување се уредува учеството на осигурениците во управувањето.

Органите на јавното друштво за осигурување ги избира и ги разрешува основачот на друштвото.

Во јавното друштво за осигурување може да се формира собрание на осигурениците.

Органите на управувањето, правата и обврските, составот и начинот на одлучување на органите на јавното друштво за осигурување се уредуваат со одлуката за основање на друштвото и со статутот.

4. Друштво за заемно осигурување

Член 48

Со друштвото за заемно осигурување управуваат членовите (осигурениците).

Органите на управувањето и составот и начинот на работа на органите на друштвото за заемно осигурување се уредуваат со статутот на друштвото зависно од вложениот придонес (влогот).

5. Сопствено друштво за осигурување

Член 49

Составот и начинот на работа на органите на сопственото друштво за осигурување се уредуваат со одлуката за основање и со статутот на друштвото.

Врз органите на управувањето на сопственото друштво за осигурување сообрзно се применуваат одредбите за акционерското друштво за осигурување (чл. 36 до 45 на овој закон).

IV. РАБОТНА ЗАЕДНИЦА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 50

За вршење на работи на осигурувањето и на други работи во организацијата за осигурување може да се формира работна заедница во која работниците засноваат работен однос.

Меѓусебните права, обврски и одговорности на организацијата за осигурување и на работната заедница се уредуваат со договор.

Со договорот од став 2 на овој член се утврдуваат работите на осигурувањето и другите работи што ќе ги врши работната заедница; начинот на уредување односно обемот на самостојноста на работниците во уредувањето на внатрешните односи во работната заедница; основите и мерилата за стекнување и распределба на средства за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците; учеството на работниците во добивката на организацијата за осигурување спрема придонесот во деловниот успех и остварената добивка; погодностите за работниците при купувањето на акции на организацијата за осигурување и други форми на стимулација и мотивација на работниците; одговорноста на работната заедница за работите што ги врши; начинот на претставување на работниците на работната заедница во органите на друштвото и други прашања од меѓусебните односи на организацијата за осигурување и работната зедница.

V. РАБОТЕЊЕ И СРЕДСТВА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 51

Работите на осигурување и реосигурување организацијата за осигурување ги врши од свое име и за своја сметка.

Работите на осигурување од член 2 на овој закон организација за осигурување може да ги врши и од свое име, а за сметка на други лица или од името и за сметка на други лица или може да посредува при тие работи.

Член 52

Организацијата за осигурување, самата или со други организации за осигурување, може со средствата на превентивата да основа претпријатие или организации на општествените дејности (институт, завод и сл.) за проучување, проектирање и изработка на уреди во областа на превентивната заштита на имоти и лица и за давање други услуги во областа на превентивата.

Член 53

За обврските од договорот за осигурување и од договорот за реосигурување организацијата за осигурување одговара со сите средства.

Средства со кои организацијата за осигурување работи се средствата на почетниот фонд на сигурноста, пречиите на осигурувањето, средствата на техничките резерви, средствата на резервите на сигурноста, средствата на математичката резерва, средства на превентивата, средствата на деловниот фонд и другите средства на организацијата за осигурување.

Член 54

За вкупниот износ на надоместот на настанатите штети и на другите обврски на друштвото за заемно осигурување што не можат да се намират од средствата на друштвото, гарантираат осигурениците со своите средства, во согласност со договорот за основање на друштвото.

Член 55

Средствата од член 53 став 2 на овој закон можат да се депонираат во банката, во Поштенската штедилница или во друга финансиска организација.

Средствата од член 53 став 2 на овој закон можат да се вложуваат во хартии од вредност, во недвижности и во други форми на имот.

Средствата од член 53 став 2 на овој закон можат да се користат за непосредно давање на кредити и хипотекарни заеми.

Повеќе од 50% од вкупните средства на математичката резерва не можат да се пласираат во недвижности.

Член 56

Организацијата за осигурување е должна во работењето со средствата од член 53 на овој закон да обезбеди сигурност на пласманите односно на вложувањата за да не ја загрози нивната вредност и сопствената ликвидност во извршувањето на своите обврски.

Член 57

Средствата за осигурување на животот организацијата за осигурување е должна да ги води на посебна сметка и тие не можат да се користат ниту да бидат предмет на принудно извршување за покривање на обврските од други видови на осигурување односно реосигурање или на други обврски на организацијата за осигурување.

Средствата за осигурување на животот имаат карактер на штедење и уживаат заштита како влогови на штедење.

Член 58

Премијата за осигурување се состои од функционална премија и од режиски додаток.

Функционалната премија се состои од техничка премија и од придонес за превентива.

Режискиот додаток се состои од средства за спроведување на осигурувањето.

Член 59

Приходите на организацијата за осигурување се формираат од премијата на осигурување, премијата на активните работи на соосигурувањето и на реосигурувањето и од други приходи на работите на осигурувањето, од приходите од финансирање и од вонредните приходи.

Под други приходи од став 1 на овој член се подразбираат приходите по основ на учество во штета, од пасивни работи на соосигурување и реосигурување, приходите од регрес и другите приходи.

Член 60

Како расходи на организацијата за осигурување, во смисла на овој закон, се сметаат расходите за плаќање на штетите и на договорните износи на осигурувањето, расходите за плаќање на штетите по основ на активни работи на соосигурување и реосигурување, расходите за плаќање на премии по основ на пасивните работи на соосигурување и реосигурување, расходите за превентива и другите расходи на работите на осигурувањето, расходите за спроведување на дејностите на осигурување и реосигурување, како и расходите на финансирањето и вонредните расходи.

Расходите за плаќање на штетите по основ на осигурување, соосигурување или реосигурување и договорните износи се утврдуваат врз основа на договорот односно на општиот акт на организацијата за осигурување. Како расходи за штети се сметаат и трошоците за утврдување и проценување на штетите, трошоците за остварување на регресните барања, судските трошоци и таксите во спорови по обврски од основ на осигурувањето, трошоците за вештачење и другите трошоци во врска со ликвидирањето на штетите.

Член 61

Како расходи на организациите за осигурување се сметаат и:

1) издвојувањата од премијата за осигурување на животот за математичката резерва на осигурувањето на животот;

2) издвојувањата кон крајот на пресметковниот период што се однесуваат на: времото на траење на осигурувањето односно на реосигурувањето во наредниот период (преносни премии); настанатите, а ненамирени обврски по основ на осигурувањето односно реосигурањето (резервирани штети) и резервациите за масовни и катастрофални штети во подолг период.

Издвојувањата од став 1 точка 2 на овој член истовремено се приходи во наредната година.

Како настанати а ненамирени обврски се сметаат и непријавените штети чијшто износ се утврдува на начинот предвиден со општиот акт на организацијата за осигурување.

Начинот на пресметување и височината на делот од премијата на осигурувањето односно на реосигурувањето што се издвојува на име преносни премии, резервирани штети и резервации за масовни и катастрофални штети, како и начинот на пресметување на математичката резерва, се уредуваат со општиот акт на организацијата за осигурување.

Член 62

Делот од приходот од работењето на организацијата за осигурување што, по годишната пресметка, ќе преостане по намирување на расходите се искажува како остварена добивка.

Добивката од став 1 на овој член, врз основа на одлука на органот на управувањето на организацијата за осигурување, се користи за:

1) покритие на згубата од претходна година;

2) издвојување во резервите на сигурноста;

3) исплата на дел од добивката на акционерите односно на вложувачите сразмерно со средствата што ги вложиле а кај друштвото за заемно осигурување – на членовите (осигурениците) сразмерно со височината на нивните придонеси (влогот);

4) издвојување во други фондови на организацијата за осигурување (фонд на превентивата, деловен фонд, средства за заедничка потрошувачка, ако не е формирана работна заедница и сл.).

Собранието на заедницата за осигурување може да одлучи работниците на таа организација да учествуваат во распределбата на дел од добивката.

Собранието на организацијата за осигурување може да одлучи добивката по распределбата од став 2 на овој член привремено да не се распоредува.

Член 63

Организацијата за осигурување што ги формирала резервите на сигурноста најмалку во височина на 50% од остварената просечна премија на осигурувањето во последните две години, сметајќи ја и годината за која се распоредува остварената добивка, не е должна да издвојува од добивката во резервите на сигурноста.

Член 64

Ако приходот на организацијата за осигурување по годишната пресметка не е доволен за покритие на расходите, организацијата за осигурување искажува загуба од работењето.

Член 65

Загубата од член 64 на овој закон организацијата за осигурување ја покрива од:

1) нераспоредената добивка;

2) додатниот придонес (влогот) на осигурениците кај друштвото за заемно осигурување;

3) резервите на сигурноста;

4) деловниот фонд во делот што се однесува на парничните средства и на средствата во пласмани чиј рок за враќање истекува до денот на предавањето на завршната сметка;

5) фондот на превентивата, ако надлежниот орган на управување донесе таква одлука;

6) почетниот фонд на сигурноста.

Ако организацијата за осигурување настанатата загуба во целост не ја намири на начинот од став 1 на овој член, непокриениот дел од загубата организацијата за осигурување може да го пренесе во наредната година како непокриена загуба.

Член 66

Организацијата за осигурување е должна во текот на наредната деловна година да ја намири непокриената загуба од претходната година, како и да ги надомести средствата на почетниот фонд на сигурноста зголемени за индексот на растежот на цените на мало во износот користен за покритие на загубите ако средствата на почетниот фонд на сигурноста се намалени под височината на износите утврдени со член 12 од овој закон.

Член 67

Организацијата за осигурување што се занимава со осигурување на животи ја утврдува посебно добивката односно загубата за овој вид осигурување.

Организацијата за осигурување што се занимава со работи на осигурувањето и со работи на реосигурувањето е должна посебно да ја утврдува добивката односно загубата од овие работи и да искажува единствен резултат.

Член 68

Заради обезбедување на трајно извршување на обврските, организацијата за осигурување е должна да има гарантна резерва.

Гарантната резерва ја сочинуваат:

1) почетниот фонд на сигурноста;

2) резервите на сигурноста;

3) фондот на превентивата, ако надлежниот орган на управувањето на организацијата за осигурување донесе таква одлука;

4) резервите за масовните катастрофални штети.

Организацијата за осигурување мора да има минимум гарантна резерва:

1) кај осигурувањето и реосигурувањето на животи – 3% од математичката резерва на осигурувањето на животи во претходната година;

2) кај другите осигурување и реосигурувања – 10% од бруто премијата на осигурувањето односно на реосигурувањето во претходната година намалена за уделите на соосигурувачите и реосигурувачите односно на ретроцесионерите, со намалување најмногу за 50%, а за прекуокеанските бродови и осигурувањето на авијацијата со намалување најмногу за 85%.

Вкупниот износ на гарантните резерви од став 2 на овој член не може да биде помал од износите утврдени во член 12 на овој закон.

Гарантните резерви се утврдуваат при донесувањето на годишната пресметка за односната година.

Член 69

Организацијата за осигурување е должна во текот на своето работење да води сметка за усогласеноста на височината на средствата на гарантната резерва од член 68 на овој закон и височината на премијата на осигурувањето во самопридржување.

Ако гарантната резерва е намалена до 25% од пропишаниот износ од член 68 на овој закон, организацијата за осигурување е должна да донесе програма на мерки за усогласување на работењето заради обезбедување на пропишаниот износ на гарантните резерви во рок од 12 месеци.

Ако гарантната резерва е намалена повеќе од 25% од пропишаниот износ, организацијата за осигурување е должна да донесе програма на мерки за усогласување на работењето заради обезбедување на пропишаниот износ на гарантните резерви во рок од 18 месеци.

Ако со програмата на мерки во роковите од ст 2 и 3 на овој член не се обезбеди износот на гарантната резерва во височината од член 68 на овој закон, организацијата за осигурување е должна, во рок од наредните шест месеци, да го усогласи обемот на премискиот приход односно височината на премијата на самопридржувањето.

Член 70

Технички резерви на организацијата за осигурување, во смисла на овој закон, претставуваат преносните премии и резервираните штети и износите за масовни и катастрофални штети во подолг период.

Член 71

Организацијата за осигурување е должна да составува годишна пресметка и извештај за работењето.

Кон годишната пресметка (биланс на состојбата, биланс на успехот и анекс), организацијата за осигурување прилага извештај за работењето.

Извештајот од став 1 на овој член содржи:

1) приказ на финансиската положба и финансиската структура;

2) показатели на физичкиот обем на работењето;

3) показатели на економичноста и ефикасноста на работењето;

4) информации за зголемувањето или намалувањето на почетните резерви на сигурноста.

Извештајот за работењето содржи и други податоци и оцени за работењето на организацијата за осигурување и образложение за промените во сметководствените искази.

Организацијата за осигурување е должна, по донесувањето на годишната пресметка, да ги објави основните податоци од билансот.

Член 72

Организацијата за осигурување составува периодична пресметка на начинот и во роковите пропишани со сојузниот закон.

Член 73

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансите ги утврдува податоците од член 71 на овој закон, што ги објавува организацијата за осигурување.

Член 74

Ако организацијата за осигурување се занимава со осигурување на животи и со други видови осигурување или реосигурување, а ќе претстои ликвидација или стечај и постојат со закон предвидените услови за основање на организација за осигурување на животи, осигурениците на животот со средствата на таа организација можат да основат нова организација за осигурување на животи.

Ако не постојат условите од став 1 на овој член, сите осигурувања на живот, со средствата, им се отстапуваат на други организации за осигурување, ако тие ги прифатат.

Во случаите од ст. 1 и 2 на овој член, преземените обврски спрема осигурениците не се менуваат.

Ако не постојат услови за основање на нова организација за осигурување на животи односно за отстапување на договорите за осигурување на животи на други организации заради основање на нова организација за осигурување на животи или за отстапување на тие осигурувања на други организации за осигурување, договорените суми на осигурување можат да се намалат.

За донесување одлука за основање односно за отстапување на осигурувањата од овој член, осигурениците на животот формираат одбор кој ги презема сите подготвителни дејствија за основање на нова организација за осигурување на животи во согласност со одредбите на овој закон или за отстапување на осигурувањето на животи на други организации за осигурување.

За основање на нова организација за осигурување на животи и за намалување на сумите на осигурување одборот од став 5 на овој член ќе побара стручно мислење од овластениот актуар.

VI. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 75

Организацијата за осигурување престанува во постапка за ликвидација:

1) ако органот на управување со организацијата за осигурување донесе одлука за тоа;

2) ако со правосилна одлука на судот се утврди ништавност на уписот во судскиот регистар;

3) ако организацијата за осигурување престане да ги исполнува условите од член 12 на овој закон или не ги надомести средствата на почетниот фонд на сигурноста на начинот предвиден со член 66 од овој закон или не постапува на начинот предвиден со член 69 од овој закон, а не се исполнети условите за поведување постапка за стечај;

4) ако сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите издаде решение за укинување на дозволата од член 16 став 1 на овој закон, согласно со член 115 од овој закон;

5) во други случаи предвидени со овој закон.

Во случаите од став 1 точ. 1 и 2 на овој член, имотот на организацијата за осигурување се дели на вложувачите, сразмерно на височината на нивните удели.

Во случај на ликвидација на друштво за заемно осигурување, имотот првенствено се користи за враќање на влоговите на основачите, а преостанатиот имот се дели меѓу неговите членови (осигуреници) сразмерно на височината на нивниот уплатен придонес (влог) во последните три години.

Член 76

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите ќе донесе решение за укинување на дозволата ако дополнително утврди дека организацијата за осигурување основана според одредбите на овој закон не ги исполнува условите предвидени во чл. 12 и 15 на овој закон и ако своето работење не го усогласила со одредбите на член 57 од овој закон.

Решението за укинување на дозволата сојузниот орган од став 1 на овој член ќе го достави, преку Службата на општественото книговодство на Југославија, до надлежната служба на општественото книговодство, која поднесува предлог за поведување постапка за ликвидација над организацијата за осигурување.

Член 77

Постапката за стечај на организацијата за осигурување се поведува ако во рок од 15 работни дена од денот на настанувањето на неликвидноста организацијата за осигурување не ја воспостави својата ликвидност.

Член 78

На постапката за стечај на организацијата за осигурување се применуваат одредбите од законот со кој се уредуваат присилното порамнување, стечајот и ликвидацијата.

Член 79

Во стечајната маса на организацијата за осигурување влегуваат:

1) сите парични средства со кои располага организацијата за осигурување;

2) сиот подвижен и недвижен имот и имотен интерес;

3) сите побарувања на организацијата за осигурување.

Член 80

Од стечајната маса се намируваат обврските на организацијата за осигурување според следниот редослед:

1) побарувањата на доверителите по основ на договори за осигурување и реосигурување на животи до височината на обврските искажани во математичката резерва од член 57 на овој закон;

2) побарувањата на доверителите по основ на договори за осигурување од последици од несреќен случај;

3) побарувањата на доверителите по основ на договори за осигурување на други видови осигурувања и по основ на договори за реосигурување;

4) другите побарувања на доверителите;

5) побарувањата на основачите на организацијата за осигурување.

VII. ЈУГОСЛОВЕНСКО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 81

Југословенското биро за осигурување го основаат организациите за осигурување (во натамошниот текст: Биро).

Бирото ги врши работите предвидени со меѓународните спогодби за осигурување на корисниците односно сопствениците на моторни возила од одговорност.

Бирото ги претставува југословенските организации за осигурување во меѓународните организации за осигурување, по работите од став 2 на овој член.

Организациите за осигурување можат со договор да му доверат на Бирото вршење на определени работи од заеднички и општ интерес за осигурувањето (статистика, собирање информации, развој на осигурувањето стручно оспособување информации стручно оспособување на кадри, актуарство и други работи).

Член 82

Бирото е правно лице.

Бирото се запишува во судскиот регистар.

Со статутот се уредува организацијата на Бирото.

Со договор меѓу организациите за осигурување и Бирото се утврдуваат начинот на неговото финансирање и работите од член 81 став 4 на овој закон што му се доверуваат на Бирото.

VIII. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОСИГУРУВАЊА

Член 83

Според овој закон задолжително се осигуруваат:

1) патниците во јавниот сообраќај од последици од несреќен случај;

2) корисниците односно сопствениците на моторни возила од одговорноста за штети причинети на трети лица;

3) корисниците односно сопствениците на воздухоплови од одговорноста за штети причинети на трети лица.

Член 84

Сопствениците односно корисниците на превозни средства на кои се применуваат одредбите од овој закон за задолжителните осигурувања се должни да склучат договор за задолжително осигурување со организацијата за осигурување.

Договорот за задолжително осигурување мора да биде склучен пред да се пушти превозното средство во сообраќај.

Организацијата за осигурување која се занимава со задолжително осигурување е должна да ги склучува договорите за задолжително осигурување под условите под кои ги врши тие осигурувања.

Член 85

Одредбите на овој закон за задолжителните осигурувања не се однесуваат на Југословенската народна армија.

1. Осигурување на патници во јавниот сообраќај од последици од несреќен случај

Член 86

Сопствениците односно корисниците на возила што служат за превоз на патници во јавниот сообраќај се должни да склучат договор за осигурување на патниците од последици од несреќен случај.

Договор од став 1 на овој член се должни да склучат сопствениците односно корисниците на:

1) автобуси со кои се врши јавен превоз во градскиот, меѓуградскиот и меѓународниот линиски и вонлински сообраќај;

2) патнички такси-автомобили и рентакар возила кога се изнајмуваат со возач;

3) автобуси што вршат превоз на работници на работа и од работа;

4) шински возила за превоз на патници;

5) сите видови поморски, езерски и речни пловила, вклучувајќи скелиња и сплавови, со кои на редовни линии или слободно се превезуваат патници, вклучувајќи и крстарење и превоз на туристи;

6) сите видови рентакар пловила од точка 5 на овој член што се изнајмуваат најмалку со еден член на екипажот;

7) воздухоплови со кои се врши јавен превоз на патници на редовни и посебни линии или слободно;

8) туристички воздухоплови што се користат за пократки прелетувања и панорамски летови и рентакар воздухоплови што се изнајмуваат со пилот;

9) автобуси со кои туристички претпријатија превезуваат туристи;

10) сите други превозни средства, без оглед на видот на погонот, со кои се превезуваат патници со наплата на превозот во вид на дејност.

Член 87

Како патници се сметаат: лицата кои заради патување се наоѓаат во едно од превозните средства определени за вршење јавен превоз, без оглед на тоа дали веќе купиле возен билет, како и лицата што се наоѓат во кругот на станицата, пристаништето, луката, аеродромот или во непосредна близина на превозното средство пред качувањето односно по слегувањето, кои имале намера да патуваат со определено превозно средство или со него патувале, освен лицата што се вработени на превозното средство.

Како патници од став 1 на овој член се сметаат и лицата кои имаат право на бесплатно возење.

Член 88

Најниските износи во височина на осигурените суми на кои мора да биде договорено осигурувањето по еден патник за случај на смрт, трајно губење на општата работна способност, проодна неспособност за работа, на име надомест за губење на заработката и фактичките нужни трошоци за лекување, ги утврдува Сојузниот извршен совет.

Член 89

Патникот кому ќе му се случи несреќен случај односно, според условите на осигурувањето, определен корисник во случај на смрт на патникот има право да бара организацијата кај која е извршено осигурување непосредно нему да му ја изврши својата обврска од договорот за осигурување.

Ако за настанатата штета е одговорен превозникот кој склучил договор за осигурување, во надоместот на штетата што ја должува превозникот ќе се засмета износот што организацијата за осигурување го исплатила по основ на задолжителното осигурување на патниците.

Ако сопственикот односно корисникот на возилото не склучил договор за осигурување на патниците според одредбите на овој закон, а се случил несреќен случај, патникот односно лицето кое би било корисник на осигурувањето да бил склучен договор за осигурување, може барање за исплата на осигурената сума да истакне спрема организацијата со седиште на територијата на републиката или на автономната покраина на која се случил несреќниот случај, а која го врши овој вид осигурување.

Организацијата за осигурување на која и се обратило лицето од став 1 на овој член ќе постапи како да бил склучен договор за осигурување со осигурената сума од член 88 на овој закон, а организацијата има право на регрес спрема лицето одговорно за штетата за исплатениот износ, каматата и трошоците.

Ако организацијата за осигурување не може ни во судска постапка да го оствари правото на регрес од став 4 на овој член, таа има право барање за исплата на ненадоместените износи да истакне спрема другите организации за осигурување кои го спроведуваат овој вид осигурување, и тоа сразмерно на премијата остварена во задолжителното осигурување на патниците во јавниот сообраќај во однос на вкупната премија остварена на територијата на републиката или на автономната покраина во тој вид осигурување.

Во случај на стечај на организацијата за осигурување, лицето од став 1 на овој член може да бара надомест од организацијата од став 3 на овој член односно од организацијата од член 108 на овој закон.

2. Осигурување на сопственици односно на корисници на моторни возила

а) Договор за задолжително осигурување и негово дејство

Член 90

Сопственикот односно корисникот на моторно и приклучно возило е должен да склучи договор за осигурување од одговорноста за штета што со употребата на моторно возило (во натамошниот текст: осигурување на автоодговорноста) ќе им ја причини на трети лица поради смрт, повреда на телото, нарушување на здравјето, уништување или оштетување на предмети, освен од одговорноста за штета на предметите што ги примил на превоз.

Како штета што е предизвикана со употребата на моторно возило се смета и штетата што на трето лице му е

предизвикана со паѓање на предметите од моторното или приклучното возило.

Член 91

Моторни и приклучни возила, во смисла на овој закон, се возилата за превоз на лица, за превоз на предмети и за влеча и работните возила што, според прописите за регистрацијата на друмските возила, мораат да имаат сообраќајна дозвола која се продолжува во рокови не подолги од 12 месеци, при претходен технички преглед.

Регистрација на моторно и прикучно возило, продолжување на регистрацијата и издавање пробни таблички може да се изврши други кога на органот надлежен за регистрација ќе му се поднесе доказ за склучениот договор за осигурување.

Член 92

Нема право на надомест на штетата по основ на осигурување на автоодговорноста;

1) договарачот на осигурување;

2) сопственикот, корисникот, сосопственикот и друг имател на возило, и тогаш кога не управувале со возилото во часот на настапувањето на штетата;

3) возачот на возилото кој е одговорен за штетата.

Член 93

Обврската на организацијата за осигурување на надомест на штетата по основ на осигурување на автоодговорноста не може да биде пониска од износот што го утврдува Сојузниот извршен совет.

Ако износот од став 1 на овој член не е доволен за надоместување на сите штети предизвикани со истиот штетен настан, првенствено се надоместуваат штетите на лица.

Ако има повеќе оштетени лица, а вкупниот надомест го надминува износот од став 1 на овој член, правата на оштетените лица спрема организацијата за осигурување сразмерно се намалуваат.

Организацијата за осигурување која му исплатила на едно оштетено лице износ поголем од оној што му припаѓа со оглед на сразмерното намалување на надоместот, зашто не знаела ниту можела да знае дека постојат и други оштетени лица, останува во обврска спрема тие други лица само до височина на износот од став 1 на овој член.

Член 94

Кога организацијата која врши работи на здравствено, инвалидско или пензиско осигурување истакне отштетно барање, организацијата за осигурување е должна, во рамките на одговорноста на својот осигуреник, да плати надомест во височина на трошоците за лекување и на другите нужни трошоци што се направени во согласност со законските прописи за здравственото осигурување односно должна е да плати сразмерен износ на придонесот за инвалидско и пензиско осигурување.

Сразмерниот износ на придонесот за инвалидско и пензиско осигурување се определува во капитализиран износ според преостанатото време на работен стаж и годините на возраст на физичкото лице потребни за стекнување право на старосна пензија.

Член 95

Ако оштетеното лице истакнало отштетно барање непосредно спрема организацијата за осигурување, организацијата за осигурување не може во одговорот на таквото барање да истакнува приговори што врз основа на законот или на договорот за осигурување би можела да ги истакне спрема осигуреното лице поради непридржување кон законот или кон договорот.

Организацијата за осигурување што му ја надоместила штетата на оштетеното лице стапува во неговото право спрема лицето одговорно за штетата за износот на исплатениот надомест на третото оштетено лице, со камата и трошоците, ако не настапила нејзина обврска според условите од договорот за осигурување на автоодговорноста.

Член 96

Со осигурувањето на автоодговорноста се опфатени, во согласност со одредбите на овој закон, и штетите предизвикани со употреба на возило што го користело односно со кое управувало лице кое за тоа немало овластување.

Организацијата за осигурување што ќе ја надоместити штетата во случајот од став 1 на овој член стапува во правата на оштетеното лице спрема лицето кое е одговорно за штетата, и тоа за исплатениот износ на надоместот на штетата, каматата и трошоците.

Член 97

Ако во текот на траењето на осигурувањето се промени сопственикот односно корисникот на моторното возило, правата и обврските од договорот за осигурување на автоодговорноста преминуваат врз новиот сопственик односно корисник и траат до истекот на тековниот период на осигурувањето.

Член 98

Организацијата за осигурување кај која сопственикот односно корисникот на возилото осигурал автоодговорност е должна штетата што со употреба на возилото е предизвикана во странство да му ја надомести на трето лице до височината определена со прописите за задолжително осигурување на државата во која штетата настанала.

Ако исплатениот надомест на штетата од став 1 на овој член е поголем од износот од член 93 став 1 на овој закон, организацијата за осигурување има право од лицето одговорно за штетата да ја бара разликата помеѓу исплатениот надомест и износот на кој е ограничена нејзината обврска, како и каматата и сразмерен дел од трошоците.

б) Надомест за штети предизвикани со употреба на возило чиј сопственик односно корисник не осигурал автоодговорност

Член 99

Оштетеното лице на кое му е предизвикана штета со употреба на возило чиј сопственик односно корисник не осигурал автоодговорност има право да бара надомест на штетата од организацијата за осигурување која врши задолжително осигурување на автоодговорноста со седиште на територијата на републиката односно во автономната покраина на која штетата настанала.

Организацијата за осигурување на која ѝ е поднесено барањето од став 1 на овој член е должна да исплати надомест на штетата како да бил склучен договор за осигурување.

Организацијата за осигурување што извршила надомест на штетата на оштетеното лице стапува во правата на тоа оштетено лице спрема лицето кое е одговорно за штетата, и тоа за исплатениот износ, каматата и трошоците.

Ако организацијата за осигурување не може ни во судска постапка да го оствари правото од став 3 на овој член, има право барање за исплата на ненадоместените износи на надоместот на штетата да истакне спрема другите организации за осигурување кои го спроведуваат овој вид осигурување, и тоа сразмерно на премијата што ја остваруваат во задолжителното осигурување од автоодговорноста помножена со бројот на возила во однос на вкупната премија остварена на територијата на републиката односно на автономната покраина за тие осигурувања помножена со бројот на возила.

Во случај на стечај на организацијата на осигурување, оштетеното лице може да бара надомест на штетата од организацијата од став 1 на овој член односно од организацијата од член 108 на овој закон.

в) Надомест за штети предизвикани со употреба на непознато возило

Член 100

Оштетеното лице на кое му е предизвикана штета со употреба на непознато возило има право да бара надомест на штетата поради смрт, повреда на телото или нарушување на здравјето од организацијата за осигурување која врши осигурување од автоодговорноста чие седиште е на територијата на републиката односно на автономната покраина на која штетата настанала, и тоа до височина на износот од член 93 став 1 на овој закон.

Штетата од непознато возило ја поднесуваат сите организации за осигурување што вршат осигурување од автоодговорност во републиката односно во автономната покраина каде што штетата настанала, сразмерно на премијата што ја остваруваат во тој вид осигурување помножена со бројот на возила во однос на вкупната премија остварена на територијата на републиката односно на автономната покраина во тој вид осигурување помножена со бројот на возила.

Ако се пронајде возилото со чија употреба е предизвикана штетата, организацијата за осигурување што ја поднесувала штетата има право на регрес спрема организацијата кај која било извршено осигурување на автоодговорноста, и тоа за исплатениот износ, каматата и трошоците.

Во случај на стечај на организацијата за осигурување, оштетеното лице може да бара надомест на штета од организацијата од став 1 на овој член односно од организацијата од член 108 на овој закон.

Член 101

Лице кое не е југословенски државјанин, а на кое на територијата на Југославија му е причинета штета со употреба на непознато возило, има право на надомест на штетата по основ на член 100 од овој закон, ако според законот на државата чијшто е државјанин југословенските државјани имаат право на надомест на штетата предизвикана со употреба на непознато возило.

Лице кое не е југословенски државјанин, а на кое на територијата на Југославија му е причинета штета со употреба на непознато возило, има право на надомест на штетата според одредбите на член 100 од овој закон и ако е тоа предвидено со договор на Бирото со националното биро за осигурување од државата чијшто е државјанин, или ако националното биро за осигурување од државата чијшто е државјанин потпишало повеќестран договор односно спогодба, што ја потпишало и Бирото.

Во случај на стечај на организацијата за осигурување, оштетеното лице кое не е југословенски државјанин може, под условите од став 1 на овој член, да бара надомест од организацијата од член 99 став 1 на овој закон односно од организацијата од член 108 на овој закон.

г) Надомест за штета предизвикана со употреба на возила со странска регистрација

Член 102

Лице кое со моторно возило со странска регистрација влегува на територијата на Југославија мора да има важечка меѓународна исправа за осигурување на автоодговорноста која важи за територијата на Југославија или некој друг доказ за постоење на такво осигурување, која ги покрива штетите најмалку до износот од член 93 став 1 на овој закон.

Меѓународна исправа од став 1 на овој член е потребна и за моторното возило кое се допремува во Југославија со некое превозно средство, освен ако во Југославија нема да биде користено.

Пограничните органи за внатрешни работи контролираат дали се исполнети условите од ст. 1 и 2 на овој член.

Член 103

Како меѓународни исправи и докази од член 102 став 1 на овој закон се сметаат оние документи чија важност ја признава Бирото.

Признавањето на важноста на меѓународните исправи и докази Бирото може да го изврши само однапред, со известување на сојузниот орган надлежен за внатрешни работи.

Признавањето на важноста на меѓународните исправи и докази го вклучува и гарантирањето на Бирото за обврските засновани со тие исправи и докази, до износот од член 93 на овој закон.

Член 104

Лицата што немаат важечка меѓународна исправа или доказ од член 102 став 1 на овој закон мораат на границата со домашната организација за осигурување да склучат договор за осигурување на автоодговорноста, кој важи за територијата на Југославија.

Член 105

Лице на кое му е направена штета со употреба на возило со странска регистрација, за кое постои важечка меѓународна исправа или доказ за постоењето на осигурување на автоодговорноста од член 102 став 1 на овој закон, поднесува отштетно барање до една од организациите за осигурување која врши осигурување на автоодговорноста.

Ако во рок од шеесет дена организацијата за осигурување на која ѝ е поднесено отштетното барање, со потребната документација, не го исплати надоместот на штетата, оштетеното лице има право отштетното барање да го поднесе до Бирото.

Ако Бирото не го исплати надоместот на штета во рок од триест дена од денот на поднесувањето на барањето, оштетеното лице може да поднесе тужба против Бирото и организацијата за осигурување од став 1 на овој член.

Член 106

Штетата предизвикана со употреба на возило со странска регистрација, кое е осигурано кај југословенска организација за осигурување, ја надоместува таа организација според одредбите на овој закон што важат за возилата со југословенска регистрација.

Член 107

За надоместот на штетата што е предизвикана со употреба на возило со странска регистрација, кое не е опфатено со осигурување на автоодговорноста, важат одредбите на член 99 од овој закон.

Член 108

Ако на територијата на републиката односно на автономната покраина, на која се случила штетата, нема седиште ниту една организација за осигурување односно во случај на стечај на организацијата за осигурување, корисникот на осигурувањето од член 89 односно оштетеното лице од чл. 99, 100 и 101 на овој закон може да го оствари своето барање спрема организацијата за осигурување со деловно место во таа република или автономна покраина.

Ако организацијата за осигурување што ја надоместила штетата не може да оствари регрес, има право барањето за исплата на ненадоместените износи на надоместот на штета да го истакне спрема другите организации за осигурување што го спроведуваат овој вид на осигурување во таа република или автономна покраина, и тоа сразмерно на остварената премија во тој вид осигурување.

3. Осигурување на сопственик односно корисник на воздухоплов

Член 109

Сопственикот односно корисникот на југословенски воздухоплов е должен да се осигури од одговорноста за штета предизвикана со употреба на воздухоплов.

За странски воздухоплов кој влегува во воздушниот простор на Југославија мора да постои осигурување од одговорноста за штета од став 1 на овој член, ако не е дадено друго обезбедување за надомест на штета или ако со меѓународен договор не е поинаку определено.

Член 110

Обврската на организацијата за осигурување за надомест на штетата по основ на член 109 од овој закон е ограничена со височината на износот што го утврдува Сојузниот извршен совет, ако со договорот за осигурување не е предвиден поголем износ.

IX НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 111

Актуарски работи, во смисла на овој закон, вршат овластените актуари.

Поблиските услови за добивање овластување за вршење на актуарски работи ги пропишува сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите.

Со прописот од став 2 на овој член ќе се определи органот односно организацијата која на лицата што ги ис-

полнуваат пропишаните услови ќе им издава овластувања за вршење на работи на овластен актуар.

Член 112

Овластениот актуар дава мислење за тоа дали организацијата за осигурување во своето работење се придржува кон начелата и правилата на струката за осигурување од член 10 на овој закон.

Овластениот актуар дава особено мислење за:

- техничките основи;
- тарифите на премиите;
- табелите за максималното покритие;
- правилниците за начинот на утврдување на математичката резерва, преносните премии и резервираните штети, резервациите за масовни и катастрофални штети и начинот како тие правилници се применети во годишната пресметка;
- тоа дали гарантните резерви во годишната пресметка на организацијата за осигурување се утврдени согласно со член 68 од овој закон.

Член 113

Ако органот овластен за контрола на работењето на организацијата за осигурување утврди неисправност на годишната пресметка, за тоа ќе го извести овластениот актуар што го дал мислењето од член 112 на овој закон.

Овластениот актуар е должен да го преиспита своето мислење и за тоа да го извести органот од став 1 на овој член.

Ако овластениот актуар не се согласи со барањето на органот овластен за контрола од став 1 на овој член, се спроведува постапката од член 114 на овој закон.

Член 114

Органот во организациајта за осигурување во чиј делокруг спаѓа донесувањето на општиот акт и годишната пресметка од член 113 на овој закон е должен, пред неговото донесување, да го разгледа мислењето на овластениот актуар.

Ако надлежниот орган од став 1 на овој член не се согласи со мислењето на овластениот актуар, должен е за тоа да го извести републичкиот односно покраинскиот орган на управата кој ќе формира комисија на актуари која ќе ги разгледа односниот општ акт и годишната пресметка и ќе даде свое мислење.

Мислењето на комисијата на овластени актуари му се доставува на органот во организацијата за осигурување во чиј делокруг спаѓа донесувањето на општиот акт односно годишната пресметка. Органот во организацијата за осигурување во чиј делокруг спаѓа донесувањето на општиот акт односно годишната пресметка е должен, пред неговото донесување, да заземе став за мислењето на комисијата.

Ако органот во организацијата за осигурување го одбие мислењето на комисијата на овластени актуари, должен е за тоа во рок од 30 дена да го извести републичкиот односно покраинскиот орган на управата кој веднаш ќе му го достави известувањето на сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите.

Член 115

Републичкиот односно покраинскиот орган на управата е надлежен во рок од три месеци да ѝ издаде решение на организацијата за осигурување за отстранување на недостатоците што ги утврдила комисијата на овластени актуари или може да му предложи на сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите на организацијата за осигурување, која не го уважила мислењето на овластените актуари, да и издаде решение за одземање на дозволата од член 16 став 1 на овој закон.

Член 116

Заради обезбедување податоци за вршење на актуарски работи и изработка на технички основи и тарифи на премиите, организацијата за осигурување е должна да доставува статистички и други податоци по видови и групи на осигурување на начинот што ќе го определи сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите.

Со прописот од став 1 на овој член сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите ќе го определи и органот односно организацијата на која ќе и се доставуваат податоците од став 1 на овој член.

X. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 117

Со парична казна од 45.000 до 450.000 динари ќе се казни за стопански престап организацијата за осигурување:

1) ако повеќе од 50% од вкупните средства на математичката резерва ги пласира во недвижности (член 55 став 4);

2) ако средствата за осигурување на животи не ги води на посебна сметка и ако ги користи за принудно извршување за покривање на обврските од други видови осигурувања односно реосигурувања (член 57 став 1);

3) ако во текот на наредната деловна година не ја намири непокриената загуба од претходната година и не ги надомести средствата на почетниот фонд на сигурноста зголемени за индексот на растежот на цените на мало (член 66);

4) ако посебно не ја утврди добивката односно загубата и не го искаже единствениот резултат по работите на другите осигурувања (член 67);

5) ако не формира гарантна резерва и ако не го обезбеди минимумот на гарантната резерва (член 68 ст. 1 и 3);

6) ако во текот на своето работење не обезбеди усогласеност на височината на средствата на гарантната резерва од член 70 на овој закон и ако не донесе програми на мерки и не го усогласи обемот на премискиот приход односно височината на премијата на сопствениот удел (самопридржување) во наредните шест месеци (член 69);

7) ако не ја надомести штетата што со употреба на возило е предизвикана во странство до височината определена со прописите за задолжително осигурување на државата во која се случил штетниот настан (член 98 став 1);

8) ако не го исплати надоместот на штетата на трето лице од член 99 став 1 како да бил склучен договор за осигурување (член 99 став 2);

9) ако не доставува статистички и други податоци по видови и групи на осигурување на начинот што го определил сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите (член 116 став 1).

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице во организацијата за осигурување со парична казна од 2.500 до 25.000 динари.

Член 118

Со парична казна од 45.000 до 450.000 динари ќе се казни за стопански престап правното лице:

1) ако не склучи договор за задолжително осигурување со организацијата за осигурување пред да се стави во сообраќај превозното средство (член 84 ст. 1 и 2);

2) ако не склучи договор за осигурување на патници од последица од несреќен случај (член 86 став 1);

3) ако не склучи договор за осигурување од одговорноста за штета што со употреба на моторно возило ќе им ја причини на трети лица поради смрт, повреда на телото, нарушување на здравјето и уништување или оштетување на предмети, освен од одговорноста за штета на предмети што ги примил на превоз (член 90 став 1);

4) ако не се осигури од одговорноста за штети предизвикани со употреба на воздухоплов (член 109 став 1);

5) ако посредува или осигурува имоти и лица кај организациите за осигурување што не се овластени според овој закон (член 7 став 1).

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице во правното лице со парична казна од 2.500 до 25.000 динари.

Член 119

Со парична казна од 2.500 до 25.000 ќе се казни за прекршок поединец:

1) кој посредува или осигурува имоти и лица кај организации за осигурување што не се основани според овој закон (член 7 став 1);

2) ако не го склучил договорот за осигурување кој би требало да го склучи според овој закон (чл. 86, 90 и 109).

XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 120

Заедниците за осигурување на имоти и лица и заедниците за реосигурување, основани според одредбите на Законот за основите на системот за осигурување на имоти и лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/76), се должни да ги усогласат својата организација, работењето и самоуправните општи акти со одредбите на овој закон најдоцна до 31 декември 1990 година.

Собранието на заедницата за осигурување на имоти и лица односно собранието на заедницата за реосигурување од став 1 на овој член именува основачки одбор заради преземање на потребните дејствија за подготвување на предлозите за усогласување на организацијата, работењето и самоуправните општи акти со одредбите на овој закон.

Член 121

Заедниците за осигурување на имоти и лица и заедниците за реосигурување што ќе ги усогласат својата организација, работењето и самоуправните општи акти во согласност со член 120 од овој закон, се должни на сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите да му поднесат доказ дека се исполнети условите пропишани со чл. 12 и 15 од овој закон, како и документација од која може да се согледа реалната состојба на активата и реалната состојба на резервите и на фондовите на заедниците за осигурување на имоти и лица и на заедниците на реосигурување врз основа на податоците од завршната сметка за 1989 година, што и е доставена на Службата на општественото книговодство.

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите, врз основа на доказите и документацијата што ќе му ги достави организацијата за осигурување е должен во рок од 30 дена од денот на нивното доставување, да оцени дали се исполнети условите за основање на организација за осигурување во смисла на чл. 12 и 15 од овој закон и да издаде дозвола за основање или да донесе негативно решение.

Ако постојната заедница за осигурување односно заедница за реосигурување до 31 декември 1990 година не добие дозвола за основање, надлежната служба на општественото книговодство е должна до 15 јануари 1991 година на поведе постапка за редовна ликвидација над таа организација, во согласност со одредбите на сојузниот закон со кој се утврдуваат присилното порамнување, стечајот и ликвидацијата.

Ако сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите дополнително утврди дека организацијата за осигурување, која добила дозвола за основање во смисла на овој член, не ги исполнува условите и критериумите пропишани со став 1 од овој член односно дека приспособувањето на работењето на организацијата за осигурување не се одвива на начинот од став 1 на овој член, може да издаде решение за укинување на дозволата.

Ако сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите го издаде решението од став 4 на овој член, должен е за тоа да ја извести надлежната служба на општественото книговодство која поднесува предлог за поведување постапка за ликвидација над организацијата за осигурување.

Член 122

Заедниците за осигурување што ги исполниле условите од член 120 на овој закон се должни да формираат почетен фонд на сигурноста од член 12 на овој закон во следните рокови:

1) најмалку 50% пред издавањето на дозволата;

2) преостанатиот износ до 30 јуни 1991 година.

Вкупните средства на гарантната резерва на организацијата за осигурување не можат да бидат помали од средствата од член 12 на овој закон под условите утврдени во став 1 на овој член.

Член 123

Средствата на резервата на сигурноста и на другите фондови на заедниците за осигурување на имоти и лица и на заедниците за реосигурување, што ги исполниле условите од член 120 на овој закон, стануваат средства на резервата на сигурноста односно соодветни други фондови на организацијата за осигурување.

Средствата на резервата на сигурноста на заедниците за осигурување на имоти и лица од став 1 на овој член, што се формирани и што се наоѓаат во нивните фондови, а се номинирани на определени осигуреници врз основа на самоуправна спогодба, можат да се користат како основачки влогови во почетниот фонд на сигурноста на организациите за осигурување, во согласност со одлуката за основање.

Средствата на резервата на сигурноста на заедницата за осигурување на имоти и лица и на заедниците за реосигурување што основачите на тие заедници ги уплатиле во нивните фондови врз основа на самоуправната спогодба односно на договорот за основање, можат да се користат како основачки влогови во почетниот фонд на сигурноста на организацијата за осигурување.

Член 124

Со денот на уписот на организацијата за осигурување во судскиот регистар сите права и обврски од договорот за осигурување на имоти и лица и за реосигурување, како и сите други права и обврски на заедниците преминуваат врз организацијата за осигурување.

Член 125

До 30 јуни 1991 година организациите за осигурување ќе ги усогласат работењето и дејноста на Бирото со одредбите на член 81 од овој закон.

Со влегувањето на овој закон во сила работите на Југословенското биро за осигурување предвидени со меѓународните спогодби за осигурување на корисниците односно сопствениците на моторни возила до рокот од став 1 на овој член ќе продолжи да ги врши Здружението на осигурителните организации на Југославија.

Член 126

Претпријатијата за застапување и посредување во осигурувањето, како и лицата што се занимаваат со овие работи како со самостојна дејност, а што се основани според одредбите на Законот за основите на системот за осигурување на имоти и лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/76), мораат најдоцна до 31 декември 1990 година да ги усогласат својата организација и работењето со одредбите на овој закон.

Член 127

Со денот на влегувањето на овој закон во сила престанува да важи Законот за основите на системот за осигурување на имоти и лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/76).

Член 128

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

306.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ТРУДОТ

Се прогласува Законот за евиденциите во областа на трудот, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 16 март 1990 година.

П бр. 1164
16 март 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Јанез Дрновшек**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

ЗАКОН
ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ТРУДОТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Во областа на трудот се установуваат евиденции што содржат статистички податоци од интерес за целата земја, и тоа:

1) евиденција за вработените работници;
2) евиденција за личните доходи;
3) евиденција за несреќите при работата;
4) евиденција за лицата што бараат вработување;
5) евиденција за потребата од работници;
6) евиденција за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство;
7) евиденција за понудите на странски работодавци за привремено вработување на граѓани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;
8) евиденција за странските државјани и за лицата без државјанство вработени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;
9) евиденција за осигурениците и за уживателите на правата од здравственото осигурување;
10) евиденција за членовите на семејствата на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство – корисници на здравствена заштита;
11) евиденција за корисниците на правата од инвалидското осигурување.

Евиденција која содржи податоци од интерес за целата земја е и матичната евиденција за осигурениците и за уживателите на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Член 2

Евиденција за вработените работници, евиденција за личните доходи, евиденција за повредите при работата и евиденција за корисниците на правата од инвалидското осигурување водат претпријатијата, организациите од општествените дејности, банките и другите финансиски организации, организациите за осигурување, претставништвата на странски фирми, дипломатските и конзуларните претставништва во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, задругите, формите на соработка и заедничко работење со странски лица, работните заедници на органите на општествено-политичките заедници, на општествено-политичките организации и на општествените организации, здруженијата на граѓани и други организации и заедници (во натамошниот текст: организации), како и работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд и вработуваат работници (во натамошниот текст: работодавци).

Евиденција за лицата што бараат вработување, евиденција за потребата од работници, евиденција за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство и евиденција за странските државјани и за лицата без државјанство вработени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија водат организациите надлежни за работи на вработувањето (во натамошниот текст: организации за вработување).

Евиденција за осигурениците и за уживателите на правата од здравственото осигурување и евиденција за членовите на семејствата на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство – корисници на здравствена заштита водат организациите надлежни за работи на здравственото осигурување.

Евиденција за понудите на странски работодавци за привремено вработување на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство води Сојузното биро за работи на вработувањето.

Кои евиденции од став 1 на овој член ќе се водат во единиците и установите на Југословенската народна армија пропишува сојузниот секретар за народна одбрана.

Член 3

Заради обезбедување на единствен систем на статистички истражувања, при водењето на евиденциите установени со овој закон, се применуваат единствени методолошки принципи и статистички стандарди.

Член 4

Податоците содржани во евиденциите установени со овој закон можат да се користат за статистички истражувања и за други службени цели.

Податоци содржани во евиденциите установени со овој закон можат да ги користат и поединци на кои се однесуваат тие податоци заради остварување на своите права.

За користење на податоците содржани во евиденциите установени со овој закон за други цели, а не за оние од ст. 1 и 2 на овој член, одлучува овластениот орган на организацијата која ја води евиденцијата односно работодавецот.

Член 5

Во евиденциите установени со овој закон податоците и промената на податоците мораат да се внесуваат во пропишаните рокови.

II. ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИ ВО ОБЛАСТА НА ТРУДОТ

1. Евиденција за вработените работници

Член 6

Во евиденцијата за вработените работници се внесуваат податоци за секој работник што е во работен однос.

Член 7

Евиденцијата за вработените работници ги содржи следните податоци:

1) презиме и име на работникот;
2) матичен број;
3) место на раѓањето (место, општина, република односно автономна покраина);
4) живеалиште и адреса (место, општина, република односно автономна покраина);
5) место на работа (место, општина, република односно автономна покраина);
6) занимање;
7) училишна подготовка;
8) стручно образование;
9) стручна подготовка за вршење определени работи односно задачи;
10) работи на работното место што ги врши работникот;
11) работно време на работникот – во часови (неделно);
12) стаж на осигурување до стапувањето во организацијата или кај работодавецот;
13) дали е вработен на определено или на неопределено време;
14) дали е трудов инвалид или е уживател на пензија;
15) назив на друга организација или работодавец кај кои е вработен;
16) дали се занимава со дополнителна работа во вид на вршење на споредна дејност;
17) датум на засновањето на работниот однос;
18) датум на престанувањето на работниот однос;
19) причина за престанувањето на работниот однос;
20) дејност на организацијата односно на работодавецот.

Член 8

Евиденцијата за вработените работници почнува за определен работник да се води со денот на засновањето на работниот однос, а престанува да се води со денот на престанувањето на работниот однос.

Податоците за работникот за кого ќе престане да се води евиденцијата за вработените работници се чуваат како документ од трајна вредност.

Член 9

Во евиденцијата за вработените работници се внесуваат и податоци од интерес за народната одбрана што ќе ги пропише сојузниот секретар за народна одбрана

Член 10

Работникот е должен сите промени на податоците што во евиденцијата за вработените работници се внесени врз основа на негова изјава или на лични исправи да ѝ ги пријави на организацијата односно на работодавецот во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената, ако за тие промени организацијата односно работодавецот на друг начин не се непосредно известени.

2. Евиденција за личните доходи

Член 11

Во евиденцијата за личните доходи се внесуваат податоци за работното време, бруто личниот доход, чистиот личен доход, надоместите на личниот доход од средствата на организацијата односно на работодавецот и за надоместите на личниот доход остварен врз товар на други организации и органи.

Член 12

Евиденцијата за личните доходи, покрај податоците од член 7 точ. 1 и 2, точ. 6 до 12 и точка 20 на овој закон ги содржи и следниве податоци:

а) податоци за работното време на работникот и за неговото користење;

1) можен број на работни часови со полно и со пократко од полното работно време (неполно и скратено работно време);

2) вкупно остварени работни часови со полно и со пократко од полното работно време (неполно и скратено работно време), од тоа:

- ефективно извршени часови,
- часови на чекање на работа, на застои и прекини во работата;

3) вкупно неизвршени часови;

4) вкупно неизвршени часови, за кои се прима надомест на личниот доход од средствата на организацијата односно на работодавецот од тоа:

- часови на годишен одмор,
- часови на одмор за денови на државните празници,
- часови на отсуство со надомест на личниот доход,
- часови на стручно образование и усовршување,
- часови на привремена неспособност или спреченост за работа за кои се прима надомест на личниот доход од средствата на организацијата или на работодавецот,
- друго;

5) неизвршени часови за кои се прима надомест на личниот доход врз товар на други организации или работодавци и органи;

6) вкупно неизвршени часови за кои се прима надомест на личниот доход од средствата на организациите надлежни за работи на здравственото осигурување, од тоа:

- часови на привремена неспособност или спреченост за работа,
- часови на породилно отсуство и скратено работно време на родител со дете;

7) неизвршени часови за кои не се прима надомест на личниот доход;

8) часови на работа подолга од полното работно време;

б) податоци за бруто личниот доход на работникот:

1) исплатен бруто личен доход, од тоа:

- за работа во полно и во пократко од полното работно време,
- за работа подолга од полното работно време;

2) бруто личен доход од добивката;

3) исплатен чист личен доход, од тоа:

- за работа со полно и со пократко од полното работно време,
- за работа подолга од полното работно време;

4) надомести на чистиот личен доход од средствата на организацијата односно на работодавецот, од тоа:

- надомести на чистиот личен доход за време на привремената неспособност или спреченост за работа,
- други надомести на чистиот личен доход од средствата на организацијата односно на работодавецот;

5) надомести на чистиот личен доход врз товар на други организации или работодавци;

6) чист личен доход од добивката;

7) нето примања на работникот за непосредна потрошувачка од средствата за заедничка потрошувачка на организацијата односно од средствата на работодавецот, од тоа:

- за солидарна помош,
- за испратнина,
- за јубилејни награди,
- за регрес за годишен одмор,
- друго.

в) податоци за работите на работното место што работникот ги вршел, а за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење:

1) број на часови на работата врз работи на работното место за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење;

2) број на часови на работа врз работи на работното место за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење по основ на посебното својство на осигуреникот.

3) стапката на зголемување.

Член 13

Евиденцијата за личните доходи за одделен работник почнува да се води со денот на засновањето на работниот однос, а престанува да се води со денот на престанувањето на работниот однос.

Податоците за работникот за кого ќе престане да се води евиденцијата за личните доходи, се чуваат како документ од трајна вредност.

3. Евиденција за повредите при работата

Член 14

Во евиденцијата за повредите при работата се внесуваат податоци за повредите на работниците кога се во прашање повреди при работата во смисла на прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 15

Во евиденцијата за повредите при работата податоците се внесуваат најдоцна во рок од три дена од денот кога настанала повредата.

Член 16

Евиденција за повредите при работата, покрај податоците од член 7 точ. 1 до 12 и точка 20 на овој закон, ги содржи и следниве податоци:

а) податоци за повредениот работник:

1) работа што работникот ја вршел во моментот кога настанала повредата при работата;

2) колку часови работникот работел на денот кога настанала повредата при работата;

3) дали работникот порано претрпел повреда при работата и колку пати;

4) природа на повредата;

5) повреден дел на телото;

6) дали повредата е смртоносна;

7) основ за осигурување;

б) податоци за повредата при работата:

1) кога се случила несреќата:

- датум;
- ден во неделата;
- време во денот;

2) каде настанала несреќата:

- на местото на вршењето на работите односно на работните задачи;
- на редовниот пат од станот до постојаното место на работа;
- на редовниот пат од постојаното место на работа до станот;
- на службен пат;
- друго;

3) колку вкупно лица се повредени во повредата при работата (заедно со загинатите);

4) колку лица загинале на местото на несреќата односно умреле на патот до здравствената организација;

5) дали слична несреќа настанала порано на истото работно место и на истата работа;

6) извор на несреќата;

7) причини за несреќата;

8) дали е утврдено дека работникот на работното место е загрозен;

9) користење на личните заштитни средства:

– дали е наредено користење на личните заштитни средства и личната заштитна опрема;

– дали се користени личните заштитни средства и личната заштитна опрема;

– дали се применети општите и посебните мерки за заштита при работата.

4. Евиденција за лицата што бараат вработување

Член 17

Во евиденцијата за лицата што бараат вработување се внесуваат податоци за секое лице кое ќе и се пријави на организацијата за вработување заради барање на вработување, кое има живеалиште или му престанал работниот однос на подрачјето на организацијата за вработување на која и се пријавува.

Член 18

Евиденцијата за лицата што бараат вработување ги содржи следниве податоци:

1) презиме и име;

2) матичен број;

3) место на раѓањето (место, општина, република односно автономна покраина);

4) живеалиште и адреса на станот (место, општина, република односно автономна покраина);

5) датум на пријавувањето;

6) занимање;

7) училишна подготовка;

8) стручно образование;

9) стаж на осигурувањето;

10) работна способност според изјавата на работникот (целосна, ограничена, намалена);

11) причина за престанување на работниот однос;

12) дали вработување бара првпат или веќе бил вработен;

13) дали вработување бара:

– во Социјалистичка Федеративна Република Југославија – во живеалиштето, надвор од живеалиштето;

– во странство;

14) големина на земјишниот посед:

– сопствен замјишен посед во хектари,

– земјишен посед на домаќинството во хектари;

15) лични примања на членовите на домаќинството, по еден член на домаќинството – просечен износ;

16) дали работникот е упатен заради вработување и колку пати;

17) дали работникот го прифатил – го одбил понуденото вработување и колку пати;

18) време за кое работникот може да користи паричен надомест;

19) време на фактичкото користење на паричниот надомест;

20) височина на паричниот надомест;

21) време на користење на правото на детски додаток;

22) број на децата за кои го користи правото на детски додаток;

23) дали е здравствено осигурен;

24) датум на вработувањето;

25) дали се вработил со посредство на организација за вработување:

– во Социјалистичка Федеративна Република Југославија,

– во странство;

26) датум на престанување на водењето евиденција;

27) причина за престанување на водењето евиденција.

Член 19

Евиденцијата за лицата што бараат вработување почнува за одделно лице да се води со денот на неговото пријавување на организацијата на вработување, а престанува да се води кога односното лице ќе се вработи, кога самото ќе се одјави, во случај на бришење од евиденцијата врз основа на републички односно покраински прописи и во случај на смрт.

Лицето за кое се води евиденција од член 18 на овој закон е должно секоја промена на податоците да и ја пријави на организацијата за вработување во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената.

5. Евиденција за потребата од работници

Член 20

Во евиденцијата за потребата од работници се внесуваат податоци за работите односно за работните задачи што треба да ги извршуваат работниците што им се потребни на организациите односно на работодавците.

Член 21

Во евиденцијата за потребата од работници податоците се внесуваат врз основа на пријава за потребата од работници, што организациите односно работодавците ја доставуваат до организацијата за вработување.

Пријавата од став 1 на овој член не ја доставуваат установите и единиците на Југословенската народна армија и органите за внатрешни работи.

Пријавата од став 1 на овој член се доставува во рок од осум дена од денот на донесувањето на одлуката за засновање на работен однос со други работници и за утврдување на бројот на потребните работници односно од денот на донесувањето на одлуката за објавување на јавен конкурс.

Пријавата од став 1 на овој член ги содржи особено податоците од член 22 на овој закон.

Член 22

Евиденцијата за потребата од работници ги содржи следниве податоци:

1) назив на организацијата односно на работодавецот;

2) место и адреса на организацијата односно на работодавецот;

3) матичен број на единствениот регистар на подносителот на пријава за потребата од работници;

4) дејност на организацијата односно на работодавецот;

5) опис на работите односно на работното место што треба работникот да ги врши;

6) дали на организацијата и е потребен работник или приправник;

7) на кое време се заснова работниот однос:

– на неопределено време,

– на определено време;

8) за вршење на работите односно работните задачи е предвидено:

– полно работно време,

– пократко работно време од полното работно време;

9) занимање кое треба да го има работникот;

10) училишна подготовка која треба да ја има работникот;

11) стручно образование кое треба да го има работникот;

12) работно искуство кое треба да го има работникот.

Член 23

Пријавата за потребата од работници, што организациите односно работодавците и ја доставуваат на организацијата за вработување, се поднесува на пропишаниот образец само еднаш.

Ако организацијата односно работодавецот не засновe работен однос со онолкав број работници за вршење на работите на работните места колку и се пријавени на организацијата на вработување, таа организација односно работодавецот се должни на организацијата за вработување да и достават извештај за реализацијата на пријавата за потребата од работници.

Извештајот од став 2 на овој член се поднесува најдоцна во рок од осум дена од денот кога подносителот на пријавата за потребата од работници одлучил дека не може да се донесе одлука за засновање на работен однос односно од денот кога ќе донесе одлука со која делумно е реализирана пријавата за потребата од работници.

Член 24

Извештајот за реализацијата на пријавата за потребата од работници ги содржи особено следниве податоци:

1) назив на организацијата односно на работодавецот;
2) седиште и адреса на организацијата односно на работодавецот;
3) матичен број на единствениот регистар на подносителот на пријавата за потребата од работници;
4) регистарски број на пријавата за потребата од работници кај организацијата за вработување;
5) број на потребите од работници што врз основа на пријавата во целост се реализирани;
6) број на потребите од работници за кои постапката се обновува;
7) број на потребите од работници за кои постапката се запира;
8) причини поради кои пријавата за потребата од работници не е извршена.
- недоволен број кандидати,
- несоодветна работна и стручна способност на кандидатите;
- други причини.

Член 25

Ако организацијата односно работодавецот заснове работен однос со работници по пријавата од член 21 на овој закон, должна е на организацијата за вработување да и достави извештај за засновањето на работен однос.

За поднесување на извештајот од став 1 на овој член се користи копијата на единствениот образец на пријавата на осигурување и на извештајот за засновањето на работен однос.

Извештајот од став 1 на овој член се доставува во рок од осум дена од денот на засновањето на работниот однос.

Член 26

Извештајот за засновање на работниот однос ги содржи, особено, следниве податоци:
1) назив на организацијата односно на работодавецот;
2) место и адреса на организацијата односно на работодавецот;
3) регистарски број на пријавата за потребата од работници кај организацијата за вработување;
4) матичен број на единствениот регистар на подносителот на извештајот за засновањето на работен однос;
5) број и датум на поднесувањето на пријавите за потребата од работници;
6) датум на засновањето на работниот однос;
7) начин на примање на работникот односно на приправникот:
- со посредство на организацијата за вработување,
- без посредување на организацијата за вработување,
- со ангажирање на работник што е работен однос во друга организација;
8) вид на работното време:
- на неопределено време,
- на определено време,
- приправник.

6. Евиденција за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство

Член 27

Во евиденцијата за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија привремено вработени во странство се внесуваат податоци за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија што отишле на привремена работа во странство со посредство на организацијата за вработување или без нејзино посредување и податоци за југословенските работници што организациите ги упатуваат на привремена работа во странство заради изведување на инвестициони работи во странство односно по основ на деловна техничка соработка со странски деловни партнери.

Член 28

Евиденцијата за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство содржи:

а) податоци за работникот на привремена работа во странство:
1) презиме и име;
2) матичен број;
3) место на раѓањето (место, општина, република односно автономна покраина);
4) училишна подготовка;
5) занимање;
6) дали ја регулирал воената обврска;
7) дали има и странско државјанство и од кога;
8) последно живеалиште во Социјалистичка Федеративна Република Југославија (улица и број, место, општина, република односно автономна покраина);
9) живеалиште односно престојувалиште во странство (улица и број, место, држава);
10) датум на заминувањето на привремена работа во странство;
11) датум на враќањето од привремена работа во странство;
12) време поминато на привремена работа во странство;
13) датум на пријавата за осигурување кај странскиот носител на социјално осигурување (здравствено, пензиско и инвалидско);
14) датум на одредбата на осигурувањето кај странскиот носител на социјалното осигурување;
б) податоци за посредувањето при вработувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;
1) дали работникот сака организацијата за вработување да му посредува заради вработување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;
2) какво вработување бара (работи на работното место);
3) каде бара вработување:
- во живеалиштето,
- на подрачјето на организацијата за вработување,
- на територијата на републиката односно на автономната покраина, на која има живеалиште,
- надвор од територијата на републиката односно на автономната покраина, на која има живеалиште,
4) работи за чие вршење се оспособил со работа во странство;
5) степен на стручната подготовка што го стекнал со работа во странство;
6) стручно образование стекнато со работа во странство;
7) датум кога може да го прифати понуденото вработување;
8) дали на работникот му е понудено вработување и колку пати;
9) дали работникот го прифатил - го одбил понуденото вработување;
10) датум на вработувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 29

Евиденцијата за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство почнува за одделен граѓанин да се води со денот на неговото упатување на привремена работа во странство односно на пријавувањето на одењето на привремена работа во странство до организацијата за вработување односно со денот на приемот на примерокот од барањето за издавање односно за продолжување на рокот на важењето на патната исправа или за издавање виза (во натамошниот текст: примерок) од член 30 став 2 на овој закон, а престанува да се води со денот на пријавувањето на враќањето од привремена работа од странство и во случај на отпуст од државјанството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, пензионирање или смрт.

Член 30

Заради водење на евиденција за југословенските граѓани привремено вработени во странство, должни се:
а) граѓанинот:
1) кој заминува на привремена работа во странство без посредување на организација за вработување - најдоцна на осум дена пред заминувањето да ѝ се пријави на надлежната организација за вработување заради давање податоци за привременото вработување во странство;

2) кој се враќа од привремена работа од странство - најдоцна во рок од 15 дена од денот на враќањето од странство, да ѝ се пријави на надлежната организација за вработување заради давање на податоци за враќањето од привремена работа во странство;

3) кој се наоѓа на работа во странство, а сака соодветна организација за вработување да му посредува заради вработување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија - да поднесе до организацијата за вработување писмена пријава за посредување при вработувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

б) организацијата:

1) која упатува свои работници на привремена работа во странство - да поднесе до надлежната организација за вработување најдоцна на осум дена пред денот на заминувањето на работникот на привремена работа во странство писмена пријава за упатување на работникот на привремена работа во странство;

2) чии работници се враќаат од привремена работа во странство - да достави до надлежната организација за вработување најдоцна во рок од 15 дена од денот на враќањето на работникот од странство писмен извештај за враќањето на работникот од привремена работа во странство.

Органот, освен дипломатското или конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство, кој, според одредбите на сојузниот закон со кој се уредува издавањето на патни исправи на државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, е надлежен за издавање односно за продолжување на рокот на важење на патната исправа е должен за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство кои ќе поднесат барање за издавање односно за продолжување на рокот на важење на патната исправа или за издавање виза, примерок од барањето (препис, копија или фотокопија) да ѝ достави на организацијата за вработување на чие подрачје се наоѓа последното живеалиште на граѓанинот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во рок од 15 дена од приемот на барањето.

Член 31

Дипломатското или конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на кое му е поднесено барањето од член 30 став 2 на овој закон, примерок од барањето доставува до републичкиот односно до покраинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи - за организацијата за вработување на чие подрачје се наоѓа последното живеалиште на граѓанинот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кој е на привремена работа во странство.

Републичкиот односно покраинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи примерокот од барањето од член 30 став 2 на овој закон, што го примил од дипломатското или од конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, без одлагање го доставува до органот во републиката односно во автономната покраина надлежен за издавање на патни исправи и визи, а органот во републиката односно во автономната покраина примерок од барањето во рок од 30 дена од денот на приемот ѝ доставува на организацијата за вработување на чие подрачје се наоѓа последното живеалиште на граѓанинот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кој е на привремена работа во странство.

Организациите за вработување се должни примероците на барањето од ст. 1 и 2 на овој член да им ги стават на увид на органите што се овластени за тоа односно на организациите надлежни за работи на здравственото осигурување и на пензиското и инвалидското осигурување, на нивно барање.

Член 32

Пријавата за посредување при вработувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија (член 30 под а) точка 3) ги содржи податоците од член 28 под а) точ. 1 до 10 и под б) точ. 1 до 7 на овој закон.

Член 33

Пријавата односно извештајот од член 30 под б) на овој закон ги содржи, особено, следниве податоци:

1) назив на организацијата што ја поднесува пријавата односно извештајот;

2) место и адреса на организацијата;

3) дејност за која организацијата е регистрирана;

4) вкупен број на работниците вработени во организацијата на денот на поднесувањето на пријавата односно на извештајот;

5) основ по кој работниците се упатуваат односно основ по кој биле упатени на привремена работа во странство (изведување на инвестициони работи, деловно-техничка соработка и др.);

6) вкупен број на работниците што се упатуваат на привремена работа во странство односно што се враќаат од привремена работа во странство, според работниот стаж во организацијата.

При доставувањето на пријавата од член 30 под б) точка 1 на овој закон, организацијата што упатува свои работници на привремена работа во странство ги доставува до надлежната организација за вработување за секој одделен работник и податоците од член 28 под а) точ. 1 до 10 на овој закон.

При доставувањето на извештајот од член 30 под б) точка 2 на овој закон, организацијата чии работници се враќаат од привремена работа во странство доставува до надлежната организација за вработување и список на работниците што се вратиле од привремена работа во странство.

7. Евиденција за понудите на странски работодавци за привремено вработување на граѓани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство

Член 34

Во евиденцијата за понудите на странски работодавци за привремено вработување на граѓани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство се внесуваат податоци за понудите за привремено вработување на граѓани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство, што ги доставуваат странски работодавци, странски органи или странски организации (во натамошниот текст: странски работодавци).

Член 35

Евиденцијата за понудите на странски работодавци за привремено вработување на граѓани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство ги содржи следниве податоци:

1) датум на приемот на понудата;

2) назив на државата во која се наоѓа странскиот работодавец;

3) назив и адреса на странскиот работодавец;

4) дејност на странскиот работодавец;

5) број на работниците што странскиот работодавец ги бара, по занимања и квалификации;

6) вид на понудата (анонимна, поименична, со назнака на подрачјето);

7) подрачја од кои се бараат работници;

8) број на барани работници доделени на одделни републики или автономни покраини;

9) рок за реализација на понудата;

10) број на упатените работници од одделни републики и автономни покраини;

11) причини поради кои понудата во целост или делумно не е реализирана.

8. Евиденции за странските државјани и за лицата без државјанство вработени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Член 36

Евиденција за странските државјани и за лицата без државјанство кои бараат вработување или се вработени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија (во натамошниот текст: странски државјани) води републичката односно покраинската организација за вработување кај која се пријавил странскиот државјанин заради вработување односно на чија територија се наоѓа организацијата односно работодавецот со кој странскиот државјанин засновал работен однос.

Член 37

Евиденцијата за странските државјани кои бараат вработување односно кои се вработени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија ги содржи следниве податоци:

1) презиме и име;
2) пол;
3) ден, месец и година на раѓањето;
4) назив на државата и место на раѓањето;
5) државјанство;
6) степен на стручната подготовка од определено занимање;
7) назив и адреса на организацијата односно на работодавецот кај кого е вработен;
8) работниот однос заснован;
- по основ на оглас односно конкурс;
- по основ на договор за вложување средства на странски лице во домашна организација или кај домашен работодавец;
9) престојот одобрен:
- по основ на дозвола за привремен престој,
- по основ на дозвола за постојан престој,
10) датум на засновањето на работниот однос;
11) датум на престанокот на работниот однос.

Член 38

Заради водење евиденција за странските државјани, вработени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, организациите и работодавците ги доставуваат до надлежната организација за вработување:

1) пријавата за засновање на работен однос со странски државјанин,
2) пријавата за промена на податоците за вработениот странски државјанин,
3) пријавата за престанокот на работата на странскиот државјанин.

Член 39

Пријавите од член 38 на овој закон се поднесуваат во рок од осум дена од денот на засновањето на работниот однос односно од денот на настанувањето на промените односно од денот на престанокот на работата на странскиот државјанин.

Член 40

Евиденцијата за странскиот државјанин од член 37 на овој закон почнува да се води со денот на пријавувањето на странскиот државјанин кај надлежната организација за вработување дека бара вработување односно со денот на приемот на пријавата за засновање на работен однос, а престанува да се води со денот на пријавата за престанок на работата.

Податоците за странскиот државјанин во евиденцијата што се води според овој закон се чуваат како трајни вредности.

Ако странскиот државјанин, поради барање или промена на вработувањето, постојано се насели на подрачјето на друга организација за вработување, организацијата за вработување која води евиденција за тој странски државјанин податоците од евиденцијата ѝ ги доставува на организацијата за вработување на чие подрачје се преселил странскиот државјанин.

9. Евиденција за осигурениците и за уживателите на права од здравственото осигурување

Член 41

Во евиденцијата за осигурениците и за уживателите на права од здравственото осигурување се внесуваат податоци за осигурениците и осигурените лица според прописите за здравственото осигурување (во натамошниот текст: осигурениците).

Во евиденцијата од став 1 на овој член не се внесуваат податоци за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство, ако се осигурени кај странски носител на социјално осигурување за воените осигурениците и за привремено навработените лица - корисници на правата од здравственото осигурување.

Член 42

Евиденцијата за осигурениците и за уживателите на правата од здравственото осигурување ги содржи следниве податоци:

а) податоци за осигуреникот - носител на правата:
1) презиме и име;
2) матичен број;
3) пол;
4) ден, месец и година на раѓањето;
5) живалиште и адреса (место, општина, република односно автономна покраина);
6) занимање;
7) училишна подготовка;
8) основ на осигурувањето;
9) сектор (општествен, задружен, мешовити и приватни);

б) податоци за организацијата односно за работодавецот:
1) назив и адреса;
2) регистарски број;
3) дејност;

в) податоци за осигурените членови на семејството:
1) име и презиме;
2) пол;
3) ден, месец и година на раѓањето;
4) занимање;
5) сродство;

г) податоци за користење на правата;
1) број на деновите на неспособност односно на спреченост за работа за кои се прима надомест на личниот доход од средствата на организацијата надлежна за работи на здравственото осигурување;
2) исплатен износ на надоместот за неспособност односно спреченост за работа;
3) број на денови на лекување во стационарна здравствена организација;
4) број на првите и на повторните посети на амбулантна и на диспанзерска здравствена организација.

Член 43

Евиденцијата за осигурениците и за уживателите на правата од здравственото осигурување се води за одделен осигуреник врз основа на пријавувањето на осигурување односно на одјавувањето на осигурување и врз основа на известувањето за неспособноста односно спреченоста за работа, за лекување во стационари здравствени организации, кое се врши според републичките односно покраинските прописи за здравственото осигурување.

10. Евиденција за членовите на семејствата на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство - корисници на здравствена заштита

Член 44

Во евиденцијата за членовите на семејствата на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство - корисници на здравствена заштита се внесуваат податоци за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство и за членовите на нивните семејства со постојано живеалиште со Социјалистичка Федеративна Република Југославија, што ги користат правата од здравственото осигурување врз товар на странски носител на социјалното осигурување.

Член 45

Евиденцијата од член 44 на овој закон ги содржи следниве податоци;

а) податоци за осигуреникот;
1) презиме и име,
2) пол,
3) ден, месец и година на раѓањето,
4) живеалиште во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и адреса (место, општина, република односно автономна покраина),
5) место и адреса во странство,
6) назив на државата во која е вработен,
7) назив и адреса на странскиот носител на социјалното осигурување,

8) датум на почетокот на правото на давање,
9) датум на престанокот на правото на давање,
10) причина за престанок на правото на давање;

б) податоци за членовите на семејствата на осигуреници со постојано живеалиште во Социјалистичка Федеративна Република Југославија – корисници на правото на здравствена заштита:
1) име и презиме,
2) пол,
3) ден, месец и година на раѓањето,
4) сродство со носителот на правото,
5) живеалиште во Социјалистичка Федеративна Република Југославија,

в) податоци за издадените и за примените исправи во врска со користењето на правата.

Член 46

Евиденцијата за членовите на семејствата на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство – корисници на здравствена заштита се води врз основа на исправите утврдени со конвенциите за социјалното осигурување и со други меѓудржавни спогодби, што странскиот носител на осигурувањето ги доставува до организациите надлежни за работи на здравственото осигурување.

Евиденцијата за членовите на семејствата на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство – корисници на здравствена заштита почнува да се води со денот на приемот на исправите од став 1 на овој член, а престанува да се води со денот на престанокот на правото на користење на здравствената заштита.

Податоците за осигуреникот и за членовите на неговото семејство за кои ќе престане да се води евиденцијата од став 1 на овој член организацијата надлежна за работи на здравственото осигурување ги чува како документи од трајна вредност.

11. Евиденција за корисниците на права од инвалидското осигурување

Член 47

Во евиденцијата за корисниците на права од инвалидското осигурување се внесуваат податоци за работниците инвалиди на трудот што во организација или кај работодавец остваруваат права по основ на преостанатата работна способност (распоредување, преквалификација или доквалификација и соодветен паричен надомест) и за работниците кај кои постои изменета работна способност или непосредна опасност од настанување на инвалидност (распоредување).

Евиденцијата од став 1 на овој член, покрај податоците утврдени во член 42 под а) на овој закон, ги содржи и следниве податоци за користењето на правото од став 1 на овој член:
1) датум на признавање на правото,
2) датум на почетокот на остварувањето на правото,
3) видови права кои се остваруваат,
4) датум на престанокот на правото.

III. ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Член 48

Водењето на евиденции во областа на трудот, установени со овој закон, се врши со запишување на податоците во картотеки, книги, обрасци, средства за автоматска обработка на податоците и во други средства за водење на евиденција.

Обрасците за доставување на пријавите односно на извештаите пропишани со овој закон ги утврдува сојузниот орган на управата надлежен за работи на трудот.

Во евиденциите пропишани со овој закон можат да се внесуваат податоци од соодветните евиденции во областа на трудот пропишани од страна на надлежниот републички односно покраински орган.

Член 49

Запишување на податоците во средствата за водење на евиденциите установени со овој закон се врши врз основа на јавни исправи, други исправи (пријави, одјави, извештаи и др.) и внатрешната документација на организацијата.

Ако податоците не можат да се запишат во евиденцијата на начинот од став 1 на овој член, се запишуваат врз основа на изјава на лицето чиишто податоци се запишуваат во евиденцијата.

Ако организацијата што ја води евиденцијата не располага со исправите од став 1 на овој член, лицето за кое се води евиденција е должно да ги поднесе тие исправи до организацијата односно да даде изјава во смисла на став 2 од овој член.

Член 50

Основните организации на здружен труд, по правило, водењето на евиденциите од член 2 став 1 на овој закон ќе и го доверат на заедничката служба во работната организација, на друга организација на здружен труд во чиј состав се наоѓаат или на овластена специјализирана организација.

Член 51

За точноста на податоците внесени во пријавата односно во извештајот од чл. 21, 23, 24 и 25, член 30 одредба под б), чл. 38 и 47 од овој закон и за внатрешната документација на организацијата (член 49) е одговорен раководителот на организацијата.

За точноста на податоците внесени во пријавата од член 30 под а) точка 3 од овој закон е одговорен граѓанинот што ја поднесува пријавата.

За точноста на податоците дадени со изјавата е одговорно лицето што ја дало изјавата.

За точноста на податоците запишани во евиденцијата е одговорен работникот определен за водење на евиденцијата.

Член 52

Методолошките принципи за водење на евиденциите во областа на трудот ги утврдува сојузниот орган на управата надлежен за работи на трудот, по прибавено мислење од сојузната организација надлежна за работи на статистиката и од организациите надлежни за работи на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување во федерацијата.

Член 53

Извештаите со податоци од евиденцијата за граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство, републичките односно покраинските организации надлежни за работите на вработувањето ги доставуваат до сојузната организација надлежна за работи на вработувањето.

Член 54

Извештаите со податоци од евиденцијата за понудите на странски работодавци за привремено вработување на граѓани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство сојузната организација надлежна за работи на вработувањето ги доставува до сојузниот орган на управата надлежен за работи на трудот и до републичките односно до покраинските заедници во областа на вработувањето.

Член 55

Извештаите со податоци од евиденцијата за членовите на семејствата на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа во странство – корисници на здравствена заштита, републичките и покраинските организации надлежни за работи на здравственото осигурување ги доставуваат до сојузниот орган на управата надлежен за работи на трудот.

Член 56

Средствата, начинот и роковите за доставување на извештаите од чл. 53 до 55 на овој закон ги утврдува сојузниот орган на управата надлежен за работи на трудот.

IV. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 57

Со парична казна од 900 до 4.500 динари ќе се казни за прекршок организацијата ако не ги води или неуредно ги води евиденциите од чл. 6, 11 и 14 од овој закон.

За дејствието од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок со парична казна од 200 до 1.000 динари и одговорното лице во организацијата.

Член 58

Со парична казна од 800 до 4.000 динари ќе се казни за прекршок организацијата:

1) ако во евиденцијата за повреда при работа не ги внесе податоците во рокот пропишан во член 15 на овој закон;

2) ако во пропишаниот рок не ја достави пријавата од чл. 21 и 30 под б) точка 1 и од чл. 38 и 61 од овој закон;

3) ако во пропишаниот рок не го достави извештајот од чл. 25 и 30 под б) точка 2 од овој закон;

4) ако во пријавата од чл. 21 и 30 под б) точка 1 и чл. 38 и 61 од овој закон односно во извештајот од чл. 23, 25 и 30 под б) точка 2 од овој закон внесе неточни податоци;

5) ако податоците не ги запишува на начинот пропишани во член 49 од овој закон.

За дејствието од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок со парична казна од 80 до 800 динари и одговорното лице во организацијата.

Член 59

Со парична казна од 300 до 1.000 динари ќе се казни за прекршок работодавецот кој не ги води или неуредно ги води евиденциите од чл. 6, 11 и 14 на овој закон.

Член 60

Со парична казна од 200 до 1.000 динари ќе се казни за прекршок работодавецот:

1) ако во пропишаниот рок не ги достави пријавите од чл. 21 и 38 на овој закон;

2) ако во пропишаниот рок не го достави извештајот од член 25 на овој закон;

3) ако во пријавата пропишана во чл. 21 и 38 од овој закон односно во извештајот од член 25 на овој закон внесе неточни податоци.

Член 61

Со парична казна од 100 до 500 динари ќе се казни за прекршок поединец:

1) кој не ќе ја пријави промената на податоците запишани во евиденцијата (член 10 и член 19 став 2);

2) кој по пат на изјава ќе даде неточни податоци (чл. 23 и 51 став 3);

3) кој ќе замине на привремена работа во странство односно кој ќе се врати од привремена работа во странство, а во пропишаниот рок не ќе ѝ се пријави на самоуправната интересна заедница за вработување (чл. 23 и 30 под а) точ. 1 и 3);

4) кој податоците содржани во евиденциите установени со овој закон ќе ги употреби за цели надвор од оние што се определени во член 4 од овој закон.

Со паричната казна од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок и работникот определен за водење на евиденцијата што во евиденцијата ќе запише неточни податоци (член 51 став 4).

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 62

Прописот од член 48 став 2 на овој закон и прописите донесени врз основа на Законот за евиденциите во областа на трудот („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/77 и 21/82) ќе се донесат односно ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето на овој закон во сила.

Член 63

Со денот на влегувањето на овој закон во сила престанува да важи Законот за евиденциите во областа на трудот („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/77 и 21/82).

Член 64

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1991 година.

307.

Тргнувајќи од материјалот „Остварувањето на одговорноста во социјалистичкото самоуправно општество", Собранието на СФРЈ, врз основа на член 281 став 1. точ. 2), 16) и 18), а во врска со член 95 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, со Амандман I и со Амандман X точ. 3, 4 и 10 на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата на Сојузниот собор од 16 март 1990 година, донесе

РЕЗОЛУЦИЈА

ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКОТО САМОУПРАВНО ОПШТЕСТВО

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБАТА

1. Одговорноста е еден од основните принципи на организирањето и функционирањето, како и услов за репродукција и развој на секое, а особено на социјалистичкото самоуправно општество и неодвојлив дел на остварувањето и заштита на човечките слободи, права и должности.

Состојбата во врска со одговорноста кај нас не е задоволителна и е една од основните причини и показатели на општата криза на општеството. Таа суштествено го загрозува остварувањето и развојот на социјалистичките самоуправни општествено-економски односи и функционирањето на политичкиот систем и причинува тешки последици во сите области на општествениот живот.

Проблемите и недостатоците во остварувањето на одговорноста се појавуваат особено: во повредите на слободите и правата на човекот и граѓанинот, како и на уставноста и законитоста; во неизвршувањето или недоследното, неефикасното и ненавременото извршување на прописите и на самоуправните општи акти; во повредите на самоуправувањето, на самоуправните права, општествената сопственост и на единствениот југословенски пазар; во ненавременото, недоволно квалитетното и неконзистентото уредување на општествено-економските и на другите општествени односи; во се почестите појави на недоволно ефикасно и одговорно вршење на јавните, самоуправните и други општествени функции; во финансиската и работната недисциплина, како и во другите видови недисциплина; во арбитрарноста во одлучувањето и во неповедувањето постапка за утврдување на одговорноста. Тие проблеми и недостатоци се посебно изразени во бавното и недоследното спроведување на Југословенската програма на мерки и активности за запирање на иселувањето на Србите и Црногорците од Косово, побрзо враќање на оние што го напуштиле и доаѓање на сите што сакаат да живеат и работа на Косово.

Изостануваат осуди за повредите на рамноправноста на субјектите на единствениот југословенски пазар, за затвореноста на пазарот, монополитичката положба, предизвикувањето нарушувања на пазарот или во производството, за нелојалната конкуренција, особено во работите на надворешнотрговски промет, за склучувањето на штетни договори и причинувањето стечај, како и за неизвршувањето на судските одлуки. Мерките што се преземаат и казните што се изрекуваат најчесто се симболични.

Посебно е опасно што нема одговорност кога е во прашање заштитата на човековата природна и работна средина, последица од што е загадувањето на земјиштето, водата и воздухот, пуштањето во промет на животни намирници со состојки опасни за животот на граѓаните, големиот број несреќи и хаварии и др.

Состојбата во одделни видови и форми на одговорноста, иако со различен степен на остварување и карактеристики, во основа не е незадоволителна, особено во политичката, самоуправната и економската одговорност.

2. Причините за недоволното и недоследното остварување на одговорноста во основа се идентични со причините што го доведоа југословенското општество до тешко-

ка економска, политичка и морална криза, а тоа се особено: недоволно остварената положба на работните луѓе и граѓаните утврдена со Уставот на СФРЈ; надмоќта на политиката над економијата и правото; раширените појави на одлучување во центрите на отуѓената политичка и економска моќ; преголемата административна интервенција на државните органи во стопанството и општествените дејности и ограничувањето на дејствувањето на законитостите на пазарот и на економските категории; неизвршувањето на прописите и на самоуправните општи акти; недоволната јавност и контрола над работата на државните, самоуправните и другите општествени органи; нецелосното разграничување на правата и должностите на носителите на самоуправните, јавните и другите општествени функции; непрецизноста во утврдувањето кој, поради што и кому му одговара; недоволното уважување на науката и струката при донесувањето на одлуките; нарушениот систем на вредностите; монополот на Сојузот на комунистите на Југославија во кадровската политика; изостанувањето на навремени иницијативи и активности на организираните социјалистички сили.

II. ОСНОВИ НА ПОЛИТИКАТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ СПРОВЕДУВА

1. Заради поцелосна заштита на основните вредности и побрза преобразба и развој на социјалистичкото самоуправно општество, нужно е сите субјекти да направат радикален завој во остварувањето и унапредувањето на одговорноста во сите области на општествениот живот и работа и значително да ја засилат активноста во обезбедувањето претпоставки неопходни за одговорно однесување и доследно остварување и унапредување на одговорноста.

Одговорноста треба да биде основен однос помеѓу луѓето во сите области на нивната работа и живот, неодвојлив дел и исходиште на слободите, правата и должностите на човекот и граѓанинот, на самоуправните права на работните луѓе, на социјалистичкиот самоуправен систем и на другите основни вредности на социјалистичкото самоуправно општество. Таа треба да важи за сите субјекти во општеството, посебно за носителите на самоуправните, јавните и другите општествени функции и од неа никој не може да биде изземен ниту ослободен.

Политиката на одговорноста мора да биде заснована, особено, врз:

1) доследното остварување на уставноста и законитоста и на социјалистичкот морал; навременото и енергичното отстранување на причините за незаконитото дејствување и неморалното однесување; решителното и ефикасното поведување и водење на постапката против сторителите на општествено опасни, штетни и неморални дела и изрекувањето и примената на санкции соодветни на тежината на тие дела, без оглед на тоа кој ги сторил;

2) поврзувањето, условувањето и обединувањето на правата, должностите и одговорностите заради обезбедување одговорност на секого спрема сите и на сите спрема секого и врз остварувањето на принципот дека поголема одговорност поднесуваат оние субјекти кои располагаат со пошироки и позначајни овластувања односно воспоставувањето на сразмерен однос помеѓу довереното овластување и одговорноста за неговото вршење;

3) доследната примена на личната и колективната одговорност и попрецизното утврдување и разграничување на личната одговорност во колективната работа и одлучување;

4) афирмирањето и поефикасната заштита на општествената сопственост и на самоуправувањето како основен продукционен однос и обезбедувањето распределба според трудот и резултатите од трудот во услови на дејствување на пазарните законитости;

5) обезбедувањето на такви општи услови за стопанисување и работа со кои се овозможува сите стопански и други субјекти да бидат самостојни и рамноправни во вршењето на своите дејности на пазарот, како и во засилената одговорност на државните, самоуправните и работоводните органи за навременото и доследното обезбедување на тие услови и ефикасното остварување на економската политика и на плановите за развој;

6) демократизацијата на вкупните општествени односи, посебно во политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување, обезбедувањето на постојана отвореност на секој општествен субјект и на општествената заедница во целост спрема личните и колективните иницијативи на работните луѓе и граѓаните, нивното творештво, претприемаштво и успех во работата, како и создавањето на штоповолни услови за развој на социјалистичката самоуправна демократска свест воопшто;

7) обезбедувањето услови сите субјекти материјално, морално и на друг начин да се мотивираат важечките прописи и правилата на моралот на социјалистичкото самоуправно општество да ги прифаќаат доброволно, како свои, и да ги применуваат без надворешна принуда;

8) отстранувањето на појавите со кои се попречува развојот на социјалистичкото самоуправно општество и се овозможуваат затвореност, монопол, привилегии и социјални разлики што не се засновани врз трудот и резултатите од трудот;

9) заострувањето на одговорноста за остварувањето на уставните слободи и права, заштитата и унапредувањето на општествената сопственост, на човековата животна и работна средина, на економската и социјалната положба, на личната и имотната сигурност, како и за остварувањето, заштитата и развојот на другите вредности на социјалистичкото самоуправно општество;

10) јакнењето на одговорноста на општествените и другите претпријатија и на самоуправните организации и заедници, како и на работниците во нив, за економски целесообразното користење на општествените средства, нивното постојано обновување, зголемување и унапредување и совесното извршување на работните обврски;

11) доследната одговорност на републиките и автономните покраини за сопствениот развој и за развојот на Федерацијата; врз демократското решавање на судирот на интересите и давањето предимства на утврдените заеднички и општи интереси над парцијалните;

12) афирмацијата на правната држава односно обезбедувањето на владеење на правото и целосна правна сигурност и рамноправност во работењето на стопанските субјекти на единствениот југословенски пазар, како и поцелосната усогласеност на домашното законодавство со прифатените меѓународни правила;

13) дерегулацијата на економските и на другите општествени односи во таа смисла тие порационално да се уредат, да се отстрани претераниот нормативизам во согласност со начелото дека е дозволено се што не е забрането со закон, да се стеснат можностите и практиката за уредување на општествените односи со интервентни закони, да се обезбеди поцелосна внатрешна и меѓусебна усогласеност на законите, другите прописи, општи акти и на самоуправните општи акти, државната принуда, посебно во економските односи, да се замени со договорни односи и со реално вреднување на економските односи и врз основа на дејствувањето на пазарните законитости, а императивните норми, по правило, да се заменат со диспозитивни;

14) доследното, квалитетното и ефикасното вршење на нормативните, извршните, правосудните и другите функции на државните и самоуправните органи, како и доследното остварување на одговорноста на тие органи во согласност со нивните права и должности;

15) унапредувањето на нормативните решенија за одговорноста во уставот, законите, другите прописи, општи акти и во самоуправните општи акти, особено врз поцелосната разработка и афирмација на самоуправната и економската одговорност;

16) решителното, ефикасното и одговорното остварување на положбата и улогата на субјективниот фактор во социјалистичкото самоуправно општество и обезбедувањето на политички плурализам.

2. Заради остварување на политиката и афирмирање на одделни видови и форми на одговорноста е неопходно:

1) да се унапредува политичката одговорност, пред се, со новелирање на основите и механизмите за нејзино ефикасно остварување, со учество на се поголем број работни луѓе и граѓани во политичкиот живот, со развивање на самоуправувањето во услови на сопственосен и политички плурализам, со поквалитетно и поцелосно обезбедување јавност на работата и јавно влијание и со систематско вршење контрола над работата на органите и на сите други носители на функциите;

– да се изгради изборен систем врз општоприфатените демократски принципи и придобивки (општи, тајни и непосредни избори со повеќе кандидати, одговорност пред избирачкото тело и др.);

– да се зајакнуваат улогата и одговорноста на собранијата на општествено-политичките заедници, во согласност

ност со нивните функции, и да се обезбеди самостојност и одговорност на нивните извршни органи, на органите на управата, правосудните органи и на другите одговорни пред собранијата органи, организации и функционери за законитото, целосното и ефикасното вршење на функциите;

– да се обезбеди, со целосно уважување на правото на носителите на функциите на оставка што секогаш може да се поднесе доброволно, да се спречи практиката на лесно прифаќање на оставката со едновремено исклучување на санкциите отповик, сменување или разрешување кога има основ за нивна примена;

2) поцелосно да се конституира и да се унапредува самоуправната одговорност во функција на заштитата и развојот на социјалистичките самоуправни односи во условите на пазарно стопанисување, пред се, со деетатизација на економските односи, со дерегулација и суштествено стеснување на прописите и на административните мерки, со попрецизно уредување на основите, субјектите, постапките за утврдување и на санкциите за самоуправната одговорност, како и со јакнење на активноста на самоуправувачите, на самоуправните и работоводните органи и на синдикатот;

3) да се обезбедуваат услови за остварување на економската одговорност, пред се, со попрецизно утврдување на карактерот и со поцелосно определување на општествената сопственост и на нејзиниот титулар, на задружната и другите форми на сопственост и начинот на нивната заштита; да се изгради и да се обезбеди функционирање на таков стопански систем и инструментариум со кои се обезбедува рамноправен третман на сите форми на сопственост; да се утврди и да се заостри одговорноста на надлежните органи, на стручните служби, на научните, специјализираните и на другите стручни организации за стручните оцени и предлози врз кои се заснова донесувањето на инвестиционите и деловните одлуки и мерки;

4) да се обезбеди материјална и морална мотивираност на работниците и стимулативни елементи во стекнувањето и распоредувањето на доходот односно добивката и во распределбата на средствата за лични доходи, да се афирмира работната дисциплина и самодисциплината на работниците, да се доградат законите и самоуправните општи акти во поглед на дисциплинската одговорност и да се придонесе кон создавањето работна етика и совесното и успешно извршување на работните обврски;

5) заради поефикасно уредување и остварување на материјалната одговорност, да се обезбедат поцелосни евиденции за средствата во општествена сопственост и, врз единствени основи евиденции за штетата причинета на таа сопственост како и за надоместот на таа штета, да се обезбеди обесштетување на општествената сопственост и да се инсистира на поефикасно преземање на мерки со кои ќе се спречува и остранува материјалната штета;

6) со доградба на казненото законодавство, посебно на казнената одговорност, да се обезбеи единствена заштита, особено на: основните слободи, права и должности на човекот и граѓанинот, самоуправувањето и општествената сопственост, единствениот југословенски пазар, определени вредности во областа на здравјето на луѓето и човековата средина и безбедноста на сообраќајот на патиштата. Посебно треба да се проучи дали пропишувањето на смртната казна е потребно односно дали смртната казна треба да се укине, па, ако се оцени дека смртната казна треба и понатаму да се задржи, тогаш да се намали обемот на кривичните дела за кои е пропишана смртната казна, да се преиспитаат обемот и содржината на одделни „вербални политички деликти" и инкриминациите за одделни кривични дела, стопански престапи и прекршоци, да се утврдат јасни критериуми за разграничување на кривичните дела, стопанските престапи и прекршоците, да се обезбеди нивна поголема меѓусебна усогласеност и да се преиспитаат обемот и видовите на казнените дела и санкциите, посебно за стопанските престапи и прекршоците;

7) да се обезбеди доследно остварување на независноста на судовите и на другите правосудни органи и да се бара примена на принципот на легалитет. Во согласност со тоа, носителите на правосудните функции би требало да ги избира и именува надлежниот орган на републиката односно на автономната покраина, кој би требало и да ги финансира правосудните органи во републиките и автономните покраини.

8) да се поттикнуваат пронаоѓаштвото, иновациите и другите видови творештво во претпријатијата, во самоуправните и другите организации и заедници и во органите и да се заостри нивната одговорност за обезбедувањето услови творештвото материјално и морално адекватно да биде вреднувано;

9) поцелосно да се остварува професионалната одговорност за стручната работа, особено во поглед на: обезбедувањето на принципот стручните работниците во својата работа доследно да ги применуваат правилата на струката и науката и да не подлежат на политички притисоци; квалитетната изработка на нацртите и предлозите на прописите и на самоуправните општи акти, инвестиционите елаборати и програми; собирањето, обработката и точното искажување на податоците, уредното водење на пропишаните евиденции, подготовката на мислења, извештаи, заклучоци и др. Стручните односно професионалните здруженија и организации треба да ја следат примената на постојните кодекси на професиите и, по потреба, да ги новелираат.

III. НАСОКИ И МЕРКИ

1. Заради остварување на основите на политиката за одговорноста, неопходно е да се спроведуваат следниве насоки:

1) да се ангажираат сите субјекти врз создавањето на таква општествена клима и свест што ќе го овозможат и поттикнуваат одговорното дејствување на работните луѓе и граѓаните, на органите и другите носители на самоуправните, јавните и други општествени функции во реализацијата на непосредните и долгорочните цели на социјалистичкото самоуправно општество;

2) образовно-воспитните, општествено-политичките и другите општествени организации поактивно и перманентно да работат врз развојот на социјалистичката самоуправна свест и моралот на социјалистичкото самоуправно општество;

3) да се засили превентивната активност на сите субјекти, за да се спречат навремено појавите на двоен морал, приватизација и узурпација, на т. н. корисни малверзации, злоупотреби, незаконито присвојување на доходот, односно на добивката и имотот, однесувањата спротивни на нормите на социјалистичкото самоуправно општество и другите штетни појави;

4) собранијата на општествено-политичките заедници, нивните извршни совети, органите на управата, судовите, јавните обвинители, општествените правобранители на самоуправувањето, органите на самоуправната работничка контрола и другите надлежни органи и организации да ја засилат својата активност врз заштитата на општествената сопственост и на самоуправните и други права на работните луѓе и граѓаните и да обезбедат услови за нивно ефикасно остварување;

5) собранијата на општествено-политичките заедници да се ориентираат, пред се, кон вршење на своите основни функции – утврдување на политиката, нормативна дејност, вршење на политичка контрола и општествен надзор и навремено давање насоки за работа на органите и организациите што се одговорни пред нив. Извршните органи на собранијата на општествено-политичките заедници својата работа да ја сосредоточат првенствено врз ефикасното спроведување на утврдената политика, грижата за извршувањето на прописите и вршењето оперативен надзор над работата на органите на управата и организациите што се одговорни пред нив. Органите на управата на општествено-политичките заедници да се ориентираат кон законито, ефикасно и навремено вршење на надлежностите, односно на задачите и работите од својот делокруг, а особено кон вршење надзор над работата на организациите, заедниците и здруженијата на кои им се доверени јавни овластувања;

6) работните луѓе и граѓаните во Социјалистичкиот сојуз на работниот народ поефикасно и редовно да вршат општествена контрола и критички да ја следат работата на органите на власта и на органите на самоуправните организации, заедници и здруженија, како и на другите носители на самоуправните, јавните и други општествени функции, особено во поглед на обезбедувањето јавност на работата и одговорност во работата; сите државни органи, претпријатија, организации на здружен труд и други самоуправни одрганизации и заедници, општествено-политичките и другите општествени организации и здруженија и нивните органи да ја обезбедат и развиват јавноста во сво-

јата работа; носителите на самоуправните, јавните и други општествени функции јавно и демократски да полагаат сметка, односно да одговараат пред работните луѓе и граѓаните како за вршењето така и за невршењето на функциите што им се доверени; секој носител на самоуправна, јавна или друга општествена функција, редовно, а најмалку една годишно, да му поднесува извештај за својата работа на органот, односно на телото што го избрало или именувало;

7) работните луѓе и граѓаните, органите и организациите да обезбедат демократизација на кадровската политика, особено: со пошироко учество на работните луѓе и граѓаните во сите фази на постапката за кондидирање и избор, именување и отповик на носителите на јавните, самоуправните и други општествени функции; со задолжително кандидирање и предлагање на повеќе кандидати за определена функција и со избор на кандидатот кој поднел најприфатлива програма и со својата работа, стручни, морални и други квалитети уверува дека таа програма успешно ќе ја реализира и одговорно ќе ја врши доверената функција. Во согласност со тоа, напредувањето во работата да се услови со соодветно знаење, работно-стручни способности, а особено со творечка работа, одговорност и со постигнати резултати. Секоја работа, односно функција да му биде достапна на секој работен човек и граѓанин под еднакви услови. Сите органи и организации да се ангажираат во натамошната доследна депрофесионализација на политичките и другите општествени функции и во намалувањето на бројот на функции и во намалувањето на бројот на функционерите и раководните работници;

8) научните и стручните организации и друштва, како и научните и стручните работници да ја преземаат и прифаќаат сопствената одговорност за научната и стручната заснованост на своите проекти и предлози, независно од одговорноста на органите, телата и лицата – нарачувачи на тие проекти и предлози. Во остварувањето на оваа одговорност, тие треба повеќе отколку досега да се ангажираат врз истражувањето на појавите и тенденциите значајни за објективното согледување на состојбата и проблемите на одговорноста. Општествено-политичките заедници, претпријатијата, организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници треба да обезбедуваат материјални и други услови за остварување на ваквата улога и одговорност на научните и стручните организации и друштва и на научните и стручните работници, грижливо да ги следат и разгледуваат резултатите од научните и стручните истражувања и да овозможуваат нивно користење и решително да го исклучуваат секој политички и друг волунтаризам во донесувањето на одлуките што бараат искуство и знаење;

9) собранијата на општествено-политичките заедници и другите субјекти на општествениот систем на информирањето што поскоро до востпостават и развиваат таков општествен систем на информирањето чиишто вистинити и навремени податоци и информации би овозможиле остварување и унапредување на одговорноста во социјалистичкото самоуправно општество; редовно и одговорно да вршат контрола над извршувањето на уставните и законските одредби за правата и должностите на сите субјекти во системот на општественото информирање; да го оценуваат степот на изграденоста и на техничката поврзаност на општествениот систем на информирањето и да ги преземаат потребните мерки заради негов развој и оспособување во согласност со современите општествени барања и потреби;

– средствата за јавно информирање уште повеќе да се ангажираат врз следењето на остварувањето и унапредувањето на одговорноста и врз вистинитото, потполно и навремено известување на јавноста за тоа и, врз таа основа, развивањето на социјалистичката свест и морал. Неопходно е да се заостри одгдоворноста за доследното применување на законите за јавното информирање, посебно за јавно изговорената или напишана реч, информирањето, за надминување на затвореноста и поделбите и несоодветната пропагандна војна на гласилата во републиките и автономните покраини. Во тоа значајна улога и одговорност имаат, пред се, основачите на јавните гласила, општествените совети, уредувачките органи и работните луѓе што работат во јавните гласила;

– службата на општественото книговодство, службите за општествени приходи, инспекциите и другите контролно-надзорни органи, во остварувањето на своите права и должности, да им обезбедуваат на претпријатијата, другите општествени правни лица и на надлежните органи навремени и потполни податоци и известување за неодговорното однесување на одделни субјекти.

2. Хеопходно е работните луѓе и граѓаните:

1) во претпријатијата, организациите на здружен труд, како и во другите самоуправни организации и заедници редовно да ги анализираат состојбата и проблемите во остварувањето на одговорноста и да донесуваат програми на мерки и активности за унапредување на одговорноста. Во тие анализи и програми посебно внимание треба да му посветат на утврдувањето и остранувањето на причините за неодговорното однесување со кои се загрозуваат општествените и други средства, се овозможува нивно нецелосообразно користење, се нанесува материјална и друга штета, не се обезбедува заштита на тие средства, се повредуваат правата на работниците, се допуштаат недисциплина и безделништво и се повредуваат работните обврски;

– во сите организации и заедници систематски да обезбедуваат услови за афирмирање и доследно остварување на самоуправната и економската одговорност и за афирмирање на деловниот успех, односно на резултатите од трудот, како најнужно мерило на одговорноста на субјектите што вршат стопанската или друга дејност;

– да извршат промени и да обезбедат рационализација и конзистентност на статутите и на другите општи акти заради унапредување на одговорноста, особено во поглед на утврдувањето на субјектите, предметите, основите, условите, видовите и формите на одговорност, постапките за нејзино утврдување, како и изрекувањето на санкции и други мерки спрема прекршителите на одговорноста;

2) во месните заедници да ја насочат својата активност кон сузбијање и спречување на неодговорното однесување и создавање услови и клима за доследно остварување на одговорноста, во согласност со целите на социјалистичкиот самоуправен развој и со своите поединечни и заедничките интереси, особено во погед на заштитата и унапредувањето на човековата средина, детската и социјалната заштита, заштитата на потрошувачите, општествената самозаштита, воспитувањето, образованието и културата;

3) во остварувањето на своите заеднички интереси и права и должности во општината, заедницата на општините, градската заедница односно во комуналниот систем, републиките и автономните покраини, непосредно и преку делегациите и делегатите во собранијата на тие заедници и во органите на самоуправувањето да создаваат и обезбедуваат услови за остварување и унапредување на одговорноста, особено со постојано анализирање на состојбата и проблемите во остварувањето на одговорноста, со попрецизно уредување на одговорноста и со обезбедување на заштита на слободите и правата на работните луѓе и граѓаните.

3. Републиките и автономните покраини треба што побрзо, во рамките на своите уставни права, должности и одговорности, да пристапат кон решавање на уочените проблеми и кон унапредување на одговорноста, особено од гледишта на: потребата за дерегулација на стопанските и другите општествени односи, целосното и прецизно уредување на одделни видови и форми на одговорноста, јасното определување на субјектите на одговорноста, подобрата и систематски поразвиена заштита и унапредување на човековата животна и работна средина, афирмирањето на одделни нови видови одговорност, одговорноста на републиките и автономните покраини за сопствениот развој и за развојот на социјалистичката заедница како целина, општествената заштита на самоуправните права и на општествената сопственост и извршувањето на сојузните и на другите закони и прописи и општи акти.

4. Федерацијата, републиките и автономните покраини треба да ја забрзаат работата врз обезбедувањето на единствен систем на одговорноста во правниот систем на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, со меѓусебна соработка и усогласување на законите и на другите прописи со Уставот на СФРЈ и со одделни решенија за основите на одговорноста утврдени со сојузните закони, како и значително повеќе отколку досега да соработуваат и да ја координираат својата работа со општините,

заедниците на општините, градските заедници и со самоуправните организации и заедници во решавањето на проблемите и унапредувањето на одговорноста.

5. Собранието на СФРЈ, Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и другите надлежни сојузни органи и организации, како и надлежните органи и организации во републиките и автономните покраини, посебно во СР Србија и САП Косово, како и сите други субјекти, во рамките на своите права и должности, треба енергично да се ангажираат врз целосното и доследно извршување на обврските утврдени со Југословенската програма на мерки и активности за запирање на иселувањето на Србите и Црногорците од Косово, побрзо враќање на оние што го напуштиле и доаѓање на сите што сакаат да живеат и работат на Косово и навремено да поведуваат постапка за утврдување и изрекување на пропишаните санкции и мерки на одговорност спрема органите и поединците кои тие обврски не ги извршуваат.

6. Сојузните органи и организации, во рамките на своите права и должности, ќе ги преземат мерките потребни за остварување и унапредување на одговорноста, а особено:

1) во постапката на усогласување на сојузните закони со Амандманите на Уставот на СФРЈ и на донесување на нови сојузни закони, Собранието на СФРЈ треба да обезбеди унапредување на системот на одговорноста, особено од гледиште на неговата конзистентност, рационалност и ефикасност. Тежиштето на активноста треба да биде врз обезбедувањето основи и механизми на економската и самоуправната одговорност во услови на пазарно стопанисување. Во согласност со тоа, треба ефикасно да се остварува и унапредува и политичката одговорност, а посебно да се разработи личната и колективната одговорност на носителите на самоуправните, јавните и други општествени функции, со истовремено изградување и на ефикасни механизми на одговорноста за бирократското затворање, волунтаристичкото одлучување и оддалечувањето од основите и целите на политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување. Да се обезбеди и автоматско поведување постапка за сменување или отповик (разрешување) на оние носители на функции кои не ги вршат своите функции или ги вршат неуспешно;

2) Собранието на СФРЈ навремено ќе ја утврдува политиката на извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општи акти, како и обврските на сојузните органи во врска со извршувањето на тие прописи и акти и значително повеќе отколку досега ќе врши политичка контрола над работата на Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и Народната банка на Југославија и општествен надзор над работата на организациите и заедниците во федерацијата што се одговорни пред него. Во Собранието на СФРЈ за систематско вршење на оваа контрола и надзор ќе се извршат неопходни подготовки. Собранието на СФРЈ, во вршењето на политичката контрола и општествениот надзор, неодложно ќе поведува постапка за утврдување на одговорноста на органите и организациите што се одговорни пред него и на функционерите што ги избира односно именува кога постојат основи и услови за утврдување на нивната одговорност.

Неопходно е да се засили одговорноста на делегатите и делегациите во Собранието на СФРЈ и во нивните изборни тела, како и одговорноста на соборите на Собранието на СФРЈ за вршењето на нивните функции. Заради тоа, да се унапредат нормативните решенија за нивната одговорност и да се обезебеди доследно применување на тие решенија.

Собранието на СФРЈ ќе ја заостри одговорноста на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата, во рамките на нивните права и должности, за спроведувањето на утврдената политика, извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општи акти и за насочувањето и усогласувањето на работата на сојузните органи на управата, а особено за обезбедувањето општи услови за преструктуирање на стопанството, ефикасно функционирање на единствениот југословенски пазар, самостојност и рамноправност на стопанските субјекти на пазарот, запирање и соборување на инфлацијата и безбедност на луѓето и имотот;

3) Сојузниот извршен совет треба порешително и подследно отколку досега да ја презема и поднесува одговорноста за решенијата што му ги предлага на Собранието на СФРЈ при утврдувањето на политиката и донесувањето на сојузните закони, другите прописи и општи акти. Сојузниот извршен совет ќе поднесува одоговорност за прописите што ги донесува, како и за вршењето надзор над работата на сојузните органи на управата, особено во поглед на прописите што ги донесуваат функционерите кои раководат со тие органи и на нивното укинување или поништување кога се во спротивност со сојузен закон, друг пропис или општ акт на Собранието на СФРЈ или со пропис на Сојузниот извршен совет. Во врста со тоа, кога ќе оцени дека е тоа потребно, Сојузниот извршен совет и самиот треба да поставува прашање за својата доверба пред Собранието на СФРЈ.

Сојузниот извршен совет и органите одговорни пред него во постапката на усогласување на сојузните прописи со Амандманите на Уставот на СФРЈ посебно ќе ги преиспитаат решенијата што се однесуваат на одговорноста и ќе предлагаат односно ќе донесат решенија за мерките со кои ќе се унапреди одговорноста;

4) Уставниот суд на Југославија и уставните судови на републиките и автономните покраини треба повеќе да се ангажираат во преземањето мерки за обезбедување на уставноста и законитоста, заштита на самоуправувањето и слободите и правата на граѓаните и на самоуправните организации и заедници. Уставните судови и предлагачите овластени за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на прописите и општите акти и на самоуправните општи акти треба повеќе отколку досега да ја остваруваат својата улога во поведувањето иницијатива односно поднесувањето предлог за поведување на таа постапка;

5) Сојузниот суд, републичките врховни судови, покраинските врховни судови и Врховниот воен суд треба и натаму да ја унапредуваат практиката на заземање начелни ставови за прашањата што се од интерес за единствената и доследна примена на нормите и одговорноста. Судовите треба значително да ја засилат и активноста во вршењето на својата функција на следење и проучување на општествените односи и на појавите што се посебно значајни и за остварувањето и унапредувањето на одговорноста и, во врска со тоа, да даваат предлози;

6) Сојузното јавно обвинителство и другите јавни обвинителства, во рамките на своите права и должности, треба поефикасно да ги гонат сторителите на казниви дела, почитувајќи го стриктно принципот на легалитет, како и да го известуваат редовно собранието на соодветната општествено-политичка заедница за применувањето на законите;

7) Сојузното јавно правобранителство и другите јавни правобранителства, во рамките на своите права и должности, треба повеќе да се ангажираат врз превентивното дејствување во заштитата на имотноправните интереси на општествено-политичките заедници како и на интересите на организациите, заедниците и здруженијата што му се обраќаат заради давање мислење за правната исправност на договорите што ги склучуваат, посебно на договорите со меѓународен елемент;

8) Сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето и другите општествени правобранители на самоуправувањето, во рамките на своите права и должности, ќе ја засилат активноста, особено во превентивната заштита на општествената сопственост и самоуправните права и во предлагањето да се поведе постапка за утврдување на одговорноста на сите оние што ги повредуваат општествената сопственост и самоуправните права и повеќе ќе се ангажираат во следењето и проучувањето на општествените појави и на односите од интерес за остварувањето на своите функции;

9) во работата врз новиот устав на Социјалистичка Федеративна Република Југославија посебно треба да се разгледаат сите прашања значајни за остварувањето и унапредувањето на одговорноста во социјалистичкото самоуправно општество, а посебно за остварувањето на реформата на стопанскиот и политичкиот систем и во текстот на тој устав да се вградат такви решенија со кои поцелосно се обезбедуваат остварување и заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, уставност и законитост, како и рамноправност на народите и народностите, ефикасно функционирање и демократизација на институциите на политичкиот систем и заштита на другите основни вредности на нашето општество, се прецизираат економската, политичката и самоуправната одговорност и се афирмираат принципите на правната држава што се

суштествен услов за ефикасно и доследно остварување на одговорноста.

7. Собранието на СФРЈ, во соработка со собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини, ќе обезбеди следење на спроведувањето на оваа резолуција и ќе презема мерки потребни за унапредување и доследно остварување на одговорноста во социјалистичкото самоуправно општество.

Собранието на СФРЈ ги обврзува своите работни тела, а посебно одборите на Сојузниот собор за општествено-политички односи, за општествено-економски односи и за правосудство, во рамките на својот делокруг, да го следат спроведувањето на оваа резолуција и за тоа редовно да го известуваат Собранието на СФРЈ.

Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, во рамките на своите права и должности, редовно ќе го следат спроведувањето на оваа резолуција и ќе предлагаат односно ќе преземаат мерки и активности за доследно и ефикасно остварување на одговорноста и за нејзино унапредување.

Оваа резолуција ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 787
16 март 1990 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Богдана Глумац – Леваков, с. р.

308.

Врз основа на член 38 став 1 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85, 71/86, 3/88, 59/88 и 85/89), на предлог од Народната банка на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА МОЖАТ ДА ИЗВРШАТ ПРЕБИВАЊЕ НА ДОЛГОВИТЕ И ПОБАРУВАЊАТА СО СТРАНСТВО

1. Народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина може да му даде одобрение на претпријатие и на друго правно лице (во натамошниот текст: претпријатие) да изврши пребивање на долговите и побарувањата со странство.

Одобрението од став 1 на оваа точка го издава народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина на чија територија се наоѓа седиштето на претпријатието – извозник на стоки и услуги, врз основа на барање, кон кое се прилага следната документација:

1) договор или друг документ од кој се гледа дека побарувањето настанало со странско лице;

2) писмена согласност од странската фирма за пребивање на долговите и побарувањата.

2. Одобрението од став 1 на оваа точка се издава под услов:

1) по извршениот извоз на стоки и услуги во земјата на купувачот на стоки да е воведено ембарго на плаќањата, да е извршен државен удар, да избила војна или настанала елементарна непогода (земјотрес, поплава, пожар), што се докажува со поднесување на потврда од дипломатското односно конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или потврда од претставништвото на Стопанската комора на Југославија во односната земја.

2) по извршениот извоз на стоки и услуги да е поведена постапка за принудно поравнување на странската фирма, односно стечајна постапка, односно арбитражна постапка или судски спор пред надлежен суд. Во тој случај, наместо согласност од странската фирма, претпријатието и поднесува на надлежната народна банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина потврда од дипломатското односно конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, или потврда од претставништвото на Стопанската комора на Југославија во односната земја, со која докажува поведување на односната постапка, а во случај спорот да се води кај домашен суд – исправа од тој суд;

3) да е поведена постапка за принудна управа односно стечај на домашното претпријатие во согласност со сојузниот закон со кој се уредува стечајната постапка;

4) да се во прашање трошоци во странство, настанати со давање услуги во меѓународниот транспорт на стоки и услуги.

3. По исклучок од одредбите на точка 2 од оваа одлука, одобрение за пребивање на долговите и побарувањата со странство, народната банка од точка 1 на оваа одлука може да издаде и во други случаи, ако наплатата по настанатото побарување односно долгување со странското лице не може на друг начин да се изврши.

Ако побарувањето настанало по основ на извоз за кој е користен кредит од банка овластена за работи со странство, за што претпријатието дава писмена изјава, одобрението од став 1 на оваа точка може да се издаде само при согласност на банката – кредитор.

Ако за извоз по кој настанало побарување кое не може да се наплати е користен кредит од примарната емисија во рамките на реесконтната квота, одобрението од став 1 на оваа точка може да се издаде под услов банката до моментот на пребивањето на долговите и побарувањата да го вратила тој кредит до износот на побарувањето што се пребива според тоа одобрение.

4. Одобренија за пребивање на долговите и побарувањата со странство можат да се издадат и ако во пребивањето учествуваат повеќе претпријатија или повеќе странски лица, кои за пребивањето дале писмена согласност.

Барањето за добивање одобрение за пребивање на долговите и побарувањата од став 1 на оваа точка го потпишуваат сите лица кои учествуваат во пребивањето. Кон барањето се прилага фотокопија на согласноста на странските лица.

Народната банка која издала одобрение за пребивање на долговите и побарувањата е должна за тоа да ги извести народните банки што вршат девизна документарна контрола на претпријатијата-учесници во тоа пребивање.

5. Долговите и побарувањата со странство во клириншки девизи не можат да се пребиваат.

6. За работите што се однесуваат на производи со посебна намена и на други форми на економски односи со странство од посебен интерес, одобрение според оваа одлука дава Народната банка на Југославија – Воениот сервис.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите под кои организациите на здружен труд можат да ги пребиваат долговите и побарувањата со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/85 и 19/88).

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 120
23 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

309.

Врз основа на член 76 ст. 4 и 5 од Законот за надворешнотрговското работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/89), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ПОВРАТ НА ЦАРИНСКИТЕ, ДАНОЧНИТЕ И ДРУГИТЕ ДАВАЧКИ И ЗА ДРУГИ МЕРКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ

1. Во Одлуката за поврат на царинските, даночните и другите давачки и за други мерки за поттикнување на из-

возот („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/89, 88/89 и 3/90), по точка 9 се додава нова точка 9а, која гласи:

„9а. Претпријатието што во текот на годината конвертибилните девизи остварени со извоз на стоки и услуги ќе ги продаде на единствениот девизен пазар во износ поголем од девизниот одлив по сите плаќања спрема странство извршени со купување на девизи на единствениот девизен пазар може на динарската противвредност на таа разлика да оствари право на поттикнување, и тоа:

1) по основ на извоз на стоки по стапка од 7%;

2) по основ на извоз на услуги по стапка од 3%.

Пресметката на поттикнувањето од став 1 на оваа точка се врши месечно, со тоа што пресметките за секој наредeн месец се вршат кумулативно, почнувајќи од 1 април 1990 година за таа година, а за секоја наредна година - почнувајќи од 1 јануари.

Претпријатието што во текот на годината го остварило правото од став 1 на оваа точка е должно да поднесе конечна годишна пресметка најдоцна до 31 јануари наредната година.

Ако врз основа на годишната пресметка се утврди дека претпријатието наплатило поголем износ на поттикнување отколку што по конечната пресметка му припаѓа, е должно во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на годишната пресметка да изврши поврат на повеќе примените средства на име поттикнување - на сметката од точка 16 на оваа одлука заедно со затезната камата.

2. Упатство за примена на оваа одлука донесува сојузниот секретар за економски односи со странство.

3. Оваа одлука влегува во сила на 1 април 1990 година.

Е. п. бр. 123
22 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

310.

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за привремени мерки за претворање на курсните разлики по депонираното девизно штедење кај Народната банка на Југославија во јавен долг на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 85/89), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА НА УТВРДУВАЊЕ НА КАМАТНИТЕ СТАПКИ ЗА ДЕПОНИРАНОТО ДЕВИЗНО ШТЕДЕЊЕ СПРЕМА КАМАТИТЕ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ДОМИЦИЛНИТЕ ВАЛУТИ

1. Со оваа одлука се утврдува височината на камата во земјите на домицилните валути врз чија основа Народната банка на Југославија им плаќа камата на деловните банки на депонираното девизно штедење, штедилниците и банките во одделни земји чии каматни стапки ќе се следат, начинот на собирање информации за движењето на каматните стапки во тие земји, начинот и роковите за пресметување на каматните стапки во тие земји и начинот на известување на југословенските банки и штедилници за височината на каматните стапки во тие земји.

2. Каматните стапки на девизните депозити и девизните штедни влогови се следат кај следните странски штедилници и банки, и тоа за:

1) австрискиот шилинг (ATS)
- Zentralsparkasse und Kommerzbank, Wien;
- Raiffeisen - Zentralkasse, Wien;
- Salzburger Sparkasse, Salzburg;

2) францускиот франк (FRF)
- Banque de Paris et des Pays-Bas, Paris;
- Banque Nationale e Paris, Paris;
- Credit Lyonnais, Paris;
- Societe Generale, Paris;

3) италијанската лира (ITL)
- Banca Commerciale Italiana, Milano;
- Credito Italiano, Milano;
- Banco di Roma, Roma;

4) западногерманската марка (DEM)
- Postsparkasse;
- Stadtsparkasse или Sparkasse München, Stuttgart, Düsseldorf, Dortmund, Hanover, Koeln, Frankfurt;

5) швајцарскиот франк (CHF)
- Postsparkasse;
- Stadtsparkasse или Sparkasse;
- Zürich, Bern, Luzern, Geneve;

6) шведската круна (SEK)
- Postoch kreditbanken, Stockholm;
- Skandinavska Enskilda Banken, Stockholm;
- Svenska Nandelsbanken, Stockholm;

7) англиската фунта (GBP)
- Barclays Bank, London;
- Midland Bank, London;
- Lloyds Bank International, London;
- National Westiminster Bank, London;

8) канадскиот долар (CAD)
- Royal Bank of Canada, Montreal;
- Toronto Dominion Bank, Toronto;
- Canadian Imperial Bank of Commerce, Toronto;

9) американскиот долар (USD)
- Chase Manhatten Bank, New York;
- Manufactures Hanover Trust Company, New York;
- Citibank New York;
- Chemical Bank New York;

10) австралискиот долар (AUD)
- Savings Bank of South Australija, Adelaide;
- Australia and New Zealand Banking Group, Sydney;
- Westpac Banking Corporation, Sydney;
- Commonwealth bank Sidney.

3. Височината на каматната стапка на девизните сметки и на девизните штедни влогови во валутите од точка 2 на оваа одлука се пресметува како аритметичка средина на тековните каматни стапки на странските банки и штедилници од таа точка. Каматната стапка се утврдува со два децимала, со заокружување на вториот децимал на 0 (нула) односно на 5 (пет).

На девизното штедење во данска круна (DKK) каматната стапка се определува во височина на каматната стапка утврдена за шведската круна (SEK), а на девизното штедење во другите валути кои не се наведени во точка 2 на оваа одлука каматната стапка се определува во височина на најниската каматна стапка утврдена со оваа одлука за секоја категорија на рочност.

4. За следење и доставување на податоците за каматните стапки на штедилниците и банките на земјите на домицилната валута се определуваат следните банки односно претставништва:

1) во Австрија - Adria Bank A.G. Wien;

2) во Франција - Banque Franco Yougoslave, Pariz;

3) во Италија - Заедничкото претставништво на југословенските банки, Милано;

4) во Германија - LHB Internationale Handelsbank AG; Frankfurt an Main;

5) во Швајцарија - Југобанка Претставништво Цирих;

6) во Шведска - Претставништвото на Белградската здружена банка Information Biro Stockholm;

7) во Англија - Anglo-yugoslav (LTD), London;

8) во Канада - Стопанска банка Здружена банка Скопје Representative Office, Toronto, Ontario;

9) во САД - Југобанка New York Agency - New York;

10) во Австралија - Стопанска банка Претставништво Sydney.

Југословенските банки и финансиски институции од став 1 на оваа точка ќе ги следат и ќе ѝ доставуваат податоци на Народната банка на Југославија на 15 јуни и 15 декември тековната година со примена од 1 јули тековната и 1 јануари наредната година.

Каматните стапки на девизното штедење кај банките ќе се менуваат за наредното полугодие ако со пресметување по одредбите на точка 3 од оваа одлука се утврди дека дошло до промени на просечната каматна стапка најмалку за 0,50 процентни поени повисоко или пониско во однос на важечката каматна стапка. Народната банка на Југославија е должна да ги извести за овие промени сите банки до 25. во месецот кој му претходи на полугодието во кое почнува нивната примена.

5. Кај странските банки и штедилници се следат каматните стапки за штедење по видување и ненаменски ороченото штедење на 12, 24, 36, 48 и 60 месеци.

Ако од податоците кај странските штедилници и банки на земјата на домицилната валута не можат да се утврдат каматните стапки во роковите од став 1 на оваа точка, ќе се постапи на следниот начин:

1) височината на каматната стапка за штедење по видување ќе се пресметува врз основа на податоците од странските банки за височината на каматната стапка за орочените депозити на најприближниот рок кој не може да биде подолг од 6 месеци, намалени за 0,50 процентни поени или врз основа на податоците од тие банки за височината на каматната стапка на најнискиот износ на депозитот што се вкаматува или врз основа на податоците од тие банки за височината на каматната стапка за орочени депозити на рок од една година намалени за 2 процентни поени.

При пресметувањето на основот за утврдување на височината на каматната стапка за штедење по видување задолжително ќе се користи редоследот од одредбата под 1 на оваа точка, зависно од податоците на странските банки;

2) височината на каматната стапка за штедење орочено на рокот од став 1 на оваа точка се пресметува така што височината на каматната стапка за штедење по видување се зголемува за 2 процентни поени во случај на орочување на рок преку една година, а за секој натамошен рок на орочување така пресметаните каматни стапки се зголемуваат за 0,50 процентни поени.

Ако за некоја рочност од оваа точка нема адекватни податоци од странските банки на земјата на домицилната валута, а притоа е позната височината на каматната стапка за штедење по видување и за една од рочностите, каматната стапка за рочноста за која недостига податок ќе се утврди според односот на каматните стапки меѓу штедењето по видување и ороченото штедење кај странските банки и штедилници во таа земја.

6. Тековните каматни стапки по влоговите на штедење во валутите од точка 3 на оваа одлука во одделни земји од таа точка ќе ги следи Народната банка на Југославија.

Врз основа на податоците од точ. 4 и 5 на оваа одлука, гувернерот на Народната банка на Југославија ја утврдува височината на каматните стапки за наредниот период и за тоа ги известува навремено банките.

7. Банките во согласност со својата деловна политика можат да утврдат стимулативни износи над височината на каматните стапки утврдени по одредбите на оваа одлука.

8. Народната банка на Југославија ќе им го надомести на банките износот на каматата во височина на каматните стапки утврдени со одредбите на оваа одлука, освен каматните стапки од точка 7 на оваа одлука спрема стварната валутна и рочна структура на депонираното девизно штедење.

Исплата на средствата од став 1 на оваа точка се врши врз основа на пресметката што банките ѝ ја поднесуваат на Народната банка на Југославија по истекот на секое полугодие.

9. За првото полугодие од 1990 година се утврдуваат каматните стапки на депонираното девизно штедење дадени во Прегледот на височината на годишните каматни стапки, кој е отпечатен кон оваа одлука и претставува нејзин составен дел.

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 119
15 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

ПРЕГЛЕД НА ВИСОЧИНАТА НА ГОДИШНИТЕ КАМАТНИ СТАПКИ

Валута	За орочено штедење без намена на рок:					
	За штедење по видување	преку 12 месеци	преку 24 месеци	преку 36 месеци	преку 48 месеци	преку 60 месеци
1	2	3	4	5	6	7
1. Австриски шилинг (ATS)	3,00%	3,50%	3,75%	4,00%	4,50%	5,00%
2. Француски франк (FRF)	7,50%	9,50%	10,00%	10,50%	11,00%	11,50%
3. Италијанска лира (ITL)	2,85%	4,85%	5,35%	5,85%	6,35%	6,85%
4. Германска марка (DEM)	3,00%	3,80%	4,10%	4,55%	5,05%	5,50%
5. Швајцарски франк (CHF)	3,75%	5,75%	6,25%	6,75%	7,25%	7,75%
6. Шведска круна (SEK)	2,00%	10,50%	11,00%	11,50%	12,00%	12,50%
7. Англиска фунта (GBP)	6,00%	8,00%	8,50%	9,00%	9,50%	10,00%
8. Канадски долар (CAD)	9,00%	11,00%	10,75%	10,50%	10,35%	10,25%
9. Американски долар (USD)	6,85%	7,25%	7,25%	7,35%	7,40%	7,50%
10. Австралиски долар (AUD)	9,00%	15,50%	13,90%	13,40%	13,65%	13,50%
11. Други валути	2,00%	3,50%	3,75%	4,00%	4,50%	5,00%

311.

Врз основа на член 347 точка 10 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОТВОРАЊЕ КОНЗУЛАТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО НАГОЈА, ЈАПОНИЈА

1. Се отвора Конзулат на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со почесен конзул на чело, со седиште во Нагоја, Јапонија, со конзуларно подрачје што ги опфаќа префектурите: Шизуоака, Аиќи, Гифа, Шига, Кјого, Мие, Нара, Вакајма, Осака и Хјого.

2. Сојузниот секретаријат за надворешни работи ќе ги преземе потребните мерки за спроведувањето на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 122
22 февруари 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

312.

Врз основа на член 6 од Законот за вршење на менувачки работи и за прометот со ефективни странски пари во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/82, 40/84 и 77/89), на предлог од Народната банка на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА МЕНУВАЧКАТА ПРОВИЗИЈА

1. Во Одлуката за височината на менувачката провизија („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/89) во точка 1 по зборовите: „бензински бонови" се додаваат зборовите: „и бонови за патарина за возилата со странска регистрација".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 121
23 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

313.

Врз основа на член 19 од Законот за здружување во Заедницата на југословенските железници („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/78), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ТЕХНОЛОШКОТО ЕДИНСТВО ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

1. Заради обезбедување на функционирањето на технолошкото единство во железничкиот сообраќај сојузниот секретар за сообраќај и врски ќе определи возови кои на определен ден мораат да сообраќаат по утврден ред на возење, како и други активности што се од значење за уредно, безбедно и непречено функционирање на железничкиот сообраќај.

2. Работоводниот орган во железничко-транспортното претпријатие е должен да определи работници, возни и влечни средства, да обезбеди други услови и да изврши други активност што ќе ги определи сојузниот секретар за сообраќај и врски заради непречено функционирање на железничкиот сообраќај.

34. Со парична казна од 4.500 до 45.000 динари ќе се казни за прекршок железничко-транспортното претпријатие кое не ќе постапи во согласност со мерките и активностите што ги определил сојузниот секретар за сообраќај и врски врз основа на овластувањата од точка 1 на оваа одлука.

Со парична казна од 1.000 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок одговорното лице во железничко-транспортното претпријатие кое не ќе постапи во согласност со обврските од точка 2 на оваа одлука.

4. Со парична казна од 1.000 до 10.000 дианри ќе се казни за прекршок работник - поединец кој не ќе ги изврши обвските што ќе му ги наложи работоводниот орган во согласност со одредбата на точка 2 од оваа.

5. Оваа одлука ќе се применува сé до потполно обезбедување на уредно, безбедно и непречено функционирање на железничкиот сообраќај според редот на возењето.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ.

Е. п. бр. 125
22 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

314.

Врз основа на член 35 став 4 од Законот за признавање на новосоздадени, одобрување да се воведат во производство странски и заштита на сорти земјоделски и шумски растенија („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/80), сојузнио секретар за земјоделство издава

НАРЕДБА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА НОВОСОЗДАДЕНИ И СТРАНСКИ СОРТИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ШУМСКИ РАСТЕНИЈА НА ОГЛЕДНО ПОЛЕ И ВО ЛАБОРАТОРИЈА

1. Со оваа наредба се определува височината на трошоците која подносителот на барањето за признавање на новосоздадена домашна сорта, односно за одобрување да се воведат во производство странски сорти на земјоделски и шумски растенија ја поднесува за испитување на сортата на огледно поле и во лабораторија.

2. Височината на трошоците на испитување на сорта на огледно поле и во лабораторија, по културите, односно по групата култури на пролетната сеидба, односно садење, изнесува, и тоа за:

	Динари
1) јара и тврда пченица	2.754
2) други прави жита и тритикали	3.530
3) пченка и други просолики жита	4.090
4) шеќерна репка	4.668
5) тутун и маслодајна тиква	3.890
6) маслодаен лен	940
7) други индустриски култури (сончоглед, соја, афион, чичока, хмељ и др.)	3.670
8) крмна култура	3.530
9) градинарски култури	4.090
10) овоштарски култури и винова лоза	1.920
11) овоштарски култури и винова лоза до плодоносење	960
12) јасики, врби и иглолисници	280
13) цвеќиња и хортикултурни, ароматични, зачински и лековити растенија	1.850

3. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до крајот на 1990 година.

Бр. 2/0-04-91/001
19 март 1990 година
Белград

Сојузен секретар за земјоделство,
д-р **Стево Мирјаниќ**, с. р.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Правилникот за регистрација на моторни и приклучни возила („Службен лист на СФРЈ" бр. 74/89) се поткраднала долунаведената грешка та се дава

ИСПРАВКА

НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

Во член 12 став 3 наместо бројот: „6" треба да стоја зборовите: „5. став 3".

Од Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски, Белград, 15 март 1990 година.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Правилникот за образецот на возачката дозвола („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/89) се поткраднала долунаведената грешка та се дава

ИСПРАВКА

НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ВОЗАЧКАТА ДОЗВОЛА

Во член 6 наместо зборовите: „бр. 66/81" треба да стојат зборовите: „бр. 13/75".

Од Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски, Белград, 15 март 1990 година.

УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА СИЕРА ЛЕОНЕ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА СИЕРА ЛЕОНЕ

I

Се отповикува
Лилјана Тодорова од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Сиера Леоне со седиште во Конакри.

II

Се назначува
Данило Милиќ, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Сиера Леоне со седиште во Конакри.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 5
29 јануари 1990 година
Белград

Претседател на
Претседателството на СФРЈ,
д-р **Јанез Дрновшек**, с. р.

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ПРИ ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ПРИ ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈ

I

Се отповикува
Милош Крстиќ од должноста постојан претставник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија при Организацијата на Обединетите нации за индустриски развој со седиште во Виена.

II

Се назначува
Д-р Иван Брнелиќ, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Австрија, за постојан претставник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија при Организацијата на Обединетите нации за индустриски развој со седиште во Виена.

III

Сојузниот секретар а надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 8
28 февруари 1990 година
Белград

Претседател на
Претседателството на СФРЈ,
д-р **Јанез Дрновшек**, с. р.

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ПРИ УРЕДОТ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ВО ВИЕНА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ПРИ УРЕДОТ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ВО ВИЕНА

I

Се отповикува
Милош Крстиќ од должноста постојан претставник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија при Уредот на Обединетите нации во Виена.

II

Се назначува
Д-р Иван Брнелиќ, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Австрија, за постојан претставник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Австрија, за постојан претставник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија при Уредот на Обединетите нации во Виена.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр.9
28 февруари 1990 година
Белград

Претседател на
Претседателството на СФРЈ,
д-р **Јанез Дрновшек**, с. р.

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ПРИ МЕЃУНАРОДНАТА АГЕНЦИЈА ЗА АТОМСКА ЕНЕРГИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ПРИ МЕЃУНАРОДНАТА АГЕНЦИЈА ЗА АТОМСКА ЕНЕРГИЈА

I

Се отповикува
Милош Кристиќ од должноста постојан претставник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија при Меѓународната агенција за атомска енергија со седиште во Виена.

II

Се назначува

Д-р Иван Брнелиќ, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Австрија, за постојан претставник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија при Меѓународната агенција за атомска енергија со седиште во Виена.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 10
28 февруари 1990 година
Белград

Претседател на
Претседателството на СФРЈ,
д-р **Јанез Дрновшек**, с. р.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 245 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89 и 72/89), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА СОЈУЗЕН СОВЕТНИК ВО СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Д-р Милутин Ренчиќ, порано заменик на претседателот на Сојузниот комитет за наука, технологија и информатика, се назначува за сојузен советник во Сојузниот извршен совет за работи на научно-технолошкиот развој, раководење и изградба на банка на растителни гени и учествување во работата на работните тела на Сојузниот извршен совет и Собранието на СФРЈ од тие области.

С. п. п. бр. 184
1 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89 и 72/89), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА, ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНА И ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

За помошник на директорот на Сојузниот завод за меѓународна научна, просветно-културна и техничка соработка се назначува Блажо Крстаиќ, досегашен началник на одделение во тој завод.

С. п. п. бр. 185
1 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

Врз основа на член 236 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89 и 72/89), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ЗАМЕНИК НА ГЛАВНИОТ СОЈУЗЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОР

Драган Лазовиќ, досегашен помошник на главниот сојузен девизен инспектор, се назначува за заменик на главниот сојузен девизен инспектор.

С. п. п. бр. 186
1 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

Врз основа на член 238 став 7 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89 и 72/89), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА МЕРИ И СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ

Михаил Ежов, досегашен заменик на директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали, се назначува за вршител на должноста директор на тој завод.

С. п. п. бр. 187
9 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89 и 72/89), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ЦЕНИ

За помошник на директорот на Сојузниот завод за цени се назначува Јован Крстев, досегашен заменик на републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето на СР Македонија.

С. п. п. бр. 188
9 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89 и 72/89), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

За советник на генералниот секретар на Сојузниот извршен совет се назначува Милица Дрaшковиќ, досегашен советник на потпретседателот на Сојузниот извршен совет.

С. п. п. бр. 189
9 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

Врз основа на член 236 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89 и 72/89), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОРОТ НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА МЕРИ И СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ

Милан Межек се разрешува од должноста директор на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали со 28 февруари 1990 година, поради заминување на друга должност.

С. п. п. бр. 190
1 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

Врз основа на член 236 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89 и 72/89), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ГЛАВНИОТ СОЈУЗЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОР

Сава Веселинов се разрешува од должноста главен сојузен пазарен инспектор.

С. п. п. бр. 191
1 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89 и 72/89), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА, ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНА И ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

Се разрешува од должноста помошник на директорот на Сојузниот завод за меѓународна научна, просветно-културна и техничка соработка Мирко Пешевски поради истекот на времето на кое е назначен.

Именованиот, согласно со одредбата на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, се става на располагање.

С. п. п. бр. 192
1 март 1990 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

ОДЛИКУВАЊА

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

– врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичка изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

полковниците: Голиќ Јована Ѓорѓе, Крстиќ Стаје Радомир, Лалиќ Стевана Милан, Ранѓеловиќ Радоја Светислав;

потполковникот: Вујовиќ Васе Чедомир;

– за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

полковниците: Бошковиќ Бошка Петар, Дивац Раде Славко, Ѓокиќ Гојка Стојан, Филимоновиќ Милутина Душан, Гајиќ Љубисава Милан, Јабланов Николе Јован, Јошановиќ Јована Милош, Кандиќ Милована Милан, Китаниќ Николе Владимир, Кнежевиќ Дане Никола, Лабовиќ Александра Момир, Мијовиќ Вука Мирко, Пантелиќ Животе Бранислав, Параќ Анте Иван, Ренѓер Ивана Предраг, Поповиќ Божидара Часлав, Пухариќ Барише Иван, Соколовиќ Ѓорѓа Витомир, Сушиќ Марка Михајло, Теодосиќ Чедомира Слободан, Томашевиќ Милосава Велибор, Виличиќ Мирка Јанко, Вукас Милана Илија;

потполковникот: Петковиќ Средоја Милутин;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на замјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

полковниците: Брајовиќ Станимира Миленко, Димитријевиќ Станимира Драгутин, Гајиќ Гаје Милош, Глигоријевиќ Тодора Божидар, Јоковиќ Грујице Божидар, Јовичиќ Добримира Ацо, Кујовиќ Љубомира Новак, Курузар Милана Никола, Кузман Ѓорѓа Вожидра, Мачиќ Крсте Илија, Петронијевиќ Петра Светислав, Рачиќ Ѓорѓа Илија, Петронијевиќ Петра Светислав, Рачиќ Ѓорѓа Милисав, Савиќ Ѓурѓа Јован, Сикимиќ Милутина Данило, Спасојевиќ Велимира Станимир, Станиќ Драгомира Момчило, Тасески Бошка Јован, Вукосављевиќ Милоша Драган;

потполковниците: Александриќ Љубисава Радојица, Арсенијевиќ Милана Момир, Чук Михајла Томислав, Игњатовиќ Борисава Живорад, Јоциќ Станислава Љубиша, Крбавац Луке Мирко, Лазиќ Јосифа Миливоје, Маврин Стјепана Иван, Нешиќ Радомира Александар, Николиќ

Петра Момчило, Пејић Светозара Веселин, Ристић Милана Милорад, Савчић Милете Срећко, Смиљанић Ђуре Светозар, Стефановски Круме Петар, Стојановић Ђорђа Љубиша, Урл Ђуре Фрањо, Вељковић Стојана Петар, Вељовић Михајла Миодраг, Влајсовић Николе Петар, Вракела Тодора Рајко, Жунић Радомира Слободан;

мајорите: Караичић Петроније Миљко, Николић Верће Димитрије;

капетанот I класа: Љујић Лазара Радоје;

заставникот I класа: Влаховић Јована Мироје;

воениот службеник I класа: Чорлука Љубише Верица;

граѓанските лица на служба во ЈНА: Бохатјук Алексе Славко, Бугарић Јована Србислав, Ћиповић Блаже Момчило, Додир Анте Петар, Ивић Паје Момир, Ускоковић Душана Радоје, Владиковић Милића Весна, Вукаиловић Ђорђа Злата;

